Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## за 9 одделение



Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## за 9 одделение

Скопје 2022

**Издавач:**
Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија

**Наслов на учебниикот:**
„ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ“, за IX (деветто) одделение

**Автори:**
Билјана Синадиновска Шотаровска, наставник во ООУ „Блаже Конески“, Скопје
Татјана Ѓеоргиевска, наставник во ООУ „Јан Амос Коменски“, Скопје

**Рецензенти:**
Проф. д-р Сузана Симоновска, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје
Симона Петковска Илиеска, ООУ „Владо Тасевски“, Скопје
Елена Јовановиќ, ООУ „ Лазо Трповски“, Скопје

**Компјутерска подготовка:**
КОНТУРА, Скопје

**Јазичен лектор:**
Ксенија Митева

**Стручна редакција:**

Фатиме Криваќева

**Техничко уредување:**

Арбериа Десигн - Тетово (Куштрим Арифи)

Со одлука за Националната комисија за учебници за основно и средно образование при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија , со дел. бр. 26-740/1 од 11.08.2021 година се одобрува употреба на овој учебник.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
373.3.016:37.035(075.2)=163.3
ШОТАРОВСКА, Билјана
Граѓанско образование за 9 одделение : Електронски извор / Билјана Шотаровска, Татјана Ѓеоргиевска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022
Текст во PDF формат, содржи 147, [2] стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 10.02.2022. - Библиографија: стр. 144-145
ISBN 978-608-273-028-8
1. Ѓеоргиевска, Татјана [автор]
COBISS.MK-ID 56314629

Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## за 9 одделение



Скопје 2020

# СОДРЖИНА

**ТЕМА 1**
**ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ** [8-31]
- Развој на сопствените особини
- Етичност, вредности и хуманост
- Професионален и кариерен развој

**ТЕМА 2**
**СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** [32-63]
- Прифаќање и почитување на различностите
- Ставови и гледишта
- Конфликти и справување со конфликти
- Интеркултурализмот во граѓанското општество

**ТЕМА 3**
**ГРАЃАНИНОТ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** [64-79]
- Социјална одговорност
- Граѓанските организации и групите на застапување

**ТЕМА 4**
**КУЛТУРАТА, КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ, РЕЛИГИЈАТА И СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ** [80-103]
- Културата и културниот идентитет
- Улогата на религијата во граѓанското општество
- Влијанието на социјалните медиуми врз граѓаните

**ТЕМА 5**
**ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА** [104-129]
- Правда и владеење на правото
- Правна држава
- Изборите и демократските процеси во општеството
- Дравната и јавната администрација во функција на граѓаните

**ТЕМА 6**
**ГРАЃАНИНОТ И ЕВРОПА** [130-147]
- Европската Унија (ЕУ)
- Република Македонија во Европската Унија

# КАКО СЕ КОРИСТИ УЧЕБНИКОТ



# ВОВЕД

Драги ученици,

На часовите по Граѓанско образование ќе имате можност, преку овој учебник, да ги истражувате темите предвидени за деветто одделение во основното образование. Се надеваме дека учебникот ќе ве инспирира критички да размислувате и да решавате проблеми за важни теми од вашето секојдневие. На почетокот ќе се насочите кон развој на компетенции со кои ќе можете да го вреднувате развојот на сопствените особини и да ги согледате напредокот, успесите и предизвиците. Изучувањето на овој предмет ќе придонесе да се ангажирате за развој на заедницата и да бидете компетентни личности, способни да вршат избори во современото општество. Исто така, ќе се стекнете со вештини за учество/волонтерство и поддршка на хуманитарни акции. Ќе се оспособите за активно учество во училиштето и за развивање на интерес, вештини и знаења за вклучување во процесите на донесување одлуки за заедницата. Содржините ќе придонесат да ја развиете вашата личност и темелните човекови вредности. Ќе го зајакнете чувството на праведност, толеранција и одговорност, како и за одговорен живот во демократско граѓанско општество. Во овој учебник се предвидени можности за индивидуална и групна работа која ќе придонесе за самостојно и критичко размислување и примена на усвоените знаења. Функцијата на учебникот е да се почитуваат принципите на современата интерактивна настава, добро осмислена групна работа на учениците во наставата, за да се поттикнува инвентивноста на секој ученик при разработката на содржините и истражувачките активности предвидени за вас, учениците.

Од авторките

# ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ

- РАЗВОЈ НА СОПСТВЕНИТЕ ОСОБИНИ
- ЕТИЧНОСТ, ВРЕДНОСТИ И ХУМАНОСТ
- ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- го анализираш и да го вреднуваш развојот на сопствените особини и да ги согледуваш напредокот, успесите и предизвиците;
- поставуваш реални цели коишто се усогласени со твоите особини и можности и да бидеш одговорен и упорен во постигнувањето на истите;
- го опишуваш однесувањето во етички чувствителни ситуации (морални дилеми);
- ги анализираш и да ги вреднуваш можностите за хуманитарно дејствување на општествено ниво и да се вклучуваш во дејствувањето;
- учествуваш и да поддржуваш хуманитарни акциии и да волонтираш во хуманитарни организации;
- ги истражуваш можностите за продолжување на образованието и нивното влијание при изборот на професијата;
- демонстрираш позитивен став кон учењето преку примери кои ја докажуваат потребата од доживотно учење;
- поставуваш реални цели за учење и за лично напредување.



# TEMA 1





# РАЗВОЈ НА ЛИЧНИТЕ ОСОБИНИ



Деца во развој

Кога денес ќе се погледнете себеси и ќе се споредите самите со времето (на пример кога првпат појдовте на училиште), кои се вашите размислувања, какви ставови имате, кои способности ги поседувате?

Што може да заклучите?

## КАКО МОЖАМ ДА ГО ПРЕПОЗНААМ СОПСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

Најверојатно, повеќето од вас ќе се сетат на некои свои особини кои ги манифестирале при некои случки во семејството или на некои важни настани со вашите најблиски. Но, сигурно е дека секој од вас се сеќава и на својот прв училиштен ден и на тоа какви чувства предизвикало доаѓањето во училиште, средбата со многу други деца, средбата со наставниците.

Повеќето од вас можеби го помнат како прекрасен ден во кој сте запознале еден сосема нов „свет“, но, исто така, ќе се потсетите колку сте биле уплашени, со чувство на неизвесност. Некои од вас се чувствувале необично, бидејќи училиштето им изгледало огромно, непознато, сакале што побрзо да го напуштат за да се вратат дома или на своето омилено игралиште.

Дали се разликуваат училишните впечатоци од вашите сеќавања на шест години, кога ќе ги споредите со вашето денешно доаѓање на училиште на четиринаесет години?



Читањето помага во развојот на личните особини

Доколку имате поинакви доживувања и искуства, на што се должи тоа? Дали можеби се сменило училиштето или вие се сменивте оттогаш до денес?

Да претпоставиме дека учите во истото училиште – најверојатно секој од вас ќе одговори: јас се сменив, пораснав, чувствата ми се поинакви, се здобив со нови знаења, не се плашам повеќе од неуспех, научив многу нови нешта, стекнав драгоцени другари, пријателства, за првпат се вљубив на екскурзија или слично. Училиштето ми стана омилено место за здобивање и унапредување на моите вештини, знаења, способности, споделување искуства, омилена музика, хоби или спортски резултати.

**Развојот на вашите особини настанува како резултат на вашето созревање, растење и тој процес се нарекува развој на личноста.**



Фер однос помеѓу децата

## ГО СОГЛЕДУВАМ СОПСТВЕНИОТ НАПРЕДОК

Секое дете напредува кога се здобива со знаења и вештини како што се, на пример, читање, пишување, сметање. Врз основа на овие знаења и вештини детето развива други знаења, вештини и способности. На пример, решавање сложени математички проблеми, пишување есеи, поетски творби, репродуцирање и креирање на музички и ликовни творби, и на тој начин ја изразува сопствената креативност.

Децата, во текот на растењето, учат и да соработуваат меѓусебно, што е многу важно за понатамошна успешна тимска работа. Тие се поттикнуваат да сочувствуваат со другите луѓе, пред сѐ со своите другари и другарки во различни животни ситуации. Учат да ги препознаат различните емотивни состојби, се здобиваат со умеења и вештини кои ќе им помогнат да надминат некоја состојба на тага или разочарување. Децата, низ процесот на растењето и развојот, се здобиваат со способност да ги контролираат чувствата.



Искрен однос помеѓу децата - толеранција и пријателство

Така, на пример, за едно прваче е очекувано да се расплаче кога ќе му падне ужинката. Но, за дете во петто одделение или во деветто одделение, тоа е ситуација која брзо се надминува со пронаоѓање на соодветно решение.

Помалите деца имаат понизок праг на толеранција, бидејќи и толеранцијата се учи. Децата учат како да станат трпеливи и да имаат самоконтрола над некои неочекувани случувања. Учат како соодветно да реагираат за својата возраст во однос на различните лични карактеристики на другите деца, како што се физичкиот изглед, интелектуалните способности, начинот на живот, ставови, верувања и обичаи.



Чесниот однос подразбира враќање на она што не е наше

Една од најважните **особини** која се очекува детето да ја препознава како важна и корисна за сите во заедницата е чесноста.

**Чесноста е** искрен однос кон себе и кон другите луѓе. Чесните луѓе прават дела кои се корисни, а тоа не го прават поради интерес или со очекување да им се возврати со некоја услуга, туку поради сопствена морална одговорност. Постојат и други особини кои се многу важни за доброто живеење во потесната и пошироката заедница, исто како што постојат и такви особини кои тоа го спречуваат.

Кои особини, според вашето мислење, придонесуваат за доброто на сите, а кои им се спротивни?

## ДА СИ ПОСТАВИМЕ ЦЕЛИ ВО СОГЛАСНОСТ СО СОПСТВЕНИТЕ ОСОБИНИ И МОЖНОСТИ

Децата сакаат да размислуваат за себеси во иднина: како ќе изгледаат, што ќе работат, каков живот ќе имаат. Подеднакво е важно тие да се поттикнат да размислуваат во иднина и за следниве прашања:



Сè во природата се развива, па и човекот

Каква личност сакам да бидам?
Како сакам да живеам и што сакам да направам?
Каков свет сакам да изградам?

Во животот природно е да се доживуваат успеси, но и неуспеси. Неуспехот е дел од развојот и може да се надмине со поставување на реални цели и со правење на план за реализација на поставените цели.

Откако ќе си поставиме реални цели кои ќе можеме да ги оствариме во определена временска рамка, правиме план кој може да ни помогне да ги зголемиме своите организациски способности. Со планот можеме да предвидиме со кои проблеми ќе се соочиме, да ги бараме начините за нивно надминување. Потоа да размислиме кој може и како може да ни помогне и, на крајот, да изведеме заклучок дали сме успеале да ја постигнеме целта, а со тоа и дали сме го совладале неуспехот.



Успехот во училиштето е дел од личниот развој

Затоа, целите кои си ги поставуваме треба да се согласно сопствените особини и можности. Во остварувањето на зададените цели многу е важно да не се откажуваме лесно. Треба да сме упорни и да градиме позитивен однос кон проблемите, согледувајќи ги како предизвици со кои ни е интересно да се соочиме и да ги надминеме.

Често за учениците некои математички проблеми или решавањето на хемиски задачи или проблеми во физиката предизвикуваат отпор, бидејќи им претставува голем напор да ги разберат или да ги решат.

**Со соодветна поддршка и верба во сопствените капацитети, со вложување на труд развиваме важни особини, како истрајност и оптимизам со кои ќе го совладаме отпорот и ќе успееме.**

Секој од нас има неколку работи во животот во коишто ужива и кои, додека ги прави, целосно е исклучен од збиднувањата околу себеси. Внесени во таа активност, не мислиме на гледање телевизија, спиење, јадење и кога сме мошне пасивни, туку, кога нешто активно правиме. Ваквите доживувања може да се наречат искуства на „понесеност“ и се сметаат за многу важни за нашата благосостојба или среќа. Чувството на напредок е клучно за доживување на задоволство од она што го правиме. Напредокот кој го постигнуваме во одредена област благодарение на сопствениот труд, интереси и посветеност нè доведува до развој.

При процесот на развој откриваме кои квалитети се својствени за човекот, за да заснова добар живот и соживот со другите.

**Некои од поважните особини за нашите социјални и емоционални вештини се: соработка, креативност, самоконтрола, емпатија, толеранција, оптимизам и чесност. Тие го поткрепуваат хармоничниот живот на поединецот и општеството.**

Ниту една од овие особини не може да придонесе за развој на заедницата ако е изолиран „остров“. Сите тие особини меѓусебно треба да се поврзани, испреплетени за да претставуваат темели на развиеното општество.

Развивањето на личните позитивни особини доведува до позитивни движења во општеството, бидејќи општеството го сочинуваат поединиците. Какви особини ќе развиваат поединците, такви вредности ќе има во општеството. Стремежот за нешто што треба да е заедничко и корисно за сите граѓани се нарекува општо добро, а тоа меѓу другото се базира на усвоените вредности.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Сподели ја со другарот/другарката твојата омилена активност која ќе ја препознаеш како „понесеност", а потоа и како се чувствуваше последен пат кога го правеше тоа. Всушност, таа активност може да биде сѐ на што си целосно посветен/а, нешто што уживаш да го правиш толку многу што те понесува, нешто за кое иако се трудиш не го доживуваш како мачно. Идеалниот пример е активноста во која мислиш дека се подобруваш со текот на времето. Обиди се да им ги пренесеш на другарите/ другарките чувствата што ги предизвикува оваа активност кај тебе и, доколку е можно, обиди се да им покажеш нешто поврзано со таа активност (твоја изработка или вештина). Охрабри ги со одговорите да ти поставуваат прашања.

Што е тоа „нешто" за тебе? Земи еден лист и нацртај како се чувствуваш додека се занимаваш со таа активност. Запомни каде си, што правиш, со кого си, што е најдобро во тоа што го правиш? Потоа, во мали групи, раскажете си меѓусебно за својата „понесеност".

- Постои ли нешто што споделуваш со другите и што повеќето од вас сакате да го правите?
- Дали е тоа активност во која доживуваш „понесеност"?
- Зошто се важни ваквите искуства?
- Дали понекогаш чувствуваш дека потполно уживаш во тоа што го правиш на училиште? Како за тебе би изгледала наставата во која ќе има повеќе можности за „понесеност"?

Најверојатно ќе слушнете различни одговори за тоа што претставува состојба на „понесеност" за секој од вас. Очекувано е, исто така, некои ученици да немаат искуство со активност која потполно ги преокупира и уживаат во неа. Потрагата по тоа „нешто" треба да продолжи. Сигурно ќе се откријат пред вас нови предизвици и околности кои ќе го окупираат вашето внимание и ќе ви причинат задоволство.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

**Мојот идентитет**

Размислувај за себе и одредени аспекти од твојот идентитет.

Одговори на следните прашања:

- Кои особини ги поседувам? (на пример: истрајност, отвореност, сочувствителност, избувливост, трудољубивост, дружељубивост, отвореност, повлеченост, мрзеливост, креативност, љубопитност, реалистичност, приспособливост и сл.)
- Кога, во кој период од животот (мало дете, предучилишна возраст, училишна возраст) станав свесен/свесна за овие особини?
- На развојот на овие особини ми влијаеа: семејството, училиштето, врсниците, друг/и (кој/кои).
- Кои особини ги делам со повеќето од моите врсници? Кои особини се карактеристични само за мене?
- Каква личност сакам да станам? Кои особини сакам да ги променам, кои дополнително да ги развијам? Што треба да направам за да ги развијам оние особини кон кои се стремам?

### Активност 2:

**Интервју**

Работете во парови. Дознај што повеќе за твојот соученик/соученичка и поставувај му/ѝ прашања за да му/ѝ помогнеш да ја дефинира својата цел и планот како да ја оствари истата. Користи ги следните четири чекори:

**Чекор 1**

Поставување на цел. Замисли се себеси за една година. Што би сакал/сакала да постигнеш? Какви цели имаш поставено за себе? Избери една цел на која ќе работиш. Ако твојот другар/другарка има проблем околу дефинирање на целта, постави му/ѝ некое од следните прашања: Што најмногу сакаш да правиш (на училиште, во слободно време)? Што те прави среќен/а? Во што си најдобар/а? За што другите би рекле дека си добар/а (дека те бидува)? Што мислиш сега, која е твојата цел?

**Чекор 2**

Направи план. Што е најважно за да се оствари твојата цел? Што треба да научиш, да направиш, да извежбаш, да промениш за да се оствари твојата цел? Кои вештини треба да ги развиеш? Како се замислуваш себеси откако си ја остварил/а својата цел? Што е следно?

**Чекор 3**

Разработи ги првите чекори што треба да ги преземеш. Што прво ќе направиш (уште денес или утре)? Кој може да ти помогне? Што следно ќе направиш? Колку време ќе ти биде потребно? Што може да излезе како пречка/проблем? Како ќе ја надминеш? Што ќе преземеш и кој може да ти помогне?

**Чекор 4**

Променете ги улогите во паро т.



# ЕТИЧНОСТ, ВРЕДНОСТИ И ХУМАНОСТ

## ОДЛУКИТЕ КОИ ГИ НОСИМЕ ТРЕБА ДА СЕ ЕТИЧКИ!

Што треба да се преземе за да се постапи етички исправно?

Постојат повеќе начини за да се дојде до етички оправдана одлука. Образложенијата кои се наведуваат, или аргументите кои се даваат за да се поткрепи одлуката, се подеднакво важни со тоа какви одлуки се носат. **Ако аргументите кои се даваат се водени од позитивни, универзални, хумани причини, тогаш се вели дека има етичност во одлучувањето.**

Да го разгледаме примерот!

Во еден регион на државата постои истражување кое покажува дека со испитувањето на почвата е откриен голем процент на злато и огромен процент на бакар. Во интерес на стопанството е да се отвори рудник во кој би се вработиле околу 1000 луѓе кои на тој начин би го решиле својот егзистенцијален проблем. Инаку, селаните во тој регион едвај преживуваат од земјоделство и сточарство.

На десетина километри од местото што е предвидено за рудник се наоѓа мочуриште со редок вид на флора и фауна. Овој регион е прогласен за споменик на природата, а посебно е заштитен и т.н. кралски папрат.

Во мочуриштето живеат неколку видови ретки птици, меѓу кои и големата бела чапја, потоа блатната желка, змиите-белоушка и ескулаповиот смок, а од растителниот свет најинтересни се влажните ливади со виолетов салеп. Со закон е пропишано дека доколку во одредена област се открие можност за развој, државата треба тоа и да го овозможи. Со подзаконски акти е загарантирано дека, доколку се открие руда во почвата, треба да постои научна студија за заштита на природната средина со која се проценува ризикот за еко средината.

Доколку почне да се експлоатира рудата и се отвори рудникот, постои опасност да се користи цијанид, бидејќи тоа е супстанција за добивање на злато и на бакар. Употребата на цијанид во многу региони во светот покажува дека доаѓа до еколошка катастрофа и затоа еколозите го нарекуваат „еколошка нуклеарна бомба“. Секоја замена за цијанидот е речиси еднакво опасна за еколошката рамнотежа.




Граѓански протести против отворање на рудник кој би ја загадувал животната средина.

- Како ќе ја  разрешиш оваа морална дилема? Што е подобро? Да се обезбеди пристоен живот за многу семејства, со ризик да настрада дел од природата по неколку децении, или да остане мочуриштето, со ризик сите жители да живеат во сиромаштија?
- Врз основа на кои аргументи го направи изборот? Што размислуваше кога одбираше? Кои решенија може да се понудат, а истите тие решенија да водат кон општо добро? Кој е моралниот аргумент со кој ќе се заштитат највисоките човекови вредности?

Како може да се надмине оваа состојба?

На пример, можни се следниве образложенија:

1. Рудникот да се отвори по секоја цена затоа што на тој начин ќе се вработат 1000 луѓе и нивните семејства ќе имаат сигурна егзистенција. Аргумент е дека поважна е можноста за заработувачка од заштитата на природата.
2. Рудникот да се отвори со изготвување на посебна студија за заштита на животната средина, бидејќи така предвидува законот. Главен аргумент тука е придржување до законите, без разлика до што ќе доведат тие.
3. Рудникот да не се отвори, туку да се направи стратегија за развој на тој регион. Да се заштити како еколошка зона во која ќе престојуваат туристи, а селаните ќе заработуваат од еко туризам.



Имаме морална обврска чистата околина да ја заштитиме и сочуваме




Граѓански протести против отворање на рудник кој би ја загадувал животната средина



Човекот често се наоѓа пред повеќе можни решенија

Во етички чувствителни случаи, често се соочуваме со морална дилема.

**Морална дилема** се појавува кога:

- се наоѓаме во ситуација нашите основни морални принципи да се во судир едни со други;
- одреден морален принцип покажува дека не е доволен, или неговата примена би имала морално погубни последици;
- должностите, вредностите, правата, доблестите или соодветната грижа се меѓусебно важни, а се во судир едни со други. На пример, кога сакате да бидете фер, но, истовремено некој би бил повреден.

Ваквите морални дилеми се дел од нашите животи и ние честопати сме фатени во тешки и збунувачки мисли за тоа што би било морално исправно. Некои од овие дилеми се поврзани со нашиот личен живот и со односите што ги имаме со другите луѓе од нашето секојдневие.

Размислете што е тоа што ве води да донесете одлука во врска со некоја морална дилема. Дали е тоа личниот интерес, дали е покорување на авторитети (родители, наставници, директор)? Дали е поради почитување на законот и редот, дали е поради заштита на некое човеково право и слобода или е поради универзални етички вредности како што се животот, здравјето, достоинството, слободата, правдата?



Морална дилема:

Како правилно да постапам?

„Постапувај според тоа лично начело за кое можеш да посакаш да стане општ закон“

- Имануел Кант

Но, да се вратиме на примерот – ако некој реши да не се отвори рудникот само поради страв од законот или заради казна, тоа е изнудена одлука да постапиме еколошки. Морално пооправдана одлука е кога ќе се реши да не се отвори рудникот поради тоа што го сметаме за неетичко и неморално решение за човекот и за животната средина воопшто. Значи, во зависност од образложението кое го даваме во однос на идентична одлука, се прави голема разлика дали сме етични, хумани и дали нѐ водат повисоки морални вредности.

Во оваа смисла, Имануел Кант рекол: „Две нешта ја исполнуваат душата со секогаш сѐ понов и поголем восхит... ѕвезденото небо над мене и моралниот закон во мене“. Како што во вселената постои ред и хармонија така и во човекот треба да има морален ред и начела.



Замисли дека зад секоја врата се крие некоја вредност. Која врата или врати ќе ги отвориш, односно, кои вредности ќе ги одбереш како твои вредности?

Разговарајте со другарите/другарките за изборот на вредностите кој го направи секој од вас.

## ВРЕДНОСТИТЕ - ТЕМЕЛИ НА ЕТИКАТА

**Вредностите** заземааат клучна улога во етичката димензија на нашиот живот. Вредностите ни овозможуваат да изградиме морални принципи кои, пак, ќе нѐ доведат до остваување на замислените цели за тоа каков живот сакаме да имаме.

Секогаш кога се водиме според вредностите во одлучувањето за моралните дилеми, тогаш вредностите се критериумот според кои донесуваме одлуки.

На пример, вредности според кои се водиме, може да бидат: чесноста, праведноста, слободата, одговорноста, солидарноста. Но, исто така, може да бидеме водени и од лична корист, или „затоа што така прават другите", од потребата да се избегне казна или непријатност, или слични други мотиви. Има ли разлика во овие критериуми според кои се водиме во одлучувањето, особено кога имаме морална дилема? Во што се состои разликата? Кои критериуми водат кон похармонично живеење меѓу пријателите, семејството или во заедницата?

Луѓето вообичаено ги оценуваат постапките според вредностите кон кои тие тежнеат.

Ако, на пример, сметаме дека чесноста и вистината ни се важни вредности, тогаш постапките како што се лажење и мамење ќе ги сметаме за морално неисправни или како морално зло.

Па, така, ако вредноста што ни е важна е вистината, ние ќе ја осудуваме лагата како морално неисправна, но и нема да кажуваме лаги. Нема да лажеме, бидејќи вредноста ни е критериум според кој се водиме, но и цел на нашето дејствување. Не е доволно само да ја препознаваме вредноста како важен критериум за морално промислување, туку и да дејствуваме, односно постапките да ни бидат според вредностите кои ни се важни. Во спротивно, ќе се работи за т.н. лажен морал.

Сите луѓе имаат свои вредности кои им се важни во различен степен и според тоа го градат сопствениот систем на вредности. Некои вредности се заеднички за повеќето луѓе, некои вредности се дури карактеристични за одредени заедници, па и општества.

Општествените вредности кои се заеднички за сите луѓе, се познати како универзални вредности. Доколку луѓето ги практикуваат, тие најверојатно ќе станат: правдољубиви, вистинољубиви и одговорни.

Од вредностите формираме морални начела па, така, ако важна вредност во нашиот вредносен систем ни е правдата, ние ќе формираме морални правила/начела според принципот на правичност и најверојатно ќе дејствуваме според овој принцип.

На пример, праведноста е потреба на сите луѓе - никогаш не нанесувај неправда.

Ако, на пример, се случи да трпиме неправда од некој во нашето опкружување, тогаш можеме да се однесуваме според начелата „врати со иста мерка", или „не им го прави на другите она што не сакаш тебе да ти го направат". Нашата одлука, кое начело ќе го одбереме, ја определува нашата етичност. Секогаш е етички оправдано начелото: „Не му го прави на другиот она што не сакаш тебе да ти го направат". Ова начело води кон **хуманост** и етичност во меѓучовечките односи.

Во етиката, најголемото добро е среќата кон која тежнееме, а доброто треба да се прави поради самото добро, а не поради некоја друга цел.

Уште Аристотел сметал дека човекот ќе биде среќен ако ја развива својата умна природа. Тој смета дека разумот треба да ја насочува нашата волја според начелото на „златна средина", односно избегнување на неумните крајности. Најголема доблест е наоѓањето на средина помеѓу две лоши насоки, премногу или премалку, претерување или недостиг во однос на мерата. Во етиката, секој човек може да оствари некое реално добро, нешто што ќе му овозможи напредок во можностите кои човекот ги носи во себе, или според околностите што му се нудат.

Прочитајте, размислете и разговарајте!



„Чесноста е најголема доблест“

Во трката, (види слика), тркачот Абел Мутаи ја претставувал Кенија, бил на само неколку метри од целта, но тој бил збунет со знакот и застанал мислејќи дека ја завршил трката. Шпанскиот атлетичар, Иван Фернандез бил веднаш зад него и сфатил што се случува, тој почнал да вика на Кениецот за тој да продолжи да трча. Но, Мутаи не знаел шпански и не го разбирал. Тогаш Шпанецот го турнал Мутаи во победа. Еден новинар го прашал Иван: „Зошто го стори тоа?“

Иван одговорил: „Сон ми е дека еден ден ќе можеме да имаме пријатен заеднички живот“. Новинарот инсистирал: „Но, зошто го пуштивте Кениецот да победи?“ Иван одговорил: „Не го пуштив да победи, тој бездруго ќе победеше“. Новинарот пак инсистирал на тоа: „Но, можеше ти да победиш!“ Иван го погледнал и одговорил: „Но, ќе бев ли среќен со победата? Чија ќе беше заслугата за медалот? Што ќе мисли мајка ми за тоа?“

Вредностите се пренесуваат од генерација на генерација. На кои вредности ги учиме децата? Ајде да се учиме да победуваме на фер и чесен начин.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Одбери еден од следниве примери и напиши краток есеј за тоа како е етички оправдано да се постапи.

- Да не препишуваме на тестот, дури и кога наставникот не е во одделението, затоа што сме одговорни и чесни, а не поради тоа што се плашиме дека е забрането или се плашиме дека наставникот ќе нѐ казни. Дали е чесност ако се плашиме од казна или е чесност да постапуваме чесно заради лично убедување за исправност и доблест?
- Зошто е морално признавањето на одредени права на животните како чувствителни суштества?
- Што мислите за клонирањето на луѓето и за интервенциите во генетскиот материјал? Со какви морални дилеми ќе се соочи, најверојатно, во иднина човештвото?




# ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ



Потребно е на учениците стручно да им се објаснат можностите за изборот на нивната идна професија

## СИТЕ ДЕЦА ИМААТ СОПСТВЕНИ ЗАМИСЛИ ЗА ИДНИНАТА

Уште од најрана возраст детето започнува со имагинација и си замислува дека ќе стане она што сака да биде кога ќе порасне.

Во детството и во периодот на рана адолесценција, поединецот е повеќе зависен од мислењата на другите при изборот, но како што созрева, тој или таа станува сѐ повеќе способен/а да ја преземе одговорноста за одлуката.

Детето додека е мало тешко може да заклучи кои средства се најефикасни за постигнување на одредена цел. На пример, способноста за самостоен избор на училиште се зголемува со текот на созревањето.

Со привршувањето на основното образование, учениците размислуваат за можностите што им се нудат, односно како и каде да го продолжат своето образование. Младите, водејќи се од своите афинитети, таленти, способности, се определуваат за она што ги интересира, за она со што би сакале да се занимаваат кога ќе пораснат.

## ИЗБОР НА ЗАНИМАЊЕ - ПРОФЕСИЈА

Една од најважните компоненти на севкупното живеење е токму изборот на **професијата**, затоа што ни обезбедува средства за живот, а од друга страна, затоа што ни дава можност за развивање и за личен раст.

На пример, сите ние од многу мали знаеме што би сакале да бидеме. Обично е тоа некоја професија на некој кому му се восхитуваме, или, нешто што го работат нашите родители или блиски роднини и пријатели.

Како што растат, младите го менуваат тој ран детски избор со друг, главно заснован на интересирањата. Навистина, интересирањата играат важна улога во тоа за која професија ќе се определиме, и токму таа професија да биде нешто во што, освен што ќе вложуваме труд, истовремено и ќе уживаме.

Сепак, зрелиот избор на професијата подразбира да се земат предвид и други, поважни особини како, на пример, способностите, талентот за нешто, па дури и некои лични карактеристики. Така, доколку некој е сочувствителен и подготвен секогаш да им помага на другите, би било соодветно да избере професија како лекар или психолог, а тие што повеќе уживаат во осаменост отколку во друштво, за нив би одговарало некое занимање кое не бара работа со луѓе.

Се разбира, во професијата и при развојот на кариерата треба да се вложува и труд. Ниту една професија не може да се работи без пред тоа да се стекнат компетенции, без да се научи како да се работи и без да вложиме труд во работењето. На тој начин, всушност, ние се развиваме и се подобруваме самите себеси, а воедно стануваме и корисни за заедницата.

Кои се вашите сфери на интересирање, кои вештини ги поседувате, или, пак, сакате да ги развивате?

Дали ќе успеете да заработите доволно со изборот на својата професија за да можете да имате достоинствен живот? Што треба да правите за да станете професионалци или стручни во одредена област?



Професија - лаборант/лаборантка



Професија - полицаец/полицајка



Професија - судија/судијка

## ПРИ ИЗБОРОТ НА ПРОФЕСИЈАТА МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЕ ПОМОШ

Како што поединецот почнува да се информира за можностите при донесување одлуки за сопствената кариера, тој/таа, ќе побара помош од своето семејство, училиштето, наставниците или од заедницата во која живеат. Младите, на овој начин градат одговорност за личните одлуки во врска со својата **кариера** и возрасните треба да ги следат интересите на децата и нивните лични карактеристики. Но, воедно да им бидат и вистинска поддршка на патот по кој детето сака да го продолжи своето образование за да може да се оствари во некоја професија.

Кога ќе одлучувате што сакате да бидете во животот, што е тоа што ве интересира и сакате да го работите, најдобро е да размислите кои способности ги имате, или пак сакате да ги развивате. На тој пат, можете да добиете стручно објаснување за можностите на изборот на идната професија, во смисла на тоа кои ваши лични карактеристики и особини би ви помогнале да ги остварите своите замисли за сопствената професионална определба.

**Професионалната ориентација, има цел професионално да го насочи младиот човек кон професијата што му одговара најдобро.** Професионалната ориентација, пред сѐ, има задача да им помогне на младите да ја изберат својата професија во согласност со своите интересирања и способности.



Професиија - фризер/фризерка



Професија - сликар/сликарка

Прочитајте, размислете и разговарајте!

При изборот на средното училиште, исто така, важна информација е и конкурентноста, односно побарувачката на одредена професија на пазарот на трудот.

Поставете си ги следните прашања:

- Кои се вашите желби и соништа за во иднина?
- Со што би сакале да се занимавате кога ќе бидете возрасни?
- Кои се вашите силни страни кои би ви помогнале во реализацијата на оваа замисла?

Да се работи значи да се вложи труд за да се направи нешто (некаков производ) или да се дадат услуги. На пример, работа на архитектите е да нацртаат и да испланираат како ќе изгледа некоја зграда (производ), на докторите е да прегледуваат и лечат луѓе кои се болни (да даваат услуги). Архитектот и докторот работат за другите луѓе да имаат каде да живеат и да бидат здрави.

Многу е важно додека работиме постојано да се трудиме да бидеме подобри и да научиме нешто ново. Тоа се вика градење на кариера.

На пример: Денис сака да изгради кариера на добар фризер. Затоа тој планира да заврши средно фризерско училиште, да оди на практика кај некој од најдобрите фризери во градот, да започне со практична работа во фризерски салон, да се вработи редовно во некој салон, па подоцна можеби и да отвори свој сопствен салон. За да биде добар фризер, Денис треба постојано да посетува и обуки, да купува списанија и да посетува саеми, за да дознае кои фризури се модерни и кои производи се користат.

Веќе зборувавме што е тоа кариера и спомнавме пример за тоа на кој начин се работи на градењето кариера (примерот со фризерот). Кариерата ги опфаќа знаењето на поединецот, работните места, како и она што го прави во слободно време (на пример, волонтира, чита, итн).

Вие сами треба да изберете што ќе биде вашата кариера. Тоа што го гледате, за што учите, за што се зборува дома (или можеби го работат вашите родители), влијае врз тоа што ќе одберете како кариера. **Планирање на кариера** не значи само „бркање работа“ или студирање „нешто“.

За поголема целисходност и ефективност во избирањето, добро е да сте запознаени со тоа како и каде можете да се обратите. Од наставниците може да добиете информации за различни професии, а од училишниот психолог помош за своите јаки страни.

## РАБОТАТА МУ ДАВА СМИСЛА НА ЖИВОТОТ

Занимањето во голема мерка го осмислува животот на луѓето. Интересирањето влегува во сите пори на нашите животи, создавајќи карактеристични навики, ставови, социјален статус, круг на пријатели, па дури и посебни особини на личноста. Иако работата е често непријатна обврска, затоа што бара постојан напор, исто така е извор на разни задоволства и радости.

Работата го очовечува, хуманизира поединецот. Работата овозможува секој поединец да се чувствува корисен и да придонесува во создавањето на лични и општествени вредности.

## УЧЕЊЕТО НИКОГАШ НЕ ЗАВРШУВА - ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Избирањето на една од бројните професии го прави клучниот пресврт во животот на секој поединец. Може да го одведе поединецот низ патиштата на креативност, достигнување, среќа и задоволство.

За да може човекот да биде успешен во она што го работи, тој/таа прво мора да заврши соодветно образование и да се стекне со потребните знаења и вештини.



Професија - актер/актерка



Професија - готвач/готвачка



Професија - лекар/лекарка

Процесот на избор започнува кога детето ќе се освести и продолжува со усовршувањето преку избор на училишта, обуки, курсеви и различни хоби активности.

**Развојот** е процес кој речиси никогаш не завршува, дури ни за возрасните луѓе. Секогаш постои простор да се научат некои нови работи, да се стекнат нови вештини и знаења, да се надогради личноста во однесувањето. Затоа се вели дека она што ќе се научи на училиште е само почеток на големата „школа на животот“.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

**Кој е твојот „елемент“?**

„Елементот“ е точката кога природниот талент се спојува со личната страст, но, исто така, е поддржан и од можностите од околината. Кога луѓето се во „елемент“, тие најсилно сметаат дека се токму она што се, тие се длабоко инспирирани и постигнуваат успех на највисоко ниво.

Ајде да зборуваме за твоите таленти! Мислиш ли дека имаш некаков талент? Дали си открил/а? Како откри за што си добар/а и што те интересира? Сосема е вообичаено да се „бараш“ на твојата возраст. Има ли некој меѓу вас кој интензивно се занимава со нешто друго освен со обврските за училиште? Дискутирајте малку за тоа.

Во секоја колона, напиши неколку работи (кои се оние што ги сакаш, кои ти „одат“, работи што доброволно ги правиш и за кои имаш поддршка).

| Сакам | „Ми оди од рака“ | Имам волја | Ми помага= имам можност |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Види каде има преклопувања. Она што се појавува во повеќето колони може да биде твојот „елемент“!**

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

**ПРАШАЊА НА ДИСКУСИЈА**

- Колку лесно го пронајде твојот „елемент"? Дали можеби имаш повеќе од еден? Што заклучи? Да можеш да бираш помеѓу тоа во што си добар/а, или тоа што го сакаш, што ќе одбереш? Какви последици може да предизвика избирањето на некоја професија само поради лесно вработување или подобра заработувачка, а не поради искрена предаденост? Дали при одлучувањето ќе се водиш од советите на родителите или од сопствените интереси и зошто?
- Кои се нови професии денес, професии за кои можеби твоите родителите не слушнале? Во што сѐ луѓето можат да бидат вешти односно надарени? Како би ги групирал/ла активностите и занимањата на луѓето?

Дискутирајте како можете да си помогнете меѓусебно за да ја најдете својата „искра" односно смислата во животот?

### Активност 2:

Дискутирајте какви средни училишта постојат во вашата општина/град?

- Побарајте ги конкурсите од минатите години и разгледајте ги можностите за упис во средно училиште.
- Дали во вашата околина (град, општина) има училиште според вашите интереси?
- Распрашајте се во педагошко-психолошка служба што значи професионална ориентација? Психологот може да ти помогне за професионална ориентација..

### Активност 3:

Поставете си прашања меѓусебно за кариерно насочување. Секој ученик/ученичка треба да смисли 1-2 прашања кои се собираат во кутија/сад. Потоа, секој/а извлекува по едно прашање и го одговара.

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

### Активност 1:

Прочитајте и размислете за овие личности!



Една од најинспиративните глуви лица, или глуви жени, е **Хелен Келер** (1880-1968). Таа научила да комуницира и станала позната авторка и политичка активистка. Хелен Келер имала само 19 месеци кога како резултат на треска ја изгубила способноста да гледа и да слуша. Во 1887 година со неа почнала да работи Ен Саливен, со цел да ја научи да комуницира. Тоа било почеток на 49-годишниот период на соработка помеѓу нив. Во 1888 година Хелен го посетувала Перкинсовиот институт за слепи. Во 1894 година, Хелен и Ен се преселиле во Њујорк за да го посетуваат Рајт-Хумансовото училиште за глуви. Во 1898 година се вратиле во Масачусетс и Хелен се запишала на училиште за млади дами во Кембриџ, пред да добие дозвола во 1900 година, да го посетува Ретклифскиот колеџ. Во 1904 година таа дипломирала, станувајќи првото глуво и слепо лице коешто успеало да се здобие со оваа диплома. Хелен Келер станала светски позната говорничка и авторка благодарение на својата голема волја. Борбата против сетилните хендикепи станала нејзина животна мисија. Во 1915 година ја основала „Хелен Келер интернационал", непрофитна организација за спречување на слепилото. Заедно со Ен Саливан посетиле 39 земји ширум светот.



**Стивен Хокинг** (1942 - 2018). Теоретски физичар, астрофизичар, космолог и еминентен научник. На Стивен Хокинг му била дијагностицирана дијагнозата АЛС на 21 година и докторите му предвидувале уште само 2 години живот, но тој живеел до 75 години. Тој бил парализиран од главата до петиците, повеќе од триесет години, и користел помагало за гласот за да може да комуницира. Исто така, користел и инвалидска количка, на којашто работел употребувајќи мали движења на главата и на очите.

Ништо од ова не го спречило да ја развива својата активност како примерен истражувач и професор. Водел интензивен личен живот. Тој е една од најпрепознатливите познати личности на нашето време.



**Фрида Кало** (1907 - 1954). Таа, во текот на детството прележала детска парализа и, според некои извори, имала и „спина бифида", што предизвикало да дојде до дисметрија на десната нога. Покрај тоа, нејзините проблеми со 'рбетот се влошиле од несреќата доживеана во периодот на адолесценција, што оставило физички проблеми и последици во текот на целиот нејзин живот.

Фрида поминала голем дел од својот живот во кревет, страдајќи од силна болка. Дури и така, таа станала една од најпознатите уметници на сите времиња и икона на дваесеттиот век.



**Александар Матовски-Цако** е дипломиран наставник за предучилишно воспитание и денес работи во Општината на Град Скопје. Александар е лице кое има Даунов синдром. За негов голем успех се смета освоеното прво место во Република Полска во танц. Цако, покрај танцувањето, пишува и поезија, има своја радио емисија, и е гласен борец за човековите права. Александар е добитник на многу признанија, сертификати и награди за својата работа, а исто така, беше избран да биде и составен дел од Конференцијата посветена на светскиот Ден на Даунов синдром, која се одржа на 21 март 2016 година, во седиштето на Обединетите нации во Њујорк. Тој е вистински доказ дека и лицата со Даунов синдром можат да постигнат успех во животот, и покрај предизвиците со кои секојдневно се соочуваат.

## Прашања за дискусија

1. Кои лични особини ги развивале овие личности за да ја постигнат својата цел?
2. Зошто е важно да развиваме особини кои ќе нè доведат до личен развој и развој на општеството?

## ПОИМИ:

**Развој:** Развојот е процес што создава раст, напредок или некакви позитивни промени.

**Особини:** Особини на личноста се релативно трајни личносни карактеристики, како цртите на личност, способностите, темпераментот и интересирањата.

**Етика:** Наука за моралот, за моралните принципи и норми и за нивната улога во општествениот и во личниот живот на човекот. Однесување во согласност со нормите и правилата на моралот.

**Хуманост:** Човечност, достоен за човека, човекољубие.

**Вредност:** Вредностите претставуваат идеали, замисли кои посочуваат на она што е значајно, пожелно, вредно. Како составен елемент на моралот го насочуваат човекот кон она што е добро, посакувано и корисно.

**План:** Однапред набележен систем од мерки за навремено исполнување на поставените задачи.

**Кариера:** Избрана професија, служба, занимање; време поминато во некое занимање.

**Професија:** Главна дејност за која се има подготовка и што служи за обезбедување егзистенција.

**Доживотно учење:** Непрекинат процес на себеусовршување.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што се подразбира под развој на личните особини?
- Кои особини на поединецот се позитивни и посакувани?
- Со развојот на кои особини ќе успееш да ги совладаш предизвиците со коишто се соочуваш?
- Зошто е важно да си поставиш реални цели и како можеш да ги оствариш?
- Што треба да превладува при донесување на важни одлуки ?
- Кои се вредностите на кои треба да се повикуваме во случај на морална дилема?
- Зошто е важно да се насочуваме кон општото добро?
- Зошто врвен критериум при донесувањето на одлуките треба да има здравјето, хуманоста, животот и достоинството на човекот?
- Колку е важно каква животна професија ќе одбереш?
- Што треба да земеш во предвид при изборот на својата идна професија?
- Зошто треба да го планираш професионалниот развој ?
- Каква е придобивката од доживотното учење и вложувањето труд?
- Како треба да ги насочуваш своите интереси во однос на изборот на професијата?

# СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

- ПРИФАЌАЊЕ И ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ
- СТАВОВИ И ГЛЕДИШТА
- КОНФЛИКТИ И СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ
- ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- ги почитуваш разликите на етничка, верска, полова и социјална основа преку конкретни примери;
- анализираш примери на дискриминација во услови на современ начин на живеење;
- предлагаш и учествуваш во конкретни активности кои промовираат почитување на разликите и соработка;
- да ги почитуваш различните гледишта кои ги имаат другите за одредена тема;
- да дискутираш за примери на толеранција за различни гледишта;
- определуваш видови конфликти во конкретни конфликтни ситуации;
- анализираш потенцијално конфликтни ситуации во врсничката група;
- предлагаш активности што не промовираат насилство во училиштето;
- правиш разлика помеѓу мултикултурата и интеркултурата;
- изведуваш конкретни активности кои придонесуваат за градење на интеркултурни вредности;



# TEMA 2





# ПРИФАЌАЊЕ И ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

„Никој не се раѓа со омраза кон друга личност само поради тоа што таа личност има различна боја на кожата, различно потекло или различна религија. Луѓето учат како да мразат, тие можат да бидат подучувани и како да сакаат – сакањето е поприродно за срцето на човекот отколку спротивното."

Нелсон Мандела



Разновидноста ги вклучува сите различни луѓе

Секој од нив придонесува со својата посебност, што, всушност, и ја прави нашата земја да биде посебна.

Во секое општество можеме да видиме различни вредности и различни начини на живеење.

Едно општество треба подеднакво да ги почитува сите начини на живот (кои се во согласност со човековите права) и да ги третира со иста почит. А, почитта, се гради преку дискусија, заемно разбирање и желба за компромис. Нашето општество е разновидно и, како што учевме минатата година, разновидноста не е само во врска со етничката припадност, со националноста или со религозноста. Постојат уште многу други видови разлики помеѓу луѓето. Видливи разлики коишто се надворешни и кои демонстрираат работи што не можеме да ги промениме, се возраста, расата, и другите физички атрибути. Сепак, постојат и невидливи разлики кои го вклучуваат она што не се гледа лесно.

На пример, не можеме да видиме нечие работно искуство, не знаеме за брачниот статус на една личност, за неговото образовние, за достигнувањата, за неговите приходи или за неговите верски убедувања.

## ПРЕДНОСТИ НА ПРИФАЌАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ НА ДРУГИТЕ ЛУЃЕ

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Пораснав во едно рурално подрачје каде што немаше различни луѓе по раса, по религија или етничка припадност. Кога го започнав факултетот се преселив во поголем, мултиетнички град, каде што се соочив со различни луѓе и со различни идеи. Нашето минато не мора да нè ограничува – секако дека имав корист од новите идеи и различните луѓе и покрај моите првични почетоци.

- Кои се придобивките од запознавањето и другарувањето со луѓе кои се поразлични од нас?
- Што е она што придонесува да ги прифатиме разликите на другите луѓе?

Мешањето со оние кои се различни од нас значи дека создаваме чувство за поврзаност со нив. Почитувањето на сличностите и разликите на другите ги „отвора вратите" за многу можности. На пример, да научиме нови работи, да се стекнеме со нови пријателства со луѓе од различна етничка, културна или религиозна група од нашата заедница, едноставно, тоа нè прави поинтересни заради нашиот поширок поглед на светот.

Значи, различноста вклучува луѓе со различен пол, возрасти, сексуална ориентација, инвалидитет, религија, верувања и многу повеќе.

Важно е сите да ги почитуваат меѓусебните разлики за да можеме сите да се дружиме, да учиме едни од други и да споделиме мешавина од култури и искуства.



Сè што има големо значење за нашата земја, од музика и мода до храна и јазик, е под влијание на различни етнички заедници, култури и социјални групи

## СИТЕ СМЕ ЕДНАКВИ

Кога бев помлад ме исмеваа затоа што моето семејство немаше пари. Децата се исмеваа со мене затоа што ги немав најновите патики од една популарна марка, односно само затоа што моето семејство беше сиромашно.

- Што, мислиш, дали тоа влијаеше врз мене?
- Дали ова беше фер?

Во училиштата, малтретирањето може да биде форма на дискриминација.



Само затоа што не зборувам добро македонски јазик како вас или постапувам на одреден начин, тоа не ви дава право да ме именувате со секакви погрдни имиња! Вие не знаете ништо за тоа кој/а сум или од каде потекнувам!

- Дали ова е фер?



Не дискриминирај!

Многу деца ширум светот се чувствуваат исплашени, понижени, тажни, осамени, физички повредени, вознемирени, па дури и повеќе од сето тоа.

Тоа е така затоа што некој друг смета дека само заради тоа „кои се тие“, тие заслужуваат да бидат малтретирани. Дали ова е фер?

Ајде да откриеме што значи да се дискриминира?

## ДИСКРИМИНАЦИЈА

Сите ние сме родени различни, па дали е фер да отфрлиме некого само поради тоа „кои се тие“?

Што е неправедно?

Што би помислиле ако едно момче сака да биде козметичар или некое девојче да биде водоинсталатер? Дали розовата боја е за девојчиња, а сината за момчиња?

Дискриминацијата е нешто што се случува секојдевно во нашето опкружување.

**Дискриминацијата е форма на неправеден, нееднаков третман на некое лице или група на луѓе,** само заради одредени лични околности како што се раса, етничко потекло, верско убедување, пол, инвалидитет, возраст, сексуална ориентација, социјален статус итн., што ги става тие луѓе или групи во неповолна ситуација во однос на другите. Дискриминацијата е однесување на начин што не ги третира луѓето подеднакво. Ваквото однесување (нефер однесување) ги спречува луѓето целосно да ги уживаат своите права и интереси, придобивки и можности или, во најдобар случај, им го отежнува пристапот да ги остварат своите права и интереси.

На пример, негативната практика за невработување на младите жени во периодот кога се бремени или мајки на мали деца.

Треба да бидеме свесни дека помеѓу луѓето постојат сличности и разлики и дека разликите помеѓу луѓето честопати претставуваат основа за дискриминација. Како што кажавме погоре, основа за дискриминација може да биде бојата на кожата, односно тоа е расна дискриминација, потоа полот, јазикот, верската и етничката припадност, возраста итн.

Всушност, можеме да зборуваме и за други форми на дискриминација: директна дискриминација, индиректна дискриминација, вознемирување, дискриминација при запознавање, говор на омраза итн.

## ВИДОВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Директна дискриминација**

Директна дискриминација е кога некој неправедно се третира само заради некоја карактеристика што ја има, или се претпоставува дека ја има.

На пример, агентот за недвижнини му кажува на едно лице дека нема имот за изнајмување, затоа што е припадник на одредена етничка заедница, но на лице од друга етничка припадност му потврдува дека го изнајмува имотот.

**Индиректна дискриминација**

Индиректната дискриминација е кога постојат правила или услови коишто се исти за секого, но, примената на овие правила или процедури се понеповолни за одредени лица или групи.

На пример, работодавачот има формирано своја политика според која луѓето треба да бидат високи 180 см или, пак, повисоки, за да извршат одредена работа. Тоа може индиректно да направи дискриминација врз жените и врз некои етнички групи (полова или расна дискриминација).

Друг ваков пример е доколку единствен начин да се влезе во една јавна институција е само по скалила, тогаш лицата кои користат инвалидска количка не би можеле да влезат во зградата (дискриминација врз основа на инвалидет).

Некои други форми на дискриминација се следниве: дискриминација којашто вклучува способност (дискриминација врз лицата со попреченост во развојот); дискриминација врз основа на нечија политичка определба и изглед (дискриминација врз некого затоа што е премногу голем или премногу мал, премногу висок или премногу низок).

## МИРОЉУБИВИ ИНТЕРВЕНЦИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

**Ненасилен отпор**

Во ситуација кога некој е дискриминиран, не треба да „ја вртиме главата на другата страна", туку треба да застанеме во одбрана на дискриминираните.

Понекогаш луѓето не знаат како да спречат, или како да се спротивстават на некој чин на дискриминација.

Иако Бојан беше момче кое имаше желба и дарба за балет, од страна на неговото семејство му беше забрането да вежба, затоа што според нив балетот бил само за девојчињата. Но, сепак, тој ја следеше својата страст и стана успешен балетан, танцувајќи во балетот „Лебедово Езеро".



Зошто на семејството на Бојан не му се допаѓала идејата Бојан да стане балетан? Од каде потекнуваат ставовите на неговото семејство? Дали, всушност, навистина има одредени спортови што се наменети за девојчиња, а други за момчиња?

Дали е фер тоа што некои работи се означени како работи за девојчиња или за момчиња?



Мохандас Махатма Ганди бил- најважниот политички и духовен водач на Индија. Тој, во неговата татковина, Индија, се смета за „татко на нацијата“. Неговите ненасилни протести довеле до независност на Индија. Неговите верувања и постапки ги инспирирале движењата за граѓанските права низ целиот свет. Тој е икона на светскиот мир. Неговиот роденден, 2 октомври, се слави низ целиот свет како Меѓународен ден на ненасилството.



Што мислите, дали последиците од трговијата со робови биле видливи подолго време откако било елиминирано ропството? Што мислите, дали тие влијаат за нееднаквостите во целиот свет денес?

Секако дека во овие случаи можеме да помогнеме и да најдеме мирни начини за да реагираме.

**Пример**

Сонот на Ганди беше независна Индија, мир и слобода за сите. Храброста и одлучноста што Ганди му ја покажал на светот за време на мирното извршување на неговите соништа го направија инспирација за целиот свет.

Наместо да употреби сила или суровост за да ги оствари своите цели, „оружјето“ на изборот на Ганди било мир и постојана љубов. Многу големи водачи и кралски семејства се бореле за слобода само заради сопствени цели. Тие честопати користеле напади и крвопролевање како главно средство за своите цели. Сепак, Ганди покажал дека слободата ја заслужуваат сите подеднакво и дека може да се победи без никаква употреба на насилство или на заплашување.

Секогаш треба да се стремиме и да практикуваме да постигнеме одредени цели без примена на насилни средства. Некои од тие практики на ненасилен отпор се: **симболични протести, граѓанска непослушност, демонстрации, штрајкови, блокади.**

Прочитајте, размислете и разговарајте!

↓ **Што ни покажуваат овие брутални факти?**

Зошто беа убиени овие луѓе?

| | |
|---|---|
| **Руанда,** **геноцид** **1994 година** | 800.000 луѓе биле убиени за само 100 дена |
| **Нацистичка Германија,** **холокауст** **1933–45** | 11 милиони луѓе биле убиени |
| **Камбоџа,** **геноцид** **1976–78** | Биле убиени околу 1,4 милиони луѓе |

Геноцид - систематско уништување, истребување на определена група луѓе поради расни, верски или национални причини.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Прочитај го долунаведениот текст и одговори:

Во минатото, само луѓето од белата раса ја воделе Јужноафриканската Република и само тие воделе привилегирани животи со добри работни места, убави домови и имале пристап до добри училишта и до здравствена заштита. Сепак, повеќето луѓе од црната раса работеле на работни места со многу ниски плати и живееле во сиромашни заедници и во сиромашни услови. Освен тоа, немале ниту многу права, дури не им било дозволено ни да гласаат на избори! Како и многу други, Нелсон Мандела сметал дека сите заслужуваат да бидат третирани исто, без оглед на нивната боја на кожата.

Во 1948 година, владата на Јужна Африка вовела систем наречен „апартхејд", со што уште повеќе се зголемила расната поделба во земјата. Според новите расистички закони, црнците и белците биле принудени да водат одвоени животи. Не им било дозволено да живеат во истите области, да споделат маса во ресторан, да се образуваат во истите училишта, па, дури, ни да седат заедно во воз или во автобус!

- Кој е дискриминиран и зошто?
- Која била основата за дискриминација?
- Истражувај што направил Мандела.

Апартхејд - политика на расна дискриминација, делење на населението врз расна основа.

### Активност 2:

На хамер нацртајте скици на графити додека размислувате за примери за дискриминација коишто веќе ги прочитавте, а потоа запишете ги вашите мисли, чувства или прашања за конкретните примери. На хамерот, истовремено, може да пишуваат повеќе ученици.

- Погледнете го „ѕидот на графити" и дискутирајте на темата „Не дискриминирај"!
- Наведете некои од причините поради кои биле дискриминирани луѓето за кои прочитавте? Зошто луѓето би можеле да бидат дискриминирани?
- Наведете начини како би можеле да ѝ се спротивставите на дискриминацијата. Кои се некои од начините на кои можете безбедно да ѝ се спротивставите на дискриминацијата (мирни стратегии)?
- Во пар, или во мала група, креирајте постер кој ќе илустрира една од идеите која произлезе од вашиот клас, за да застанете против дискриминацијата. Спојте ги и истакнете ги вашите постери низ училиштето за да ги охрабрите соучениците да преземат акција против дискриминација.



# СТАВОВИ И ГЛЕДИШТА

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Рекламата за пијалокот „Кока кола" од 1970-тите предизвикала овој бренд да стане глобален и да стане најпопуларен безалкохолен пијалак досега!

Доколку компанијата „Пепси" најпрвин направила добра реклама, можеби токму оваа компанија би била најдобриот продавач, а не „Кока кола".

- Дали оваа реклама имала големо влијание на многу луѓе за да стане популарна?
- Како влијаат рекламите врз нашите ставови и избори?
- Дали рекламирањето влијае да купите некој производ?

## МИСЛЕЊА И СТАВОВИ



Глобално затоплување, па што? На кого ќе му пречи ако во 2070 година немаме зима?

Факт или мислење?

Секој од нас го оценува своето опкружување. Сите ние формираме мислења за тоа дали нешто ни се допаѓа или не ни се допаѓа. Ретко се случува некој да има неутрален став кон, на пример, чоколадото, одреден вид музика или позната личност. Едноставно кажано, **ставовите** се процена на луѓе, на предмети или на идеи. Секој има право на свое мислење, на свој став и на свое гледиште за работите кои го опкружуваат и кои му се важни. Другите треба да го почитуваат тој став, иако можеби не се согласуваат со него.

Ставовите се важни затоа што тие честопати го одредуваат она што го правиме – дали јадеме чоколадо, дали присуствуваме на концерти и гласаме за некоја личност. Затоа, многу компании се трудат да влијаат на нашите ставови – да ги купуваме нивните производи.

Политичарите, пак, се обидуваат да влијаат на нашите ставови за да нè убедат да гласаме за нив. И медиумите честопати се обидуваат да влијаат на некои наши одредени ставови преку различно презентирање на една иста вест. Од тие причини, многу е значајно внимателно да ги формираме нашите гледишта и ставови и да ги преиспитуваме доколку наидеме на нови релевантни факти за одредена тема.

Кој најмногу влијае на вашите ставови?

Какво е нивното влијание на вашите ставови?

Колку често одлучувате врз основа на вашите сопствени ставови и мислења?



Во последните 10 години, миграцијата на младите е зголемена за 20%.

Факт или мислење?

## ВЛИЈАНИЕ ВРЗ СТАВОВИТЕ

Многу работи може да влијаат врз нашите ставови на добар или на лош начин.

Што мислите, на кој начин медиумите можат да имаат силно влијание врз нашите ставови?

Честопати не сме свесни дека на нашите ставови можат да влијаат различни информации, чија цел е да манипулираат со мислењето на јавноста и да креираат одреден став за појавите/настаните.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Факт или лага?

Законите за човековите права ги спречуваат луѓето да се фотографираат во јавните паркови.

Дневен печат, септември 2009 година.

Во Законот за човекови права не постои ставка којашто забранува некој да фотографира цвеќе на јавно место. Доколку фотографот имал намера да ги користи фотографиите комерцијално, тогаш можеби ќе му требала дозвола од сопствениците, но тоа нема никаква врска со Законот за човекови права. Правото на една личност да го почитува приватниот и семејниот живот може да се примени доколку еден фотограф бил наметлив во фотографирање на индивидуата, без нејзина согласност. На пример, гонејќи некоја славна личност само за да ја фотографира.

- Како погрешните наслови влијаат на нашите ставови?
- Која е опасноста од дезинформација (неточни вести)?
- Што мислите, зошто весниците изнесуваат неточни информации?
- Можеш ли да веруваш во сè што ќе прочиташ?

**Фактите** се однесуваат на нешто што е вистинито и чија вистинитост може да се докаже, односно нешто што може да се докаже дека е вистинито.

**Мислењето** е лично убедување.



Кога сакате да презентирате свој став, треба да се придржувате до пренесувањето на фактите и до давањето аргументи за тие ваши ставови , без да се користат навреди кон одредени групи, одредени стереотипи и слично.



Колку озборувањето (она што ќе го слушнете од другите) влијае на вашиот став за одредена личност/појава?

**Зошто е важно да дадеме свои мислења, засновани на добро разбирање и на потврдени факти?**

Насловите на весниците, како и извештаите, секогаш не се засноваат на факти, односно тие вести не се секогаш точни! Затоа е важно да го оспорите она што го слушате и што го читате и да се обидете да ги дознаете фактите.

Откако ќе ги дознаете фактите, можете да формирате свои мислења и да бидете посигурни во своите ставови.

**Дали гласините и озборувањата се засноваат на факти или се претерани?**

Какво може да биде влијанието на гласините врз нашите ставови и мислења? Гласините честопати се претерани или можат да бидат целосно измислени приказни. Гласините можат да имаат многу негативно влијание врз нашите ставови и можат да доведат до малтретирање.

Важно е да бидете сигурни дека кога зборувате за некои работи или за некои луѓе, вашите ставови треба да се засноваат на факти и добро разбирање.

Многу често нашите пријатели влијаат на тоа каков став ќе формираме за различни појави. Пријателите можат да бидат важен извор на информации но, сепак, треба да бидеме внимателни кога прифаќаме одреден став или гледиште. Во вакви ситуации треба да се стремиме да ги откриеме фактите, пред да формираме наши сопствени мислења и идеи.

Кога добро ќе ги провериме различните тврдења (кога ќе имаме доволно информации) и кога ќе ги дознаеме фактите, тогаш можеме да се чувствуваме сигурни во своите заклучоци. На тој начин ќе ги избегнеме предрасудите и ќе спречиме дискриминирачко однесување.

## ДАВАЊЕ СВОИ МИСЛЕЊА

Мошне значајно е да формирате свои мислења и да имате доверба во вашите ставови.

Што можете да направите за да формирате сопствено мислење за одредена тема и да бидете сигурни во вашите ставови?

- Дознајте ги фактите.
- Поставувајте прашања.
- Проверете го тоа што ќе го чуете и ќе го прочитате.

- Размислете за сите информации и формирајте сопствени мислења.

На вашите ставови можат да влијаат и надворешни фактори.

Затоа е важно да дискутирате, да ги формирате ставовите врз основа на претходно разбирање и прибирање на информации и на факти. Треба да ги почитувате ставовите и мислењата на другите луѓе, но доколку сакате да го образложиме своето мислење, тоа треба да го направите со аргументи, преку презентирање на факти.

**Потсети се!**

**Стереотипи и предрасуди**

Стереотипи - погрешни сфаќања што опстојуваат наспроти податоците и фактите

Предрасуди - негативни мислења и ставови проследени со чувства кои не се засновани на факти



Како можете да разликувате „трач" од реална информација? Размисли за сите информации и формирај свое мислење!




Реклама за вратоврски од 1951 година

Ставовите на најголем дел од граѓаните биле дека ова е сосем прифатливо. Денес, иако сè уште е присутно стереотипното прикажување на улогите меѓу родовите, ова се смета за неприфатливо. Поради тоа, голем број компании имаат цел да го сменат стереотипното претставување на родовите улоги и, на пример, да прикажат реклами во кои и мажите вршат домашни работи. Следствено на тоа, и ставовите на граѓаните сè повеќе одат во насока на неприфаќање на подредување на еден пол во однос на друг. Значи, во текот на последниве 60-70 години, ставовите во западните општества во поглед на родовата еднаквост значително се промениле. На тоа влијаеле различни фактори, а медиумите (меѓу нив и рекламите), се само еден од факторите коишто можат да влијаат на формирањето и на промената на ставовите и гледиштата.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Погледнете повеќе реклами на ТВ или на интернет, а потоа разговарајте за тоа како рекламирањето влијае врз вашите ставови, однесување и избори.

**Дијамант**

Креирај и отсечи девет картички на кои ќе ги напишеш надворешните влијанија врз твоите ставови и мислења. Рангирај ги во форма на дијамант. Најважната карактеристика стави ја на горната точка, а најмалку важната на дното. Најпвин рангирајте ги индивидуално, потоа групирајте се во парови и договорете се за рангирањето.

Разговарајте за тоа што има најголемо влијание и потоа дискутирајте дали овие влијанија се добри или лоши.

### Активност 2:

Размислете за гласините за вашите соученици. Дали на ист начин како што тоа го прават некои од новинарите, па така и во овој случај се преувеличува веста? Како сето ова влијае врз вашите ставови?

Дали гласините може да предизвикаат малтретирање, предрасуди и дискриминација?

### Активност 3:

Разговарајте дали луѓето се раѓаат со предрасуди и со дискриминација?

Што е тоа што може да влијае врз нивните ставови?

Истражете дали воспитувањето има влијание, дали влијаат ставовите на родителите и на семејството, дали е тоа личното искуство, негативните искуства, медиумите, пријателите, стравот од непознато, или, пак, станува збор за недостаток на разбирање, за нетолеранција, за ароганција и така натаму.



# КОНФЛИКТИ И СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ

Дали некогаш си бил во непријатна ситуација, на пример, кога други луѓе не можат да се согласат за нешто? Како се чувствуваваше во тој момент? Дали недоразбирањето помеѓу нив ти изгледаше застрашувачко или возбудливо? Што направи ти во тој момент?



Донесувајте одлуки што ќе ги земат предвид потребите на другите.

Размислете и разговарајте!









Што гледате на сликите?




Навистина е збунувачки!!!



Спречи го конфликтот!
Конфликтите не мора
да водат кон насилство

Судир или конфликт (од лат. conflictus, несогласен) – спор помеѓу две или повеќе лица. Различните мислења не преставуват конфликт, а можат да доведат до конфликт.

## РАЗЛИЧНИ ПЕРСПЕКТИВИ

Кај луѓето постои тенденција да ја перцепираат ситуацијата само од сопствена перспектива. Затоа, различни луѓе гледаат различни особини на еден ист објект и различни луѓе опишуваат еден ист настан на различен начин. Понекогаш треба да го разгледаме проблемот од гледиште на другата личност за да можеме вистински да ја разбереме неговата перспектива.

Потребно е да се ставите во позиција на другата личност и да замислите како би се чувствувале, како би размислувале или што би сториле доколку сте биле во таа ситуација. Кога сте во можност да замислите некоја ситуација од нечија перспектива, можете подобро да ги разберете туѓите мотиви или да го промените сопственото однесување, така што нема да навредите никого или нема да дојдете во конфликт со некого.

Дали сте виделе едно мало несогласување/недоразбирање да прерасне во голем конфликт? Што мислите, зошто?

## КОНФЛИКТИ

Конфликтите се неизбежен дел на нашето секојдневие. Тие се составен дел на односите меѓу луѓето, па дури и меѓу оние кои многу си значат едни на други. Тоа е секојдневна појава дома, на училиште, на работа, или на кое било друго место каде што има луѓе со различни верувања, вредности и искуства.

Луѓето се склони на конфликтите да гледаат исклучиво како на нешто што е многу лошо, негативно, нешто што треба да се избегне. Но, каков ќе биде резултатот од конфликтот и дали тој нужно ќе ги влоши односите меѓу луѓето, зависи од тоа како приоѓаме кон нивното решавање. Доколку не се управува внимателно, конфликтот може да ескалира до насилство и да ви наштети. Кога ќе се прикрие конфликтот и важните проблеми ќе останат нерешени, тоа може да доведе до незадоволство, до создавање на напната средина. Меѓутоа, треба да се преземат неопходни чекори за решавање на конфликтот, може да се открие дека „расчистувањето на воздухот" ја намалува тензијата и создава разбирање за во иднина.

Некогаш на луѓето им се многу чудни некои култури, а некои не им се допаѓаат. И тоа доведува до конфликт. Наместо да се караме чија култура е поубава и подобра, можеме да уживаме во различните култури. Кога ни е тоа тешко, може да се обидеме да прифатиме дека сме различни и да се обидеме да најдеме некои заеднички нешта. Кога ќе дојде до конфликт може да се обидеме да најдеме некоја „златна средина“, нешто за што се согласуваме или секој да попушти по малку.



Треба да комуницираме со мирен, рамномерен тон.

## КОНФЛИКТИ И КАКО ТИЕ ВЛИЈААТ ВРЗ НАС

Најчесто се наоѓаме во судир со оние со коишто поминуваме најмногу време: родители, пријатели, соработници, соиграчи и слично.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Ако двајца пријатели не се согласуваат за тоа каде треба да излезат навечер, ова би можело да се смета за судир на две мислења.

Како може да се реши ова?

## ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА КОНФЛИКТИТЕ

Постојат повеќе начини на кои можат да започнат конфликтите: недоразбирања, срам, горделивост, предрасуди и притисок од страна на нашите врсници, се само неколку од причините. Ситуациите што доведуваат до конфликт може да бидат и резултат на: **ограничени средства**; незадоволени **основни потреби**; различни системи на **верувања и вредности** кои произлегуваат од лична позадина и насобраните животни искуства; **различни цели и интереси**; различни перспективи за една ситуација.

Доколку порано ја препознаеме потенцијалната ситуација на конфликтот, можеби ќе можеме да спречиме тој конфликт да прерасне во опасна насилна ситуација.

Конфликтите, поради **ограничени средства**, најчесто настануваат кога двајца поединци или две групи сакаат исто нешто, но нема доволно и за двете страни. На пример, врвните „лаптопи“ се скапи средства коишто може да им се распределат на вработените врз основа на потребата и на знаењето во некои компании. Кога група вработени имаат пристап до такви средства, додека други немаат, може да се појави конфликт помеѓу вработените или помеѓу вработените и раководството.

Конфликти кои произлегуваат од ограничени физички средства (вклучително и времето), се: пари, опрема, овластување, географски ограничувања, организациски промени или други надворешни сили.

Незадоволените **основни потреби** можат да бидат од различна природа – психолошки и физиолошки (или биолошки). Луѓето имаат различни потреби. Најосновно е човекот да има јадење, да има вода и да спие (биолошки потреби). Многу важно е човекот да биде заштитен од повреди, од напад од други луѓе, од земјотреси и невреме



Причини за конфликт може да бидат: незадоволени основни потреби; различни верувања; различни цели и интереси; различни перспективи за една ситуација.




Илустрација на шарени раце кои претставуваат различни вредности.

Почнувајќи од најважната вредност за тебе-како ќе ги подредиш?

(да биде безбеден и сигурен). Луѓето имаат потреба да бидат сакани (од родителите, од другарчињата, од некој конкретен друг човек), да бидат дел од некоја група која им се допаѓа (граѓани на некоја држава, дел од некоја група луѓе кои зборуваат на ист јазик, членови на клуб), да бидат сигурни во себе (да се чувствуваат убаво поради тоа што го знаат и умеат), и, да можат да го прават она за што се најдобри (да играат фудбал, да готват, да изработуваат нешто, да пеат, да свират, да откриваат, да планинарат, итн). Незадоволените основни потреби претставуваат основа за многу конфликти кои на прв поглед изгледаат како да се предизвикани од други фактори.

**Различните вредности** кај луѓето произлегуваат од разликите во верувањата за тоа кои активности, кои работи и кои идеи се правилни, значајни, корисни и добри, а кои не се. Голем дел од конфликтите настануваат затоа што луѓето сакаат сите луѓе на ист начин како нив да мислат што е добро а што лошо, што е правилно, а што погрешно. Мислат дека сето она што самите го научиле од дедовците и бабите и мајките и татковците и оние со кои се дружеле, е најправилното и најдоброто нешто и така треба да постапуваат сите и сите да размислуваат на ист начин.

На пример, може да верувате дека заштедата на пари и планирањето на иднината е важна вредност, додека твојот другар другарка смета дека е поважно да уживате во животот, во сегашноста. Конфликтите поради **различни цели** настануваат кога страните во конфликтот имаат различни идеи за тоа како да задоволат одредена потреба.

## ВИДОВИ КОНФЛИКТИ

Во зависност од страните кои се вклучени во од од онфликтот, конфликтите генерално се делат на:

- **Конфликти кои се случуваат меѓу поединци,** „лице наспроти лице", (татко-мајка, мајка-дете, дете-дете, наставник-ученик). Во многу книги и филмови се опишани ваквите видови конфликти. Во филмот „Војна на ѕвездите", судирот на Лук Скајвокер е со силите на Царот, а особено со Дарт Вадар. Во серијалот „Хари Потер", главниот конфликт на Хари е со Волдеморт и со оние кои работат за него;
- **Конфликти што се јавуваат во самата личност** – личноста наспроти себе. Кога не можеме да се решиме што сакаме или што да правиме или како да постапиме. Пример: Александра ја виде нејзината пријателка како краде од еден соученик. Сега Александра мора да избере помеѓу тоа дали да го задржи пријателството со неа или да ја направи вистинската работа;
- **Конфликти кои се јавуваат како резултат на спротивставени интереси меѓу групи** или „група наспроти група". Пр. одделение-одделение, различни етнички групи. Се проценува дека во светот од 1820 до 1945 година, најмалку 59 милиони лица биле убиени за време на конфликти меѓу групи од еден или од друг вид;
- **Конфликти кои се јавуваат меѓу припадниците на една група.** На пр. конфликти помеѓу членови на спортска екипа, работен колектив, одделение.



За каков вид конфликт станува збор во прикажаната сцена од серијалот Хари Потер?

Откако ја скрши омилената вазна на мајка си, Катерина се двоуми да одлучи дали треба да ѝ ја каже на мајка си вистината или да се обиде да ја сокрие својата грешка и да го обвини кучето коешто го чуваат дома. За каков конфликт станува збор?

Прочитајте, размислете и разговарајте!

**Пример:** Ване направи уметнички проект со кој го изразува незадоволството за полициската бруталност. На неговиот наставник по уметност му се допаѓа проектот и се обидува да го прикаже во градското уметничко шоу, но комисијата го отфрла проектот. Сега Ване и неговиот наставник по уметност ќе се борат за слободата на изразување.

Дали во овој пример постои конфликт и помеѓу кого е конфликтот?

## МИРНО РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ



Најди решение за конфликтот по мирен пат

**Што е важно при една конфликтна ситуација за да се најде решение на конфликтот по мирен пат**

- идентификување на чувствата и однесувањето во конфликтната ситуација;
- да се комуницира со разбирање (ефективна комуникација);
- да се пронајдат алтернативни решенија;
- да се направи договор и да се изнајде најсоодветното решение.

Доколку се избегнува проблемот, конфликтот нема да се реши, а нерешениот, долготраен конфликт, може да доведе до огорченост, до непријателство, па дури и може да ескалира и до насилство. Затоа е потребно признавање на конфликтот. Особено важно во процесот на разбирање и анализирање на конфликтите е **идентификување на чувствата и однесувањето** во таа конфликтна ситуација.

Најчесто, она што прво го уочуваме во ситуација на конфликт е однесувањето (викање, тепање, трескање врата, повлекување и сл.). Зад секое однесување постои чувство кое го предизвикува таквото однесување (бес, фрустрација, немоќ и сл.). Чувството е предизвикано од одреден проблем, а проблемот најчесто настанува помеѓу лица кои имаат некаква релација/однос. Овие четири елементи, однесување, чувство, проблем и релација/однос, се основните елементи на конфликтот и, кога тежнееме кон конструктивно разрешување на конфликтите, треба да ги имаме предвид сите овие елементи.



Што е тоа што е видливо или може јасно да се забележи во една конфликтна ситуација?

Вообичаено, кога сме во конфликтна ситуација, она што е видливо и лесно уочливо се: однесувањето, ставовите, невербалната комуникација (гримаси на лицето, закани со рака, прст), насилство, емоции, закани, уцени и сл.

Кога ќе дојде до конфликт, треба да најдеме начин како да го решиме. Најважно во ова е разговорот (комуникацијата). Со разговор треба да видиме што е причината за конфликтот и, кога веќе ја знаеме, може да ја отстраниме или да најдеме начин да се разбереме. За ова е потребно да се слушнеме:

- кој што сака и зошто го сака тоа;

- да кажеме што ние мислиме и сакаме и зошто го сакаме тоа;

- да пробаме да најдеме решение во кое секој ќе го најде она што му е потребно.

Најважните вештини што треба да ги развиеме за ефикасно управување со конфликтот се: **ефикасно зборување** (искажување на вашите потреби, чувства и причини) и **активно слушање**.

Секоја личност вклучена во конфликтот мора да комуницира, за да ги искаже „своите перспективи или чувства за ситуацијата“, „што сакаат“ и „зошто“. Треба да го опишете конфликтот. Започнете ги речениците со „Јас“, а не со „Вие“ или со „Ти“.

**Пораките „Јас“** се изјави што покажуваат како се чувствувате. Тие се најсоодветен начин да ги изразите своите чувства на мирен и почитуван начин. Користејќи ги пораките „Јас“, вашите комуникации не заземаат виновен или обвинувачки тон. Пораките „Јас“ овозможуваат: да се изрази чувство, да се опише одредено однесување и да се наведе како тоа влијае врз вас. Пример за делови од пораката „Јас“ треба да вклучуваат: „се чувствувам“ (состојба на чувство) кога (опишуваш специфично однесување), затоа што (наведи како тоа влијае врз тебе).



Ефективната комуникација и користењето на техниките за ефективна комуникација се основа за „изнесување“ скриените елементи на конфликтот.

На пример, „Се чувствувам повредено кога ќе му кажеш некому нешто што ти го кажав во тајност, затоа што не сакав некој друг да знае“.

Покрај дефинирањето на конфликтот, секоја страна, исто така, мора да почувствува дека е слушната и разбрана. Тука започнува **активното слушање**. Барајте од другата личност да опише како изгледа и како се чувствува во настанатата ситуација од нејзина перспектива. Слушајте за навистина да ги разберете чувствата и потребите на другата личност. Обидете се да се повлечете назад и да замислите како би се чувствувале доколку сте во ситуацијата на другата личност (ова чувство се вика емпатија). Осигурете се дека другата личност знае дека се обидувате да ја разберете ситуацијата од негова гледна точка. Можеби е важно да го повторите вашето разбирање за она што сте го слушнале или да кажете нешто слично на тоа, „Знам дека ова прашање е важно за вас затоа што...“ Понекогаш, ќе откриете дека е потребно да се согласите или, пак, да не се согласите.



Она што не го забележуваме во конфликтот и за кое не сме свесни се: вистинските причини за конфликтот, личните вредности, културната позадина на лицата инволвирани во конфликтот и нивните претходни животни искуства, предрасудите, очекувањата, потребите и сл.

За да се реши конфликтот, двете страни мора да идентификуваат **можни решенија**. При идентификување на можните решенија за конфликтот, важно е да останете позитивни и да бидете отворени за компромис. Запомнете дека конфликтот е проблем кој двете страни треба заедно да го решат, а не е битка за да се победи. Треба да се претвори во понуда со можни решенија, испитувајќи ги последиците од секое решение. Бидете креативни и фокусирајте се на решенијата наместо да ја пренесете вината. Не осудувајте ги идеите на другиот.

За да постигнете **договор за решение**, треба да бидете посветени на решавање на конфликтот. Конфликтот завршува кога двете страни ќе постигнат договор којшто ги задоволува потребите и е фер за двете страни.

### Начини на решавање на конфликтот

Конфликтот е проблем, а проблемот треба да се реши. До вистинско разрешување на конфликтот доаѓа тогаш кога ќе се изнајде решение кое ќе ги задоволи сите страни во конфликтот.

Конструктивен договор може да се постигне со:

- компромис;
- соработка;
- посредство на трета страна.



**Компромис** – кога ситуацијата не е толку важна, но проблемот треба да се реши, тогаш се обидуваме да се „пазариме" со страните кои се вклучени во конфликтот. Притоа, секој се откажува по малку од нешто и на крајот се доаѓа до компромисно решение во кое секој нешто ќе изгуби, меѓутоа ќе се дојде до половично решение со кое сите страни се делумно задоволни.

- Секоја страна делумно се откажува од своите барања.
- Со компромисот секоја страна делумно добива и делумно губи.



**Соработка** – кога се применува стилот на соработка, секоја од страните е важна и секоја активност придонесува кон изнаоѓање на заедничко решение. Решението не мора да биде совршено, но треба да биде доволно добро и прифатливо за сите. Обично, процесот на изнаоѓање на решението трае подолго и бара активна комуникација од сите вклучени страни. Се настојува да се изнајде квалитетно решение со кое сите се задоволни и се чувствуваат како победници, и покрај тоа што можеби се откажале од нешто. Во процесот на соработка особено е важно што мислењето на секоја страна во конфликтот се почитува и се води сметка и за сопствените, но и за интересите на сите страни.

- Конфликтот не се гледа како проблем само на едната страна, туку како на заеднички проблем на сите страни.

**Посредство на трета страна** е кога комуникацијата меѓу страните е прекината поради преголеми тензии и обострана недоверба, конфликтот не може да се реши без вклучување на посредник (трета страна). Третата страна е неутрален и објективен поединец или група луѓе што се повикани да помогнат да се разреши конфликтот. Овој начин уште се вика и медијаторство, а посредникот медијатор.

## КАКО ДА ГИ РЕШИМЕ КОНФЛИКТИТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО

**ЧЕКОР:**

1 Застани-стоп! Не дозволувајте конфликтот да се влоши. Колку помалку сте лути, толку полесно ќе го решите проблемот.

2 Кажи како настанал конфликтот. Што предизвикало несогласување? Што сака или не сака секој од вас?

3 Мисли на позитивните можности за решавање на конфликтот. Како би можеле да ги задоволите потребите на едни кон други и воедно тоа да биде фер?

4 Изберете позитивно решение за кое сите едногласно ќе се согласте.

Ако сè уште не можете да се согласите, прашајте некој друг да ви помогне во решавањето на конфликтот. Тоа се вика **медијација**, а тој што ви помага се вика **медијатор.**

**ПРАВИЛА:**

Се согласувам да се реши конфликтот.

Завртете се за да зборувате! Не прекинувајте! Бидете јасни и зборувајте ја вистината за тоа што ве мачи и што навистина ви треба.

Слушајте ја другата личност. Бидете сигурни дека разбирате како тој или таа гледа на проблемот.

Користете го разумот, а не вашите раце. Бидете подготвени на компромис.



Решениот конфликт е победа на разумот и човечноста.

Во Ромео и Јулија, главниот конфликт е меѓу двете семејства, а Ромео и Јулија се сакаат и се во судир со сопствените семејства.



Во Одисеја, Одисеј се соочува со многу конфликти на своето патување, бидејќи наидува на еден Киклоп, на вештерката Цирче, на Лотус Етарас итн.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Дали може да најдете некои примери на конфликти во литературата (во лектирите кои ги проучувате) и во филмовите? Дали може да има повеќе од еден вид конфликт?

Според стапката по која напредува технологијата, дали може во иднина да дојде до конфликт помеѓу човекот и технологијата?

### Активност 2:

Разгледајте ги конфликтните ситуации дадени во прилог.

- Ситуација 1
- Ситуација 2
- Ситуација 3
- Ситуација 4

Анализирајте ја добиената ситуацијата и одговорете на следниве прашања:

- Која е причината за конфликтот?
- Кој е инволвиран во конфликтната ситуација, односно, помеѓу кого (индивидуи или групи) се јавува конфликтот?

## ПРИЛОГ

**Ситуација 1**

Јована и Арта се другарки уште од прво одделение. Сега се деветто одделение и треба да имаат тест по физика. Оценката од тестот ќе влијае врз финалната оценка на крајот од учебната година. Арта знае дека физика не ѝ оди баш најдобро и дека ако добие пониска оценка тоа ќе ѝ влијае на успехот и можеби нема да може да се запише во средното училиште во кое сака да оди. Таа разбра дека Јована ги има најдено прашањата од тестот, а Јована дури ѝ понуди на Арта да ѝ ги даде. Арта знае дека тоа што го прави Јована не е во ред, но исто така знае и дека мора да добие петка на тестот за да има успех на крајот од годината кој ќе ѝ гарантира упис во училиштето кое го сака.

**Ситуација 2**

Кире и Ерхан беа на кошаркарското игралиште и фрлаа кошеви на спротивните страни од игралиштето. Беа завртени со грб и не ни забележаа дека се приближиле еден до друг. Ерхан ги погодуваше сите кошеви, додека Кире цело време промашуваше. Во еден момент Ерхан, не сакајќи со грб го поттурна Кире, кој изнервиран од серијата промашувања, а и малку засрамен од другарите кои како публика ги гледаа, се заврте и му се развика на Ерхан. На Ерхан не му беше јасно зошто Кире му вика и инстиктивно и тој почна да му се дере на Кире.

**Ситуација 3**

Момчињата и девојчињата сакаат да го користат единственото маалско игралиште. Машките беа договорени да играат фудбал, а девојчињата одбојка. Почнаа да се караат околу тоа кој да го користи игралиштето.

Машките велеа дека игралиштето е за фудбал и дека не мора девојчињата да играат одбојка затоа што и така тоа е „досаден спорт“. Девојчињата се почувствуваа навредено и возвратија дека фудбалот е „глупав спорт“ и дека постојано машките го користат игралиштето, па редно е сега девојчињата да го користат. Никој не попушташе. Ситуацијата доведе до големи кавги помеѓу двете групи деца.

**Ситуација 4**

Петмина пријатели имаат основано музички бенд и обично свират преработки од други групи. Сепак, неодамна решија да почнат да прават песни по сопствен текст и музика. Еден ден пејачот дојде со текст за музиката која гитаристот и тапанарот претходно ја направија. Текстот не му се допадна на гитаристот бидејќи сметаше дека содржи вулгарни зборови и дека тоа нема да биде добро за имиџот на групата. На тапанарот текстот му се допадна бидејќи сметаше дека така групата ќе изгледа интересно. И останатите два члена од бендот имаа поделени мислења околу текстот на песната.

Граѓанско образование 9 одд-прирачник за наставници



# ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

„Каде, всушност, започнуваат универзалните човекови права? На мали места, блиску до дома, толку блиски и толку мали што не можат да се видат на ниедни мапи на светот. Сепак, тие се светот на индивидуата; соседството во кое живееме; училиштето или факултетот што го посетуваме; фабриката, фармата или канцеларијата каде што работиме. Такви се местата каде што секој маж, жена и дете бара еднаква правда, еднаква можност, еднакво достоинство, без дискриминација. Без усогласена акција на граѓаните да ги поддржиме 'блиску до дома', ние залудно ќе бараме напредок во поголемиот свет".

Елеонор Рузвелт

Може ли да наведете припадници на различни култури во населбата во која живеете или, пак, на територијата на нашата држава?

Ајде да ја видиме разликата помеѓу мултикултурализмот и интеркултурализмот и да видиме како овие поими се поврзани со заедништвото и соработката.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Во повеќејазичните училишта голем дел од учениците се поделени врз основа на јазикот на наставата. Тие се сместени во посебни згради или се распоредени во различни делови од зградата или во различни смени. Во еднојазичните училишта учениците немаат место за комуникација со ученици коишто учат на друг наставен јазик.

Дали горенаведеното е пример за мултикултурализам или за интеркултурализам? Што мислиш ти?

## КОЈА Е РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ МУЛТИКУЛТУРНОТО И ИНТЕРКУЛТУРНОТО?

**Мултикултурно општество** е општетство во кое живеат неколку различни културни или етнички групи. Луѓето живеат на ист простор, но поединците од една културна група најчесто комуницираат само помеѓу себе. Луѓето живеат заедно едни со други, но секоја културна група не мора да има интеракција меѓусебно.

На пример, во мултикултурно соседство луѓето можат да купуваат намирници или да седат во ресторанитe на друга етничка заедница, без навистина да комуницираат со соседите од другите етнички заедници.

Тие немаат директна комуникација/интеракција, односно не соработуваат меѓу себе. Малцинствата може да се толерираат пасивно, но не и да бидат прифатени или вреднувани.

**Интеркултурно општество** е општество во кое меѓу различните заедници постои разбирање и почит едни кон други. Интеркултурната комуникација се фокусира на меѓусебна размена на идеи и културни норми и развој на меѓусебни врски. Во интеркултурно општество, никој не останува непроменет, бидејќи сите учат еден од друг и растат заедно. Таа интеракција вклучува присуство на заемна заинтересираност, прифаќање и почитување. Луѓето од различните култури се запознаваат меѓу себе и се дружат.

За да изградиме интеркултурно општество треба уважување и почитување на разликите; свест за сопствениот личен и културен идентитет и прифаќање на различните групи/заедници/култури; воспоставување и одржување на комуникација и дијалог меѓу различните групи/заедници/култури; прифаќање на оние луѓе кои се различни од нас и способност за интеракција со различните од нас, интеракција која е ослободена од негативните ставови (стереотипи, предрасуди, дискриминација).

Интеркултурното општество ни овозможува да учиме едни од други, да се надополнуваме и да се развиваме како личности.



Учениците од двете училишта заеднички работеа на подготовка на брошура која ќе содржи информации за животот и делото на двата патрона, Ацо Шопов и Лиман Каба




Учениците заеднички ја изведоа песната „True Colors“ и притоа едногласно испратија моќна порака – убавината доаѓа во различни бои и облици

Преку проектите на МИО во училиштата, ние учиме како да живееме заедно во светот на разновидности/различности.

Етничката разновидност го направи нашето општество богато со култура и придонесе за нашиот економски, социјален и демократски развој.

Целта на интеркултурализмот е да се надмине пасивниот соживот и да се постигне развиен и одржлив начин на живеење, заедно во мултикултурно општество.

Еден добар пример за да се постигне развој на меѓуетничка интеграција и унапредување на интеркултурализмот претставува учењето на јазиците, на историјата и на културите на малцинските групи во општеството.



Камениот мост

Интеракција со луѓе од други културни средини и признавање на основните квалитети на човековата природа како нешто заедничко. Тоа е почетната точка за градење заеднички живот во мир.

## ШТО Е МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО ПОВЕЌЕЈАЗИЧНИТЕ И ВО ЕДНОЈАЗИЧНИТЕ УЧИЛИШТА

Кога учениците учествуваат во заеднички активности имаат можност за:

- непосредна комуникација и меѓусебен контакт;
- меѓусебно запознавање и соработка со другите;
- учење едни за други, едни од други;
- намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите.

Интеркултурното разбирање е моќна алатка која може да им помогне на поединците, на семејствата и на училиштата „да научат да живеат заедно“



Стара скопска чаршија

Живееме во општество во кое егзистираат различни заедници/групи/култури и треба да се стремиме да градиме интеркултурно општество во кое ќе има соработка помеѓу различните култури.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Дали различните од себеси треба да ги гледаме како можност за учење, отколку како закана?

## Пример за мултикултурно училиште

- наставниците само ги учат учениците за културата на другите, но не креираат реални можности за учениците од различни етнички заедници/култури да се сретнат заедно на наставни или вonнаставни активности и слично;
- наставниците не соработуваат меѓу себе при планирање и изведување на наставата.
- учењето за другите култури е без директна комуникација/интеракција;
- одделенијата се етнички/јазично хомогено;
- нема заеднички часови/активности меѓу одделенија;
- одделно се подготвуваат точките/активностите за манифестации и прослави;



П. Валери: „Нашата особеност се состои во тоа што се чувствуваме универзални – луѓе на универзумот".

## Пример за интеркултурно училиште

- одделенијата се  составени од ученици од различни заедници;
- заедничките часови поттикнуваат дијалог меѓу учениците за да можат подобро да се запознаваат меѓу себе;
- заеднички се  планираат и се реализираат училишните манифестации и прослави;
- наставниците креираат реални можности учениците да се среќаваат и заедно да учат и да се дружат (се дава можност за воспоставување на дијалог меѓу учениците од различни заедници/култури);
- наставниците од различни етнички/јазични групи/култури соработуваат меѓу себе и се пример за соработка и меѓусебна комуникација и слично.



Само меѓусебните контакти можат да ги интегрираат заедниците.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

**Дискусија за интеркултурализам**

1. Дали можеме во нашата средина да препознаеме елементи на интеркултурализам и кои се тие елементи?
2. Дали знаете за некои активности или настани во градот/државата кои придонесуваат или придонеле за поголема соработка и интеракција меѓу припадниците на различни заедници/култури и кои се тие елементи? Ако не знаете, тогаш што би направиле вие за да придонесете кон креирање на интеркултурно општество? Во какво училиште би сакале да учите? Во каква средина би сакале да живеете?

**Активност 2:**

Предложи иницијатива која ќе ја зајакне мултиетничката интеграција.

Сите ние сакаме да бидеме прифатени и почитувани, тоа е една човечка потреба којашто ја нарекуваме достоинство.

# АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

Напиши состав на тема: Конфликт помеѓу човекот и технологијата.

- Според стапката по која напредува технологијата, дали може во иднина да дојде до конфликт помеѓу човекот и технологијата?
- Какви последици произлегуваат од таа претпоставка?

**Активност 2:**

Кој од долунаведените наслови е заснован на факти, а кои наслови претставуваат мислење и се обид да се влијае на ставовите на читателите?

**Наслови на вести:**

**Факт или мислење?**

| Прв сет наслови: | Втор сет наслови | Трет сет наслови |
|---|---|---|
| • Наслов 1: Тинејџерките се „надвор од контрола“<br>• Наслов 2: Девојки – следната генерација на пијаници!<br>• Наслов 3: Истражување: поголем број девојки во споредба со момчиња конзумираат алкохол | • Наслов 1: Младите бегаат од земјата!<br>• Наслов 2: Во последните 10 години, миграцијата на младите е зголемена за 20%<br>• Наслов 3: Најдобрите си заминуваат – кој ќе остане? | • Наслов 1: Во текот на следните 50 години се очекува температурите да се зголемат за 3 степени.<br>• Наслов 2: За 50 години ќе нѐ снема.<br>• Наслов 3: Глобално затоплување, па што? На кого ќе му пречи ако во 2070 година немаме зима? |

**Активност 3:**

Раскажете за некој конфликт што неодамна сте го имале со друго лице. Вклучете конкретни детали за тоа каде се случил конфликтот, кој бил вклучен, што се случило, како завршил и како се чувствувавте на крајот вие и другата страна.

**Дискутирајте**

Како би биле корисни овие информации? Што би направиле со информациите откако ќе ги имате? Зошто би било корисно да се биде во можност да го анализираме конфликтот на овој начин?

По дискусијата дадете предлог/алтернатива за решавање на конфликтот. Потоа разгледајте ги понудените решенија и исфрлете ги оние што не се добри за двете страни и решенијата што нема да ги спречат идните проблеми. Поставете си го прашањето: дали ова решение ќе функционира? На крај изберете решение што мислите дека ќе биде најуспешно и добро и за двете страни.

## ПОИМИ:

**Различност -** разновидност, особеност: вклучување на различни типови на луѓе (како што се луѓе од различни раси или култури) во група или организација.

**Дискриминација -** ограничување, оспорување на правата на определена општествена група поради својата расна, етничка, верска полова/родова припадност и сексуална ориентација или социјална припадност од страна на доминантна општествена група.

**Став -** сфаќање, мислење по одделен проблем, становиште, гледна точка.

**Гледиште -** определен начин на размислување, стојалиште, гледна точка.

**Конфликт** - судир меѓу две или повеќе страни.

**Интеркултурализам** - подразбира да се надмине пасивното прифаќање на мултикултурниот факт на повеќе култури кои постојат во едно општество и наместо тоа да промовира дијалог и интеракција помеѓу културите.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што е дискриминација?
- Како започнува дискриминацијата?
- Зошто луѓето би можеле да бидат дискриминирани?
- Наведи начини како би можел да ѝ се спротивставиш на дискриминацијата.
- Наведи примери за дискриминација низ историјата и од секојдневниот живот.
- Што е индиректна дискриминација?
- Која е разликата помеѓу мултикултурализам и интеркултурализам?
- Наведи пример за интеркултурализам.
- Предложи активност за унапредување на интеркултурализмот.
- Дали може едно мултикултурно општество да создаде какви било прашања кои предизвикуваат, на пример, недостаток на разбирање?
- Што мислите, дали може да се стори нешто за да се охрабри кохезијата во заедницата помеѓу верските, етничките и културните или социјалните групи во општеството?
- Ако некој ти каже дека нема избор и мора да се вклучи во насилна конфронтација, што ќе помислиш? Мислиш ли дека треба да биде така? Што би му кажал ако ти го каже тоа?

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Како се чувствуваш кога гледаш како твоите соученици  меѓусебно се тепаат?
- Чија одговорност е да се спречи насилството?
- Дали мислиш дека има нешто лошо во тоа што  некој ќе се оддалечи од конфликтната ситуација?
- Некој ќе каже дека насилството е само нешто на што треба да се навикнете, затоа што се случува постојано. Што мислите вие за тој став? Дали е добра идејата да се навикнеш на насилство? Зошто би одговориле со „да“ или со „не“ во овој случај?
- Што се случува кога луѓето што не се согласуваат, не се слушаат едни со други? Што можат да сторат?
- Што значи зборот „компромис“? Што треба да се направи пред да може да се направи компромис?
- Зошто е важно мирно да се решаваат конфликтите? Што може да се случи ако не се решат?
- Дали има некои конфликти што не можат да се решат?
- Наведи примери за мирољубиви интервенции за борба против дискриминација.
- Какви видови на конфликти има во зависност од страните кои се вклучени во конфликтот?

# ГРАЃАНИНОТ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

- СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ
- ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ГРУПИТЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ



## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- препознаваш што е социјална одговорност во училиштето и заедницата;
- се ангажираш во ситуации во кои е потребна социјална одговорност;
- препознаваш конкретни ситуации во кои граѓаните можат да влијаат за подобрување на животот во заедницата преку здружување и организирање;
- истражуваш примери за граѓански иницијативи;
- прифаќаш делување на граѓаните преку граѓански иницијативи (формални и неформални);
- предлагаш различни видови иницијативи за подобрување на животот во училиштето и во заедницата.

# TEMA 3





# СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

„Ако сакате среќа за еден час, дремнете. Ако сакате среќа за еден ден, одете на риболов. Ако сакате среќа за една година, наследете богатство. Ако сакате среќа за цел живот, помогнете некому“.

Кинеска поговорка



Велосипедот е едноставно решение за многу од проблемите во светот - климатските промени, дебелината, метежот, здравјето и загадувањето

Нашите постапки влијаат врз другите и треба да се стремиме да влијаеме позитивно врз поединците и општеството. Социјалната одговорност започнува дома и нè подготвува да бидеме глобални граѓани.

## СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Како се чувствуваш кога добро си ја завршил/завршила работа за којашто си одговорен/одговорна? Дали си загрижен/загрижена за животната средина и за загадувањето во твојот град? Дали сакаш да помогнеш во спасувањето на злоупотребени или напуштени животни?

**Преземање одговорност**

Ние постојано донесуваме одлуки, големи и мали. Дали да одам со автобус или со велосипед? Што сакам да работам по завршувањето на образованието? Без разлика дали сме свесни или не сме свесни, нашите одлуки влијаат на другите. Треба да бидеме одговорни за нашето опкружување.

**Одговорно однесување**

Во секое општество, прифатените морални и етички вредности укажуваат на тоа кое однесување на луѓето е

одговорно или прифатливо. Откако ќе се утврди одговорното однесување, се препознава и неодговорното однесување, однесување вон рамките на моралните и етички правила на заедницата. Одговорното и неодговорното однесување се препознава и во современото граѓанско општество. Кога добро сме го завршиле она за што сме одговорни, се чувствуваме задоволно и со високо самопочитување. Секој од нас има одговорности кон себе, другарите, семејството, домашните миленичиња, училиштето, потесната и пошироката заедницата. Понекогаш сме растргнати помеѓу одлуките дали нешто треба да направиме бидејќи можеби ќе бидеме осудувани од пријателите, ќе предизвикаме непријатност на некој друг и слично. Сепак, треба да се водиме и од нашето лично чувство за тоа што е правилно и што е она што ќе направи да се чувствуваме задоволно и гордо. Ако се однесуваме одговорно, тогаш останатите ќе имаат доверба во нас и ќе можат да се потпрат на нас, а ние самите ќе имаме позитивна слика за себе и високо самопочитување. Ќе имаме пријатно чувство дека тоа што го правиме е за заедничкото добро за сите и ќе предизвикаме позитивна промена кај останатите.

### Што е социјална одговорност?

Да се биде **социјално одговорен** значи да се презема одговорност за сопствените постапки и да се води грижа нашите постапки да не се одразат негативно врз другите. Социјалната одговорност може да се однесува на едноставно водење грижа во домот (штедење вода на пр.), во училиштето (чување на мебелот во училницата). Може да се однесува и на преземање конкретни акции за подобрување на одредени состојби преку помагање во заедницата, волонтирање, подигнување на свеста за одредени проблеми во заедницата и слично. Да се биде социјално одговорен значи и да се осудуваат негативните постапки кои ги гледаме кај другите (на пр. насилно однесување, мамење и сл.)



Постојат многу домаќинства на кои им е потребна помош од храна. Донирај вишок храна!

Спречи отпад од храна и помогни им на оние на кои им е потребна. Биди социјално одговорен. Преземи одговорност за подобар свет.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Дали наведените примери/насоки се дел од социјалната одговорност?

- Транспорт: пешачете, користете велосипед или јавен транспорт.
- Дома: заменете ги светилките со флуоресцентни светилки (кои се енергетски и ефикасни). Ставете соларни панели или подобра изолација на вашата куќа/стан. Исклучувајте ги електричните уреди од приклучокот.
- Компанија: направете анализа за енергетската ефикасност на компанијата и инвестирајте во подобрување на капацитетите. Не треба да се печати сè и сешто. Користете рециклирана хартија.
- Посадете дрво во вашиот двор, на планина, на полјаната спроти вас.

Што ќе придонесеме со ваквите едноставни работи?
Зошто треба да ги практикуваме наведениве едноставни примери?



Многу компании и институции во нашата држава со години ја поддржуваат националната акција „Ден на дрвото“.

Секој поединец има одговорност да дејствува на начин кој е корисен за општеството, а не само за поединецот. Ако некоја негова акција или одлука предизвикува штета за општеството или за животната средина тогаш се смета дека таа акција (тоа однесување) е социјално неодговорна. Ако акцијата е корисна за општеството или животната средина тогаш велиме дека станува збор за социјална одговорност.

Социјалната одговорност треба да се вклучи во сите дневни активности / одлуки, особено оние кои ќе влијаат врз други лица и /или општеството во целина.

Големите индустриски компании треба да имаат развиено систем на социјална одговорност. Тие треба да ја занемарат личната корист и материјалните придобивки и да бидат социјално одговорни, со што ќе обезбедат добросостојба на општеството. Некои од нив донираат дел од профитот за хуманитарни цели, финансираат во заштита на животната средина, спонзорираат младински активности, спортски клубови и сл. На овој начин, ќе постои рамнотежа меѓу економскиот раст и благосостојбата на општеството и животната средина.

На пример, некои компании се прогласени за „зелени технолошки компании во светот“. Тие ја користат целата предност на обновливите извори на енергија, пакувањата за производите се произведуваат со 99 проценти рециклирани производи од хартија.



Во 2018 година, списанието „Форбс“ ги именуваше врвните општествено одговорни компании во светот. На врвот на списокот е технолошкиот гигант „Гугл“, а по него следат компаниите „Волт Дизни“ и „Лего“, кои во март 2018 година најавија дека ќе започнат со производство на своите производи од растителни извори.

Луѓето се здружуваат во групи кои заеднички делуваат во насока на поттикнување и практикување социјално одговорни активности. Граѓаните, институциите и организациите имаат обврска да дејствуваат во полза на општеството во целост.

И учениците имаат свои одговорности во семејството, училиштето и заедницата. Тие можат да бидат активни и да се ангажираат, не само за нивна лична корист, туку за унапредување на училишната клима и за доброто на сите ученици.

На пример, учениците од едно училиште, за да ја заштитат животната средина, со реупотребување и рециклирање на отпадот, организирале модна ревија „Trash fashion“. Учениците ја покажале својата фантазија/имагинација и од килограми отпадна хартија, пластика, најлон, метал, текстил и отпадна амбалажа изработиле креации со кои ги воодушевиле присутните наставници, родители и соученици. Друг пример се учениците кои под мотото „Дај пластичен кош, не биди повеќе за природата лош“, успеале да влијаат на нивните соученици да ги заменат пластичните шишиња со метални.

**Да се биде социјално одговорен значи, да се однесуваме етички, да ги негуваме нашите социјални, културни и природни богатства, како и да донесуваме одлуки кои ќе бидат во интерес на мнозинството.**

Кога сите ние, поединечно, организациски и на ниво на влада ќе се стремиме кон социјална одговорност, секако дека ќе влијаеме позитивно на севкупното општествено живеење.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Истражи за важноста на социјалната одговорност и што значи да се биде социјално одговорен работодавач и социјално одговорен вработен.

### Активност 2:

Направи цртеж или видео (можеш да користиш и некоја апликација) на кои ќе прикажеш што можеш да направиш индивидуално/самостојно за да ја намалиш емисијата на $CO_2$ во воздухот и да ги намалиш ефектите од глобалното затоплување. Прикажи го тоа на едноставен и сликовит начин.

Дискутирајте на тема: Доколку одлучиме да промениме некои (лоши) навики, може ли да придонесеме за подобрување на околината во која живееме и работиме.

### Активност 3:

Анализирај ги ситуациите дадени во прилог и дискутирај на дадените прашања:

| **Ситуација 1:** Да се биде или не? | **Ситуација 2:** Дали е погрешно ако никој не видел? |
| --- | --- |
| • Која од идеите за решавање на проблемот, за кои размислува Сара, ви изгледа најлогична? Дали можете да се сетите на подобар начин за решавање на проблемот?<br>• Што би направиле вие во ваква ситуација? Ако сметате дека зависи од содржината на сликата, каде ќе ја повлечете линијата? Можете ли да објасните зошто?<br>• Дали сметате дека секој треба да може да каже што сака ако е помеѓу луѓе од доверба? Зошто? Зошто не?<br>• Дали сте биле во слична ситуација? Што се случи? Што мислите за начинот на кој се реши ситуацијата?<br>• Дали ваква ситуација е проблем на училиштето, ако не ја види никој освен членовите на затворената група?<br>• Дали имаме морална одговорност кога користиме интернет? Како би ја дефинирале таа одговорност?<br>• Што е „морален компас"? Дали сметате дека имате морален компас?<br>• Дали сите луѓе го имаат? Како можете да знаете дали некој постапува во согласност со со својот морален компас? | • Ставете се на местото на Кан? Што би направиле?<br>• Дали ќе одлучевте поинаку ако знаевте дека парите ѝ припаѓаат на банката, а не на некоја личност?<br>• Дали ќе одлучевте поинаку ако имаше други луѓе кои поминуваат?<br>• Дали ќе одлучевте поинаку ако бевте со пријатели? Што ќе направевте?<br>• Дали сте направиле нешто што знаете дека е погрешно, бидејќи никој не гледал? Како се чувствувавте кога го правевте тоа? Би го направиле ли повторно? Зошто? Зошто не?<br>• Што ќе добиете доколку ги примените зборовите на дедо му на Кан на мамење? Се согласувате ли дека секогаш кога мамите поблиску сте до тоа да ве сметаат за „измамник"?<br>• Размислете за некоја одлука која сте ја направиле неодамна, која може да се одрази на поголем број луѓе освен вас. Сега замислете доколку секој во светот ја направи истата работа. Каков ќе биде тој свет? Дали би сакале да живеете во него? |

# ПРИЛОГ ЗА АКТИВНОСТ

## Ситуација 1:

**Да се биде или не?**

Сара ја поканија да се придружи на група деца од нејзиното училиште на “Фејсбук”. Бидејќи вообичаено беше срамежлива и од неодамна започна да се дружи со тоа друштво, се чувствуваше многу добро што ја „примија“ во групата. Беше многу забавно, се разменуваа смешки, се договараа за излегување. Сѐ до еден ден...

Сара отвори “Фејсбук” и виде дека некој постирал слика од едно девојче од нејзиното одделение, на која нејзината глава беше монтирана на тело од животно. Другите членови на групата започнаа со коментирање и задевање на девојчето на сликата. Сара, иако не го познаваше многу добро девојчето на сликата, беше сигурна дека доколку ја види сликата - ќе биде повредена.

Сара знаеше дека ова е затворена група и сѐ што се постира го гледаат само членовите, но се замисли дали сака да припаѓа во група во која се постираат вакви работи. Што зборува тоа за неа? Ако некој го види тоа, може да помисли дека е став на сите членови на групата.

Размислуваше и за тоа дали некој надвор од групата би можел да ја види сликата. Што ако истата се „прошири“ низ интернет, а таа не сторила ништо да го спречи тоа?

Ако им кажеше нешто на членовите на групата, ќе и одговореа да „олабави“ и ќе ја сметаа за чудна. Сепак, не можеше да се помири со ситуацијата. Дали да им каже нешто на родителите, и да ризикува да и го исклучат интернет пристапот. Дали на класната, која многу ја почитуваше и да ризикува да ја покренат темата на ниво на цело училиште и да ги казнат сите ученици? Дали да им каже на членовите на групата, и да ризикува да ја „откачат“ од друштвото. Да ја напушти ли групата? Се чувствуваше заглавена помеѓу одлуките. Таа не направи ништо лошо. Само се приклучи кон ФБ група. Зошто ова ѝ претставуваше толкав проблем? Како да постапи?

## Ситуација 2:

**Дали е погрешно ако никој не видел?**

Кан се поздрави со пријателите и тргна кон дома. Беше одлично расположен, распустот само што започна и ќе може по цел ден да биде со пријетелите. Си пушти музика на телефонот, ги стави слушалките и се насмеа. Додека ги одминуваше продавниците на неговиот пат кон дома забележа нешто на банкоматот. Се доближи и виде пари. Кан погледна наоколу. Немаше никој. Немаше автомобили, никој не поминуваше. Некој веројатно го користел банкоматот и заборавил да си ги земе парите. Кој и да бил, сега го нема. Отиде до автоматот и ги извади парите. Илјада денари. Повторно разгледа наоколу. Немаше никој. Можеше да ги врати парите во банката следниот ден. Но, дали? Тоа беа само илјада денари! Веројатно не му значат многу на оној кој ги заборавил, а ќе му значат многу на Кан. Може да купи по некој подарок за роденден, да се почести нешто во пицеријата. Дали е погрешно ако направиш вакво нешто само еднаш? Кан размислуваше за ова. Тоа не значи дека е крадец. Некој бил занесен и си ги заборавил парите. Кан се убеди себеси дека е добро да ги земе парите. Само еднаш го прави тоа. И никој не мора да знае. Ги стави парите во џебот и си замина. Како што започна да свири следната песна, Кан се сети на нешто што го слушнал од дедо му „Секогаш кога ќе излажеш, поблиску си до тоа да те сметаат за лажго“. Но ова не беше иста работа. Или? Кан ја пушти погласно музиката и продолжи накај дома.



# ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ГРУПИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ

## ВИДОВИ НА ГРАЃАНСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Луѓето, според својата природа, се општествени суштества, па затоа, тие се здружуваат во разни организации и здруженија. На овој начин тие го подобруваат квалитетот на нивниот живот, а воедно го остваруваат и правото на слободно здружување. Луѓето доброволно се придружуваат на организации за да ги задоволат нивните потреби. Организирањето во разни форми на здружување им дава можност да решаваат прашања кои се од заеднички интерес за сите граѓани.

Преку јавни дебати, трибини, акции, тие го привлекуваат вниманието на јавноста за некој проблем во општеството или во заедницата. Поголема е шансата за решавање на проблемите во општеството доколку е поддржана од поголем број граѓани. Но, не смее да се игнорираат ниту поединечните случаи на граѓански активизам, бидејќи општеството треба да биде подеднакво пристапно и за поединечни и за здружени форми на дејствување.

Начините на коишто граѓаните може да се здружуваат се преку политички партии, граѓански здруженија и неформални групи на застапување.

**Политичките партии** се политички организации кои се борат да дојдат на власт и на тој начин да ја спроведуваат политиката којашто ја застапуваат и која треба да биде во интерес на граѓаните.

**Граѓанските здруженија** се невладини организации кои не се борат да дојдат на власт, туку да влијаат на




Граѓанска иницијатива за спас на планината Водно!




Повик за граѓанско организирање




Порака од граѓански активисти



Работна средба во која граѓаните учествуваат со предлози за менување на законите

власта за различни области од животот во општеството. Граѓанските здруженија се многу разновидни во своите цели и активности. Тие можат да бидат едукативни, мировни, истражувачки, да работат на заштита и на унапредување на човековите права, на исполнување на социјални, културни или економски потреби. Можат да се залагаат за унапредување на позицијата на одредени маргинализирани групи, на пример: социјално загрозени лица, лица со посебни потреби, самохрани родители, болести на зависност, бегалци.

**Групи на застапување** се неформални групи на граѓани со специфична цел, како што се борба со гладта во светот или заштита на животната средина. Исто така, постојат организации кои ги задоволуваат потребите на нивните членови за спорт, забава, хоби, квалитетно слободно време. Тие иницираат различни активности и можат да бидат основани од деца, млади, вработени, пензионери. Можеме да наведеме различни примери на детски организации, клубови, извиднички организации, здруженија на планинари, здруженија на младинци.

**Граѓанските организации** се непартиски и немаат тенденции да обезбедат политичка моќ. Тие можат да се формираат на локално или на регионално ниво, на национално ниво, можат да бидат меѓународни или глобални.

Како пример ќе ја земеме граѓанската организација „Гринпис“, која користи лобирање за да добие политичка поддршка за нејзините кампањи. Тие покренуваат прашања во врска со животната средина, со цел да ги пренесат проблемите и да дадат решенија во креирањето на јавните политики. На пример, поттикнувањето на користење обновливи извори на енергија и рециклирање.

Заради сите овие карактеристики, граѓанските организации имаат големо значење во развојот на граѓанското општеството. Големата разновидност на здруженијата, групите и граѓанските организации кои слободно се формираат, овозможуваат полесен пристап во задоволувањето на потребите на поединците, како и во задоволувањето на потребите на пошироката заедница. Граѓаните своите различни потреби ги реализираат по различни основи: религиозна, родова, расна, етничка, културна, социјална, економска и слично.

**Волонтерството** е начин како да се вклучиме во унапредувањето на животот во заедницата. Волонтирање е ангажман на лица или на групи кои доброволно се согласуваат да обезбедуваат услуги за одредено население. Волонтирањето се заснова на идеи за самопомош, за заемна помош и човекољубие. Најчесто се спроведува во

Уставот на нашата држава, преку член 20, го уредува правото на слободно здружување, според кое „Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да иступуваат“. Подеталното уредување на ова право е регулирано со Законот за здруженија и фондации, а за да се формира формално здружение на граѓани, односно граѓанска организација, потребни се 5 основачи-поединци.

религиозни, хуманитарни, социјални и невладини организации. Ситуацијата многу се менува во последно време и многу институции од јавниот сектор вклучуваат волонтери за извршување на одредени задачи.

**Што е волонтерска работа?**

Доброволното работење е неплатена, свесна, слободна активност, насочена кон благосостојбата на другите и кон заедницата. Волонтирањето е форма на учество на граѓаните во процесите на развој на заедницата. Волонтирањето ги поддржува најблагородните вредности кај човекот: пацифизам, слобода, еднакви можности, безбедност и правда за сите.

## УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО - УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Демократско учество е кога во процесот на одлучување учениците можат слободно да го изразат своето мислење. Учениците донесуваат одлуки според мислењето на мнозинството (повеќе од половината ученици на кои се однесува одлуката или повеќе од половината избрани претставници во ученичкиот парламент).

Ученичкото учество има посебно општествено значење ако се земе предвид дека е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата.

Според членот 12 од Конвенцијата за правата на детето, децата имаат право слободно да го изразуваат своето мислење на кое треба да се обрне должно внимание во согласност со нивната зрелост.



Состанок на ученичкиот парламент

Учениците може да партиципираат на индивидуално ниво, кога настапуваат како поединци, или на групно ниво, кога ги застапуваат интересите на цела група. Според начинот на кој учениците се вклучени, се прави разлика меѓу **директно учество**, кога секој има можност директно да го каже своето мислење и **индиректно учество**, кога учениците се претставени преку еден или повеќе свои претставници.



Учениците одлучуваат!

### ЧЕКОРИ НА ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО

- **Учениците треба да бидат информирани** за сите нешта кои на било каков начин се однесуваат на нив, односно, што ги засегаат (случувања во училиштето, структури во училиштето, процедури и механизми, програма на работа, промени и сл.).

Информациите треба да бидат навремени (доволно однапред дадени), разбирливи (дадени на јазик разбирлив за учениците) и достапни (учениците однапред да знаат каде може да се обратат за да ја добијат потребната информација).




Застапување на своите ставови преку ученичкиот парламент



Училиштето е место каде што ги реализираме своите идеи

Возрасните треба постојано да ги споделуваат со нив сите релевантни информации, а исто така и да им помагаат на учениците како самите да дојдат до нив.

- **Формирање и искажување мислење** е вториот чекор во демократското учество на учениците. Сите ученици може да изградат свое мислење за сите нешта што се однесуваат на нив. Тие имаат право своето мислење слободно да го изразат, без разлика на нивната возраст.
- **Учениците треба да учествуваат во донесување одлуки** во училиштето за работи кои нив ги засегаат. Постојат ограничувања кои произлегуваат како од нивната возраст, така и од нивните одговорности во животот на училиштето.
- **Преземањето акции** е последниот и највисок чекор во демократското учество на учениците. Тоа значи дека, по донесените одлуки во претходната фаза, следи нивно активно вклучување во конкретизирање на тоа кои акции за промена ќе се преземат.

**Ученичкиот парламент** е законски загарантирана формална институција која им овозможува на учениците демократски начин на здружување. Неговата цел е да ги претставуваат интересите на сите ученици во училиштето и да обезбеди учество на учениците во донесувањето одлуки коишто директно влијаат врз нив.

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. **Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.** Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број преставници од претседателите на паралелките по пат на тајно гласање.

„Соработката треба да се поттикне и да се развива меѓу учениците, наместо нездрава конкуренција, отвореност; наместо изолација, пријателство; наместо стигматизација, толеранција".

## УЧИЛИШТЕТО - ПРИЈАТЕЛСКО КАТЧЕ ЗА СИТЕ

Училиштето е место каде децата го поминуваат поголемиот дел од своето време и затоа нивна задача треба да биде да се изгради училишна заедница, во која заедно ќе ја унапредуваат благосостојбата на сите. Во тој процес треба да им помагаат возрасните.

Современите училишта имаат потреба од создавање на позитивна „клима“ (споделување, препознавање и разбирање на сопствените и чувствата на другите) за разлика од негативната „клима“ во која постои непријателство и неможност да се разберат нечии чувства и потреби.

Процесот на интеракција и меѓуетничка интеграција во училиштето придонесува за јакнење на заедништвото и создавање на благосостојба за сите.

Благосостојбата е состојба на задоволство и уживање. Кај учениците благосостојбата се изразува преку внатрешен мир и опуштеност, бидејќи училиштето ги задоволува нивните основни потреби. Таа треба да биде цел на современите училишни заедници. Резултатот од сето погоре е емоционално здравје.

Животот во заедниците и во училиштето, во многу нешта треба да функционира како семејство. Секогаш не е лесно да се постигне успешност на заедницата но, сепак, е можно.



Акции на ученичкиот парламент за садење на зеленило во училишниот двор



Во училиштето треба да градиме атмосфера на соработка!

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Кои нешта треба да се земат предвид за секое одделение, кога се организира заедница на паралелката?

Што знаеме за одделението? Кои вештини ги поседуваат учениците во одделението (комуникација, социјално однесување, итн.)? Каква е атмосферата во одделението/училницата (групни движења, пријателства)? Кон кои правила и начини на однесување треба да се придржуваат учениците (јазик, должности, распоред на седење, правила на меѓусебна комуникација, етички кодекс)? Колку е големо одделението и која е неговата структура (соодносот ученички и ученици, културна разновидност и друго)?

Ученичкиот парламент: активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам; учествува во активности за обезбедување поддршка помеѓу врсниците и кај учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности; учествува во подготовката на годишната програма за работа; дава предлог активности за годишните програми за екскурзии; дава предлози за воннаставни активности на училиштето; дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард; учествува во евалуацијата на работата на училиштето; преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Акционен план за спроведување на училишни акции!

Лоцирајте проблем или предизвик кој сакате да го решите во вашето училиште или локалната заедница. Активно вклучете се во конкретизирање на акциите за промена. При преземањето акција за промена, или спроведување на волонтерска акција, од особена важност е добро да ги испланирате сите чекори, односно да се направи акционен план во кој точно ќе се напише:

1. Што треба да се направи (конкретни чекори)?
2. Кој од вас, што точно ќе прави?
3. Кој е одговорен/а за тоа како да се направи?
4. Потребни материјали за да се направи.
5. Во која временска рамка треба да се направи?

Анализирајте ги акциите што ги спроведовте и подгответе се според резултатите за следната акција, имајќи ги предвид следниве прашања:

1. Што направивме, односно какви активности преземавме.
2. Дали сме задоволни од активноста што ја спроведовме?
3. Како се чувствувавме при спроведувањето на активностите?
4. Имаше ли потешкотии?
5. Што би промениле следниот пат?
6. Што научивме од учеството во активноста?

Презентирајте ги своите резултати на постер, на ѕиден весник, напишете статија за училиштен весник, статија за локален весник, презентирајте пред родителите и стручните тела на училиштето. Изберете свој начин како ќе го сторите тоа.

### Активност 2:

Размислете и разговарајте за принципите на кои се темели работата на ученичкиот парламент.

1. Промовира еднаквост, и кога се работи за правата, и кога се работи за одговорностите;
2. Развива чувство на одговорност за почитување на училишните норми и вредности, како и за надминување на проблемите во училиштето што се дел од секојдневното живеење (на пример: присуството на различни форми на насилство, безбедносни прашања, дисциплина за време на часот и за време на одморите, справување со пушење, консумирање алкохол и други психоактивни супстанции, итн.);
3. Развива социјални вештини и го засилува критичкото мислење кај учениците;
4. Развива осетливост за сопствените и туѓите потреби;
5. Гради почитување и прифаќање на различностите.

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

### Активност 1:

Кога ќе го слушнете изразот ученички парламент, што прво ви паѓа на ум?

Запишете ги одговорите и коментарите за кои мислите дека се врзуваат за таа форма на активност на учениците во училиштето. Откријте што е точно, а што неточно во следниве искази:

- Ученичкиот парламент може да се организира во училиштето.
- Учениците имаат знаење и вештини да го водат ученичкиот парламент.
- Во рамките на ученичкиот парламент, сите училишни проблеми можат да се решат.
- Парламентот им дава можност на учениците да го прават тоа што сакаат.
- Може да учествуваат само најдобрите ученици во парламентот.
- Одлуките донесени од учениците во парламентот се донесуваат само во нивен интерес.
- Постои врска помеѓу ученичкиот парламент и граѓанското образование.

Што се однесува до ученичкиот парламент, исклучително е важно сите учесници во училиштето, а не само учениците, да ги знаат сите потребни факти за оваа форма на ученичка активност.

### Активност 2:

Работете во групи и утврдете ги клучните зборови со кои може да се дефинира ученичкиот парламент. Потоа разменете си ги одговорите во групите. Изработете пано. На паното може да се најдат следниве зборови: закон, формална институција, демократија, здружение, ученици, застапеност на интереси, донесување одлуки, учество.

Потоа, со помош на наставникот, формулирајте одговор на прашањето: Што е ученички парламент? А потоа, подгответе прашалници за оценување на успешноста на вашиот ученички парламент. Поделете се во две групи и со помош на наставникот/наставничката подгответе ги прашалниците.

- Една група работи на подготовка на прашалник за учениците кои учествуваа во работата на ученичкиот парламент во текот на таа учебна година, со цел да утврдат на кои теми се осврнаа и какви проблеми и успеси имаа во нивната работа.
- Втората група работи на подготовка на прашалник за другите ученици кои не учествуваа во работата на парламентот, со цел да утврдат дали тие знаат со кои теми се занимава ученичкиот парламент и дали чувствуваат какви било резултати од нивната работа.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што е социјална одговорност?
- Што би посочил/а како пример за социјална одговорност?
- Дали може да образложиш зошто социјалната одговорност е потребна или корисна, и кој има корист од тоа?
- Наведи примери за социјална одговорност.
- Наведи практики со кои ја унапредуваш индивидуалната социјална одговорност.
- Како една организација може да ја промовира општествената одговорност?
- Дали може граѓаните да учествуваат во донесувањето на одлуки во заедницата и општеството?
- Кои се начините  на кои граѓаните можат да се организираат во општеството?
- Каква е улогата на граѓанските организации и на групите на застапување?
- Кои се начините за организирање на учениците во училиштето?
- На кои принципи  се организираат учениците во ученичката заедница?
- Зошто е важно учениците да предлагаат различни видови иницијативи во училиштето и во заедницата?
- Какво ќе биде општеството ако граѓаните се организираат и се здружуваат во организации и здруженија?
- Која е придобивката од доброволните волонтерски акции на граѓаните?

## ПОИМИ

**Социјална одговорност:** Обврска за совесно и добро извршување на примената должност, работа, задача во општеството.

**Граѓански организации:** Група луѓе, институции или здруженија со заеднички цели и интереси.

**Групи на застапување:** Неформални организации  за остварување на некоја граѓанска цел.

**Волонтерство:** Лице или организација што работи доброволно или бесплатно заради лично усовршување.

**Ученички парламент:** Здруженост на учениците во училиштето заради остварување на заеднички ученички  интереси и цели.

# КУЛТУРАТА, КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ, РЕЛИГИЈАТА И СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

- КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ
- УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
- ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВРЗ ГРАЃАНИТЕ



## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- истражуваш и презентираш за различните култури од својата средина;
- го дефинираш поимот културен идентитет преку конкретен пример;
- ги разликуваш и дефинираш поимите: секуларизација и атеизам;
- ги идентификуваш вредностите од религиите кои промовираат општочовечки вредности;
- презентираш позитивни примери на толеранција кон религиски другиот и атеистите;
- дискутираш за потребата од критичко толкување на медиумите и медиумската пропаганда;
- ги објаснуваш поимите цензура и автоцензура;
- критички анализираш неодговорно користење на социјалните медиуми (сајбер-насилство).



# TEMA 4



Облеката како дел од културата - македонски и албански семејства од почетокот на 20-тиот век



# КУЛТУРА И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ



Што го сочинува културниот идентитет



Националната кујна е дел од културниот идентитет

Во најопшта смисла, културата е начин на којшто луѓето комуницираат меѓусебно и со светот околу нив.

**Културата е збир на знаења, вредности, однесувања и норми кои се вообичаени за одредена група на луѓе.**

Таа ги претставува заедничките карактеристики на група луѓе, кои вклучуваат: место на живеење, религија, јазик, национална кујна, материјални предмети и друго. Во култура спаѓаат и уметничките дела специфични за таа група на луѓе. Овие луѓе потоа меѓусебно се идентификуваат како припадници на една култура, или која е како таква идентификувана од другите.

Некои култури се многу раширени и има голем број луѓе кои се поистоветуваат со тие културни вредности, верувања и потекло. Други култури се помали. Но, вредноста на културата не може да се одреди од нејзината големина. Без разлика дали одредена култура е многу раширена или е карактеристична само за одреден помал регион, дали е млада или, пак, постои со векови, дали се променила со текот на времето или останала иста, секоја култура е вредна самата по себе.

Основните културни верувања и практики кои најчесто се поврзуваат со која било дадена група, постојано се менуваат и се развиваат со текот на времето. Културата опфаќа три аспекти:

Материјалните аспекти, тоа се предметите кои се користат од страна на припадниците на една културна група (на пример, алатките, храната, облека итн.).

Општествените аспекти се општествените карактеристики на групата (на пример, јазикот, комуникацијата, фолклор, религија итн.).

Субјективните аспекти на културата се субјективните верувања, вредности и практики на членовите на групата.

Сепак, еден припадник на одредена култура не мора да се идентификува со сите нејзини карактеристики, туку може да прифаќа одредени аспекти или елементи на културата. На тој начин, секој може да го формира својот сопствен **културен идентитет** кој е поврзан со припадност на повеќе општествени групи.

Такви општествени групи се: националните групи, етничките групи, верските групи, јазичните групи, професионалните групи, генерациските групи, семејните групи итн. Секој поединец припаѓа на повеќе групи, и затоа има повеќе културни врски и идентитети (на пр., национален, верски, јазичен, генерациски, фамилијарен, итн.). Културниот идентитет произлегува од заедничкото потекло кое опстојува врз јазикот, религијата, обичаите, етносот.

Постојат различности во културите. Погрешно е да се претпостави дека сите членови на една култура се исти. Во рамките на групата, можни се многу различни културни норми, верувања и практики.

Културите не се статични. Тие се менуваат и се развиваат. Запознавањата на различните култури особено поттикнуваат меѓусебен развој и промена.

Културата не е однапред определена. Различни луѓе ги почитуваат културните норми и очекувања на различни начини. Секој поединец има сопствен културен идентитет.




Браќата Св. Кирил и Методиј, јазикот е дел од културниот идентитет




Ромите и ромскиот кулурен идентитет




Уметноста е дел од културниот идентитет

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Поделете се во четири групи и изработете проект на тема: Културите во мојата заедница.

- Првата група ги истражува и ги претставува културните навики (религиозни обичаи, исхрана, облекување, поздравување и друго) на три етнички заедници во општината/државата, по избор на учениците.
- Втората група ги истражува и ги претставува заедничките елементи во моралните норми (етички правила на однесување) на три етнички заедници во општината/државата, по избор на учениците.
- Третата група ги истражува и ги претставува обичаите (крштевка, венчавка, празници) на три етнички заедници во општината/државата, по избор на учениците.
- Четвртата група има задача да претстави културни идентитети преку конкретни примери и нивните составни елементи.

**Дискусија**

Дискутирајте во голема група – одделение за истражувањата од малите групи во кои работевте. Прашања за дискусија:

1. Што научивте за културите во нашата држава/општина? Кои работи се слични, а кои различни помеѓу културите кои ги истражувавте? (Можете да ги претставите и преку Венов дијаграм)
2. Што ви беше најтешко при одредување на карактеристиките на културата и културниот идентитет?
3. Колку ви се јасни начините на кои се гради културниот идентитет и кои фактори влијаат на градењето културен идентитет?
4. Зошто е значајно да ги познаваме различните култури во нашата земја?
5. Што дополнително би сакале да научите за другите култури?

**Активност 2:**

Направете интервју со претставници од различни култури. Предлог-прашања за интервју со повозрасни членови од заедницата имате во работниот лист подолу. Работете во помали групи. Договорете се во секоја група за начинот на кој ќе го направите извештајот од истражувањето (постер, презентација, книга...) Во рамките на секоја група направете план за истражувањето и за подготовка на презентацијата.

Предлог-прашалник за интервју

- Како го опишувате вашиот културен идентитет?
- Која традиционална песна/приказна/храна ви е омилена?

- Кој јазик го сметате за мајчин јазик и кои зборови од него ви се омилени? Доколку сте религиозни, кои религиски традиции ги практикувате? Какви обичаи практикувате во рамки на семејството? Со кои карактеристики на вашата етничка заедница најмногу се поистоветувате?
- Што најмногу влијаело врз формирањето на вашиот културен идентитет?
- На кој аспект од вашиот културен идентитет му придавате најголема важност и зошто?
- Кои се најчестите стереотипи што ги познавате за вашата култура? Со кои од нив не се идентификувате?
- Што мислите за влијанието на глобализацијата врз градењето на културниот идентитет врз луѓето? Колку влијанието на глобализацијата е позитивно, а колку негативно? Зошто? (Дадете различни мислења „за“ и „против“ глобализацијата и аргументи кои ќе го поткрепат вашето мислење).



Традицијата како дел од културниот идентитет - филмот „Медена земја“



# УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО



Денес во светот постојат многу религии од кои најбројни се: христијанството, исламот, јудаизмот, хиндуизмот и будизмот.

**Потсети се!**

Со развојот на општеството настанале политеистичките и монотеистичките религии. Политеистичките религии се оние во кои луѓето веруваат во повеќе богови. Монотеистички религии пак, се оние во кои луѓето веруваат само во еден единствен бог. Некои луѓе пак не веруваат во постоењето на бог или божества. Тие се викаат **атеисти.**

**Атеизам,** во поширока смисла, е неверување во постоењето на божества. Во потесна смисла, атеизам е став дека не постојат божества. Атеизам е спротивен на теизам, кој пак во својата најопшта форма е верувањето дека постои барем едно божество.

Етимолошкиот корен од зборот „атеизам“ (анг. atheism) потекнува од 5 век пр.н.е. од античка Грција ἄθεος (atheos), што значи „без бог(ови)“. Секој има право да избере да верува, да биде религиозен или не.

## РЕЛИГИЈАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Религијата во историјата на човештвото била инспирација за моралното дејствување на поединци и заедници, градење на праведно општество, борба за правда на угнетените, но и причина за конфликти. Неретко религијата служела и како оправдување за насилство. На боговите им се принесувале жртви, биле прогонувани припадниците од други религии, водени се верски војни.

Можеме да заклучиме дека од начинот на кој човекот ја практикува религијата и ги толкува религиозните учења зависи дали религијата ќе биде позитивен или негативен двигател во неговиот живот. Во минатото некои црковни судови можеле да ги осудат луѓето за кривоверство. Политичките закони често се поклопувале со религиозните закони. Науките и книжевните дела биле одобрувани само ако се во согласност со религијата. Тоа значи дека религиозните заедници имале и политичка власт.

Во европската историја, посебно верските војни ја наметнале потребата за одвојување на религијата од државата. Целта била да се поттикне еднаквост и толеранција. Постепено се развила свеста дека секој човек има право да биде религиозен или нерелигиозен и дека државата треба да го штити тоа темелно право на граѓаните. Оние луѓе кои не веруваат во постоењето на бога или божества се нарекуваат атеисти, а неверувањето во бога **атеизам**. Кон крајот на 18 век во Европа во повеќето земји доаѓа до одвојување на власта на државата од управата на религиозните заедници. Тоа значи дека лицата кои управуваат со црквата не влијаат во управувањето на државата. Различни религиозни заедници стануваат признаени и рамноправни пред законот. Таквата држава се вика секуларна.

## ШТО Е СЕКУЛАРНОСТ?

**Секуларност** е одвоеност на државата од каква било религиозна институција. Тоа не значи забрана на религијата, туку овозможува слобода на вероисповед на сите граѓани подеднакво, независно дали припаѓаат на мнозинската религија или не. Во секуларните општества религијата е приватна работа, која не треба да има влијание врз политичките одлуки и начинот на функционирање на државата. Тоа значи дека владините институции и поединците кои ја претставуваат државата се





Луѓето кои ги знаат светите книги на своите соседи, светите книги кои го практикуваат тоа што го пишува во нив, тие се почитуваат и се разбираат и си помагаат во нивниот духовен живот.



„Идејата за Бог, како колективна вредност, служи за обединување на групата“.
Емил Диркем



Во Република Северна Македонија, покрај Македонската православна црква, постои Исламската верска заедница, Римокатоличката црква, како и Еврејската заедница и Евангелско-методистичката црква.

одвоени од религиските институции и од религиските лица. Секуларноста подразбира дека секој има слобода да биде или да не биде припадник на одредена религија и учење и има право да не му се наметнува одредена религија од страна на државата. Државните власти треба да бидат неутрални во однос на прашањата поврзани со верата. Денес, секоја модерна европска држава е секуларна.

Нашата држава е мултирелигиско општество и ги почитува правата на сите религиозни заедници, односно правото на секој човек да ја изрази својата религија. Како и повеќето современи општества, и **нашата држава е секуларна**.

Зачувувањето на верската слобода има свои придобивки. Во комбинација со други слободи, верската слобода го зајакнува општеството и ги намалува насилните конфликти. Накратко, верската слобода придонесува за помирно, постабилно и добротворно општество. Соработката, дијалогот и разбирањето помеѓу верските заедници се неопходни компоненти при градење на едно здраво демократско општество.




Уставот на Република Северна Македонија повикува на секуларна држава

Прочитајте, размислете и разговарајте!

На кој начин можеш да ги поттикнеш секуларните вредности (слобода на мислата и верувањето, заштита на граѓаните од присилување да бидат во согласност со верувањето на другите, еднаквост, славење на различноста, непристрасност кон одредена религија) во своето дејствување и да придонесеш за праведност во општеството, односно да ги запреш нетолеранцијата или дискриминацијата.

Размисли за активности кои можете заедно со одделението да ги спроведете во вашата општина.

## КОИ ВРЕДНОСТИ ГИ ПРОМОВИРААТ РЕЛИГИИТЕ?

Улогата на религијата треба да биде обединувачка. Некои религиозни поуки од различни религии се слични со етичките норми и поуки. Во сите религии има правила на однесување. Што треба да прави тој кој ја почитува таа религија, а што не. Овие правила се некогаш многу различни меѓу различни религии, а некогаш се многу слични. Тие кои припаѓаат на одредена религија имаат право да си ги почитуваат овие правила на однесување, но не смеат да им ги наметнуваат на другите или да бараат и другите да ги почитуваат тие правила. Овие правила на однесување не смеат да ги повредуваат другите луѓе или да им забрануваат да си имаат свои правила на однесување.

Правилата на однесување кои ги дава државата во законите може да се разликуваат од религиозните и тие се однесуваат на сите луѓе во една држава.

## КОИ СЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЗАКАНИ ОД РЕЛИГИЈАТА ДЕНЕС?

Религијата може да биде основа за дискриминација на луѓето според религиска припадност, да поттикне војни/конфликти.

Луѓето често мислат дека нивната религија е единствена или најдобра. Така настануваат конфликтите, па некогаш и војни. Луѓето се убиваат да докажат дека баш нивната религија е онаа вистинската и единствена, наместо да уживаат во постоењето на различни религии и учења.



Ифтарска вечера, Охрид 2017 година.

Повеќе од 300 граѓани муслимани и нивни пријатели христијани споделија заедничка вечера.

Оваа вечера се организацира во духот на заедништвото и солидарноста.

Културата на толеранција и соживот создава една трајна вредност, а тоа е мирот. Културата на мирот и заедништвото секогаш зближува, наспроти омразата и поделбите кои ги разделуваат луѓето.

Потребна е толеранција за другиот, почитување на различностите, отфрлање на верската нетрпеливост.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Прочитајте го примерот и дискутирајте на наведените прашања.

- Манастирот во Тетовска Мала Речица претставува пример за меѓуверска толеранција.

Домот на Сејдула Бајрами е на само десетина метри од имотот на манастирот. Тој вели дека со луѓето кои го одржуваат и се грижат за манастирот, меѓусебно постојано се помагаат, се дружат, се честат со кафе, со чај, со нешто благо за јадење. Различната вероисповед, вели, дека за нив е најмала пречка, за да им се расипе долгогодишното пријателство. Кај Бајрами нѐ однесе домарот на манастирот, кој во Тетово сите го знаат како чичко Ристо. Веднаш се прегрнаа со Бајрами.

Frontline.mk

- На кој начин, луѓето од вашето место на живеење се поврзани со други религии и верски заедници? Што можете да направите за да го направите светот подобро место за луѓето од сите религиозни и нерелигиозни заедници?

**Активност 2:**

- Поканете гости во вашата училница кои можат да презентираат информации за својата религија или верска традиција. Пред да дојдат на посета на вашиот час, направете преддискусија за оваа тема и започнете да размислувате за некои прашања коишто можеби ќе сакате да ги поставите. Запомнете, треба да упатите и благодарност до вашите гости.



# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВРЗ ГРАЃАНИТЕ

Денес секој може да шири информации и видеа ширум светот, користејќи „паметен“ телефон или лаптоп . Освен позитивна, дигитализацијата има и лоша страна. Социјалните медиуми, често објавуваат информации до јавноста кои не се проверени, пред легитимната новинска организација да ги објави. Значи, можно е погрешните информации брзо да се шират.

## ПОЗИТИВНИ СТРАНИ ШТО СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ МОЖАТ ДА ГИ ДОНЕСАТ

Повеќе не треба да чекаме неколку недели за да ни пристигне едно писмо, социјалните медиуми го прават поврзувањето исклучително лесно.

Со развојот на интернетот и технологијата денес комуникацијата е лесна и брзо доаѓаме до информации, ги праќаме нашите пораки, се поврзуваме во групи, се организираме и сл. **Социјалните медиуми** се алатки и платформи кои луѓето ги користат на интернет за да споделуваат мислења, искуства, погледи и какви било други информации едни со други. Останатите можат да коментираат, да покажат дали нешто им се допаѓа или не, или да го споделат со останатите. На тој начин социјалните медиуми нудат двострана комуникација.

Придобивки од социјалните медиуми:

- забавни се;
- нудат брза и лесна комуникација;
- достапни информации;
- брзо организирање;
- нудат можност за активно граѓанство и промени.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

- Кои се различните начини на кои луѓето можат да се вклучат во активизам со употреба на социјалните медиуми?
- Како може технологијата да се користи како алатка за активизам во одбрана на човековите права?
- Дали е важно младите да учествуваат во активизам и зошто?



Прв Вики клуб во земјава и на Балканот беше отворен како проект од музејска едукација при Музејот на македонска борба.

Заинтересираните деца стануваат членови на клубот во чии рамки се одвива обуката како да се вклучат и како да пишуваат статии на Википедија.



Во време кога постојано сме опкружени со различни медиуми, неопходно е да умееме како да се справиме со неконтролираниот наплив на информации.

Социјалните медиуми ни овозможуваат да бидеме **активни граѓани**, **да го искажеме нашиот став** за различни теми, **да влијаеме врз одредени одлуки** кои се важни за нашето живеење.

На пример, може преку текст, слика, музика, коментар, песна, да го соопштите она што го мислите - да промовирате активно граѓанство и промени (**да го кренете вашиот глас**).

Преку кампањи може да ја зголемите свесноста на граѓаните за некои проблеми; да покажете граѓанска ангажираност.

Социјалните медиуми можат да им помогнат на луѓето да проследат вести со голема брзина за големи светски настани. Ова им дозволува на луѓето од целиот свет побрзо да реагираат, па дури и да помогнат, да се вклучат во хуманитарни или други акции.

На пример, во јануари 2010 година, Република Хаити ја погоди земјотрес и на многу луѓе им беше потребна храна и засолниште. Веднаш по земјотресот, Меѓународниот Црвен крст започна апел за помош на социјалните медиуми. За многу краток период беа собрани пари од цел свет за да им се помогне.

Функцијата за споделување, достапна на социјалните мрежи, го прави нашето мислење достапно до огромен број луѓе (дури и до оние кои не се на списокот на наши пријатели).

Социјалните медиуми инспирираат големи движења и иницијативи низ целиот свет. Да ги земеме, на пример, организациите кои имаат за цел да ги спречат климатските промени со насочување на владите и големите производители кои ја загрозуваат животната средина.

Треба да го искористите својот интерес во социјалните медиуми за да промовирате учење, креативно изразување и граѓанско ангажирање. Можете со најразлични алатки да спроведете истражување, да допрете до експерти , да поставувате прашања, но и лесно да најдете одговори и решенија во врска со она што го учите во училиште.

## НЕГАТИВНИ СТРАНИ ШТО СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ МОЖАТ ДА ГИ ДОНЕСАТ

Покрај позитивните, социјалните медиуми имаат и свои негативни карактеристики.

На пример, лесно пласирање на дезинформации и невистинити вести, крадење и злоупотреба на личните податоци, вознемирување и малтретирање на интернет (сајбер-булинг), говор на омраза и други појави.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

„Имаше случај кога неколку европски весници прогласија еден човек како можен осомничен. Тие дури објавија и фотографија од човекот. Но, тој човек беше потполно невин“. Некој манипулирал со фотографијата од неговата страница на „Фејсбук“ и ја објавил на социјалните мрежи како шега.

Таа фотографија брзо се проширила во јавноста.

- Како влијаела оваа информација врз јавноста?
- Какви последици предизвикала и какви последици можела да предизвика?
- Колку пати сте биле во стапица да ги отворите оние измамнички реклами/линкови кои ве мамат да кликнете и кои ќе ве однесат до невистинити информации? На пример, наслов на кој пишува дека некоја славна личност починала или претрпела ужасна трагедија.

## МЕДИУМСКА ПРОПАГАНДА

Сигурно сте забележале додека го гледате вашиот омилен филм, барем неколку пати ќе слушнете и ќе ви се појават некои реклами. Зошто е тоа така?

Рекламата се користи за да се информираат потрошувачите за производите или за услугите кои се нудат. Оние кои се рекламираат сакаат да имаат поголема продажба на некој производ и да заработат повеќе пари. Рекламите ги прават професионалци, чија работа е да се претстави одреден производ или услуга во обид да нè натераат да го купиме. Покрај производите, и разни институции, организации, здруженија, политички партии се рекламираат за да бидат прифатени, со цел луѓето да се приклучат на таа организација или да прифатат одредена услуга.

Главната цел на пропагандата е да натера што повеќе луѓе да веруваат во однапред дадена идеја. Пропагандата најчесто се поврзува со материјали кои се подготвени од страна на влади, компании, активистички групи, религиозни организации, медиуми и сл.

Недостатоци од социјалните мрежи:

1. Отсуствува дружење со пријателите во реалниот свет.
2. Насилство врз поединци (исмејување, навреда).
3. Кражба и злоупотреба на приватни фотографии.
4. Недостаток од приватност.
5. Достапност на нашите лични информации во секој момент.

**Медиумска пропаганда** претставува информација или сет на информации која се користи за да се влијае на одредена публика или да се промовираат одредени интереси. Информациите вообичаено не се потполно објективни и ги презентираат фактите на селективен начин, за да поттикнат одредени чувства, перцепција или да влијаат на одредени ставови кај публиката. Информацијата е честопати прикажана на емотивен, наспроти рационален начин.



Медиумската писменост бара внимателна концентрација и разгледување.

Потсети се:

Секогаш треба да бидеме свесни за ова несовпаѓање помеѓу традиционалните медиуми и социјалните медиуми. Вежбањето на медумска писменост е вештина како и секоја друга вештина. Медиумската писменост бара внимателна концентрација и разгледување. Секојдневно многу центри на моќ (политички, бизнис, економски заедници) се обидуваат да „ја продадат својата вистина", а критичкото мислење е неопходно. Критичко размислување за пропаганда и разбирање на намерите на пропагандата се клучни одговорности на граѓанството.

Новинарството е професија што треба гласно да се спротивставува на сите неправди, дискриминацијата, притисоците и злоупотреби во општеството, но и против пропагандата и наметнувањето еднострани мислења.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

- Дали некогаш ви се случило да сакате нешто да „постирате" на вашиот профил на социјалните мрежи, но сте се премислиле?
- Зошто сте се премислиле?
- Колку на вашата одлука влијаеше помислата – Што ќе кажат/ Како ќе реагираат другите?
- Дали ви се случило на некој друг да му укажете дека не требал нешто да „постира", а тој го направил тоа (текст/слика)?
- Сте слушнале ли за поимите цензура и автоцензура?



Цензура е спречување нешто да биде прочитано, слушнато или видено.

**Цензура** е забрана за изнесување одреден став, забрана за однесување на одреден начин. Со неа се покажува моќ, се користи за да се заштити одредена група, или да се замолчи некој, што е спротивно на слободата на говор, а може да биде поврзано со пропаганда, итн.

**Автоцензура** е кога се воздржуваме нешто да кажеме или направиме, или пак ги избираме работите кои ги кажуваме/правиме во зависност од тоа кој не слуша или гледа. Самите си забрануваме нешто поради страв/неизвесност/несигурност, бидејќи на ум ги имаме „другите" и нивната реакција, итн.

Не постојат вистински демократски општества без слободни и независни медиуми. И обратно – не можеме да очекуваме независни и развиени медиуми во недемократски општества.

Главните затајувачи на вистината најчесто се политичарите или високи центри на моќ. Цензурата е забранета и обврска на новинарот е да ја спречи. Поради политички влијанија, се јавува и самоцензура, а граѓаните немаат можност да ја дознаат вистината.




Автоцензура – самите си забрануваме нешто поради страв/неизвесност/несигурност, на ум ги имаме „другите“ и нивната реакција.

Што треба да погледнеме кога читаме вест:

- присуство на факти;
- дали авторот во текстот навел одредени факти, врз основа на кои ја гради вистинитоста;
- точност на изворите - да се проверат изворите – постојат ли и дали се точно наведени (вообичаено се вели – цитирани).
- веродостојност на наводи - дали тие наводи се веродостојни, бидејќи и кога има извор, кога тој е точно наведен, не мора да е прецизно или верно пренесен или може, едноставно, да не е релевантен.

Во случај да се утврди непрофесионално известување Советот за етика во медиумите изрекува морална санкција која се упатува кон медиумите

Не треба да праќаме пораки кои подгреваат насилство, омраза и негативна енергија кон поединци или различни целни групи. Тоа е најмалку што можеме да направиме.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Прочитај ја долудадената ситуација и дискутирај на дадените прашања:

Текстот нема да биде објавен во оригиналната форма.

Алекс е новинар во локален весник и за саботното издание подготви текст за штрајкот на текстилните работници во градот, кои мораат да работат за време на викенди и празници. Кога го предаде текстот на уредникот, тој му кажа дека текстот мора да се преработи бидејќи настанот не е објективно прикажан. Уредникот тврди дека Алекс во текстот недоволно ја обработува страната на работодавачот, кој смета дека работниците не се трудат доволно да ги исполнат нормите кои се бараат од нив, и затоа мораат да ја довршуваат работата за време на викендите. Уредникот самиот го преработи текстот, и во новата верзија тој беше многу помалку критичен кон сопственикот на фабриката.

Сопственикот на текстилната фабрика, истовремено е и сопственик на локалниот весник.

- Што мислите, дали ова е цензура или пак, медиумска пропаганда?
- Колку го оправдувате или, не го оправдувате ваквиот потег? Објаснете.

**Активност 2:**

Сакам да се борам против говорот на омраза на социјални медиуми што е можно поефикасно.

- Креирајте група преку социјалните медиуми под името „Кажи НЕ на говорот на омраза". Креирајте насловна страница, правила на групата и сè што е потребно за нејзино функционирање, вклучувајќи и ваша реакција на говорот на омраза како администратори.
- Потоа дискутирајте на прашањата:

Дали сте забележале говор на омраза на интернет? Кој обично пишува вакви пораки и за кого се наменети? Дали мислите дека тоа е во ред и, ако мислите дека не е, зошто? Дали понекогаш го правите тоа вие, иако знаете дека тоа не е во ред? Како се чувствува лицето кон кого е насочен говорот на омраза и што мисли тој/таа? Како можеме да го спречиме или барем да го намалиме говорот на омраза?



# САЈБЕР НАСИЛСТВО

Веб-страниците за социјално вмрежување, апликациите за пораки, страниците за игри и оние кои ги користиме за разговор, како што се „Facebook“, „XBox Live“, „Instagram“, „YouTube“, „Snapchat“ и други, можат да бидат корисни и забавни.
Но, што ќе направиш ти кога работите ќе тргнат наопаку? Сајбер-малтретирање?

## ШТО Е САЈБЕР-НАСИЛСТВО?

Сајбер-насилството е секаква форма на малтретирање што се одвива преку интернет или преку „паметните“ телефони и таблети.

Тоа е распространето на интернет и повеќето млади луѓе го доживеале.

Социјалните мрежи имаат предности и недостатоци, затоа бидете претпазливи со нивната употреба.

**Насилство** е постојано, намерно повредување на една личност или група од друго лице или група луѓе. Тоа може да се случи лице в лице или преку сајбер-просторот. **Сајбер-насилство** претставува злоупотреба на дигиталните медиуми (како веб-страници, социјални мрежи, мобилни апликации и текстуални пораки) за заплашување, вознемирување, малтретирање, имитирање, измама, објавување гласини, закани, лични податоци на жртвите, ширење говор на омраза или предизвикување штета некому. Најчесто сајбер-насилството е насочено кон употреба на електронската комуникација во негативен контекст во однос на раса, религија, етничка припадност, социјален статус, сексуална ориентација, физичка или ментална



Во една неодамнешна национална анкета за малтретирање, 56% од младите изјавиле дека виделе како други биле малтретирани преку интернет, а 42% се чувствувале небезбедни на интернет. Сабер-малтретирањето може да се случува 24 часа на ден, 7 дена во неделата и може многу брзо да се шири.



„Тролови“ (анг. trolls) - најчесто анонимни корисници на социјални медиуми, кои употребуваат навредлив говор, па дури и говор на омраза (често претставен под маска на цинизам), со цел предизвикување лутина, бес, паника, страв, тага, очај (т.е. негативни емоции) кај другиот, а за сопствена забава и задоволство (т.е. позитивни емоции)

„Тролање“ (анг. trolling) - подбивање и потпалување на интернет-заедницата со коментари, кои најчесто се навредливи пораки, со цел намерно да создаде заблуда или лага или да се дефокусира расправата.

карактеристика, родов идентитет и останати други лични карактеристики. Ова може да биде преку „паметен телефон“, компјутер, лаптоп, таблет или онлајн платформа за играње. Може да се спроведе преку голем број на онлајн или мобилни услуги, како што се, е-пошта, веб-страници за социјално вмрежување, апликации за размена на текстуални и визуелни пораки, услуги за споделување на фотографии или на разговор, веб-камери, апликации за визуелно учење и онлајн игри. Денес е лесно да се креира профил на „Фејсбук“, „Инстаграм“, „Снепчет“, или веб-сајт и блог до кого сите ќе имаат пристап.

Сајбер-насилство се разликува од насилството лице-в-лице на неколку клучни начини. Може да се случи во кое било време и на кое било место. Исто така, потешко е да се открие, бидејќи сајбер-насилниците најчесто користат псевдоними и лажни профили преку кои вршат насилство врз други интернет корисници. Дополнително, сајбер-насилството исто така може да биде многу јавно - голем број на луѓе на интернет можат да видат што се случува.

**Карактеристики по кои сајбер-насилство се разликува од насилството лице в лице:**

- насилникот може да користи анонимни виртуелни профили;
- може да се случи во кое било време и тешко се избегнува;
- може да допре до голем број на луѓе – содржината поделена во некоја група или поставена на јавни онлајн платформи.

**Сајбер-насилството може да се јави во различни форми:**

- вознемирување – константно праќање навредливи, вознемирувачки и груби пораки и порнографски материјали;
- имитирање / преправање - пробивање во туѓи кориснички сметки и праќање лажни, засрамувачки пораки во туѓо име;
- омаловажување - пишување гласини или други неточни изјави кои може да ѝ наштетат на жртвата, како и слики со понижувачка содржина и срамни лични информации и нивно праќање или објавување на интернет;

- измама и јавно откривање – споделување туѓи лични информации или измамување некого за да ги сподели своите тајни со цел да ги препраќа на други;
- вулгарно обраќање – праќање лути пораки со вулгарна содржина;

Вообичаено, покрај насилникот и жртвата, во сајбер-насилството се јавуваат и други луѓе кои се сведоци на истото. Оттука одредена личност може да биде во улога на:

- Набљудувач - забележува конфликт или неприфатливо однесување, но не учествува во него и не презема никаква акција по однос на тоа.
- Сојузник на жртвата - реагира на ситуацијата на насилство преку поддршка на лицето што е малтретирано (преку морална поддршка, советување, преземање на заеднички акции со жртвата).
- Спротивставувач (заштитник) - активно презема иницијатива во решавањето на случаите со сајбер-насилство.

Сајбер-насилството може да има сериозни последици. Жртвите чувствуваат: намалена самодоверба, несигурност, страв, депресија, немир, тага, несоница, намалена желба за храна, намалено поведение и успех во училиште, агресивност, негативни мисли за самоповредување и слично.

## КАКО ДА СЕ СПРЕЧИ САЈБЕР-НАСИЛСТВОТО?

- ⇨ Доколку твоите лични податоци се злоупотребени на интернет, можеш да го пријавиш случајот во Дирекцијата за заштита на лични податоци (www.dzlp.mk).
- ⇨ За тешки случаи на сајбер-насилство, кои вклучуваат закани, можеш да се обратиш во полиција заедно со твоите родители.
- ⇨ Пријавувај ги злоупотребите на веб-сајтовите и социјалните мрежи преку соодветните опции или со обраќање директно до администраторот.
- ⇨ Не откривај ги твоите лични податоци на интернет.
- ⇨ Не кажувај ги своите лозинки.
- ⇨ Не враќај на насилни пораки, само чувај ги како доказ.
- ⇨ Не отворај пораки од непознати испраќачи или од деца што знаеш дека се насилници.




Забрането е да се криете зад лажен профил и да му се наштетува на друго лице. Иако се забавни, со социјалните мрежи треба да се биде многу внимателен.



Иако некој се крие зад лажен профил и врши насилсво, тоа има иста тежина како да е направено во реалниот свет.

Повеќето од апликациите и страниците за социјално вмрежување се наменети за лица на возраст од 13 и повеќе години.

Интернет „меме“ или „мим“ (од анг. meme, информатички еквивалент на гените, анг. gene) - секоја информација што прераснува во социјален феномен заради лесно и брзо пренесување и споделување низ социјални платформи. Кога корисниците споменуваат „мемиња“, најчесто се работи за шеговито видео, слика, хиперлинк или запис.

Влијателни корисници или „инфлуенсери“ (од анг. influencers) - Најчесто станува збор за добри познавачи на интернет-технологии и напредни корисници на социјални платформи, кои своите технолошки и социјални вештини ги користат со цел да се зголеми видливоста на пораките што ги шират

- ⇨ Не објавувај на интернет нешто што не би сакал да го знае целиот клас.
- ⇨ Не праќај пораки кога си лут/а.
- ⇨ Не приклучувај се кон сајбер-насилство. Ако го забележиш, пријави го на возрасен.

Денес, виртуелното насилството е реален проблем кој спаѓа во групата на сајбер-криминал заедно со економскиот сајбер-криминал (со кредитни картички на пример).

Во случај да си жртва на сајбер-насилство, не молчи и не повлекувај се во себе. Кажи им на родителите, или на некој кому му веруваш. Заедно ќе најдете решение!

Секојпат кога ќе посетите веб-страница или кога објавувате нешто, вашиот провајдер на интернет услуги, има електронска белешка за вашата активност. Дури, ако креирате и анонимна адреса за е-пошта, сепак може да се проследи.

На пример, веднаш штом фотографиите и личните информации ги поставите на интернет, тие остануваат таму засекогаш. Затоа размислете внимателно дали сакате вашите фотографии да им бидат достапни на сите засекогаш, затоа што во тој случај вашата приватност станува јавна.

Размислете двапати пред да објавите нешто на интернет, бидејќи откако ќе излезе таму, не можете да го вратите назад. Многу е лесно сите коментари или објави што ги поставувате на интернет да бидат извадени од контекст и тие може да бидат штетни и со долгорочни последици за вас.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Дигитален постер „Исклучете ги сајбер-насилниците "

- Создадете дигитален постер на кој ќе бидат поставени стратегии на тема: „Исклучете го компјутерскиот насилник".

Можете да користите свои идеи и да вметнете идеи од некоја веб-страница, на пр., „Wordle", „Tagxedo", „Prezie".

- Доколку сте во можност, објавете го тој дигитален постер на училишната веб-страница.

**Активност 2:**

Проследи ја училишната web страница и напиши предлози за уредување на истата.

- Опишете како изгледа веб-страницата на училиштето и какви информации и новости содржи. Обидете се да дадете предлози за уредување на истата за еден ден. Главната работа на еден уредник на портал е да ги избере најинтересните новости и информации за својата публика.

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

Твојата другарка поставува „пост" на „Фејсбук": „Се чувствувам тажно (емотикон)... зошто луѓето едноставно не ме остават на мир?"

Како би реагирале на постот на другарот/другарката? Размислете за:

- Каква би била вашата прва реакција откако ќе го прочитате ова?
- Кои други зборови би ги користеле за да ги опишете емоциите на вашиот другар/другарка?
- Зошто мислите дека вашиот другар/другарка го објавиле ова?
- Како би го поддржале вашиот другар/другарка? (Вербално, контакт лице в лице, онлајн дискусија, итн)
- Дали би вклучиле други луѓе, како што се семејството или пријателите?

## ПОИМИ

**Културен идентитет:** Степен и специфичности на развојот во духовната и материјалната сфера во определена епоха или на еден народ или поединец врз основа на јазикот, обичаите, религијата и етносот.

**Секуларна:** Одвоена од верска или духовна врска или влијанија.

**Атеизам:** Неверување во постоењето на божества.

**Насилство**: Постојано, намерно повредување на една личност или група од друго лице или група луѓе.

**Сајбер насилство:** Примена на сила врз некого против неговата волја и неговите права во виреуелниот простор на интернет.

**Цензура:** Спречување на говорот, јавната комуникација или други информации, врз основа на тоа што таков материјал се смета за непристоен, штетен, чувствителен или „незгоден".

**Автоцензура:** Самоцензура, свесно ограничување на сопствената слобода на творештво.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Какво е значењето на културата во општеството?
- Каква е функцијата на културата во нашата заедница?
- Кои елементи го сочинуваат културниот идентитет?
- Зошто секој поединец може да има сопствен културен идентитет?
- Кои групни идентитети на поединецот може да се дел од неговиот/нејзиниот културен идентитет?
- Што е атеизам?
- Наведи примери на меѓурелигиска соработка.
- Каква функција има религијата во граѓанското општество?
- Што е секуларност?
- Дали може подетално да објасниш што значи кога ќе кажеме дека нашата држава е секуларна?
- Какви релации се потребни помеѓу верниците од различни верски заедници за едно здраво демократско општество?
- Наведи позитивни примери на толеранција помеѓу религиозните лица и атеистите.
- Кои креативни техники ги користат социјалните медиуми за привлекување на твоето внимание?
- Што е сајбер-насилство?
- Дали имаш причина да се посомневаш во некој линк од социјалните мрежи? Зошто? Наведи пример.
- Што би можеле да претпоставиме за неодговорното користење на социјалните медиуми?
- Наведи примери на сајбер-насилство.
- Дали е присутно сајбер-насилството во твоето училиште? Направи акционен план за заштита на твоите соученици од сајбер-насилство.
- За кого можеме да кажеме дека е атеист?
- Што подразбираш под медиумска пропаганда?
- Наведи неколку примери за предности и неколу примери за недостатоци на социјалните медиуми.
- Која е разликата помеѓу цензура и автоцензура?

# ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА

- ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО
- ПРАВНА ДРЖАВА
- ИЗБОРИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ОПШТЕСТВОТО
- ДРЖАВНАТА И ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- набројуваш карактеристики на правна држава;
- разликуваш приватен од јавен интерес и наведуваш примери на неетичност во својата средина;
- препознаваш социјален притисок во конкретни ситуации меѓу врсниците;
- ги набројуваш човековите права кои се прекршени во ситуации на корупција;
- оценуваш дека секој чин кој има за цел лична добивка на штета на другиот е неетички и/или незаконски;
- предлагаш етички начини за справување со ситуации на социјален притисок;
- почитуваш резултати од демократски избори и одлуки на мнозинството во својата средина;
- анализираш дејствување на политички партии во општеството;
- дискутираш зошто е важно учеството на избори и како е тоа поврзано со легитимитетот на власта (конкретни примери);
- споредуваш функции и одговорности на државната и јавната администрација и уочуваш разлики во конкретни ситуации;
- ги наведуваш и дискутираш за правата и одговорностите на граѓаните во својата локалната заедница.



# ТЕМА 5





# ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО



Правдата без милост е сурова сила, дури и Римјаните имале поговорка – Fiat iustitia, paereat mundus – Нека се спроведе правдата, макар и светот да пропадне!

Но, не е добро да постои и милост без правда, бидејќи тоа е знак на слабост. Правдата треба да произлегува од умереноста.

„Светот може да го менува само човек којшто е подготвен и самиот да се менува“

## ОД НЕПРАВДА ДО ПРАВДА

Се случило да забележиш неправда на училиште: Сметаш дека некои наставници ги оценуваат одделни ученици со високи оценки, само поради нивното семејно потекло или однесување; чувствуваш дека училиштето не презема соодветни мерки за да спречи насилство кај учениците; ти пречи што често се случува да имаш премногу тестови во еден ден; се донела некоја важна одлука во училиштето без да се прашаат учениците.

Ако се запрашаме, што е карактеристично за сите овие случаи, ќе сфатиме дека во сите случаи има неправда. Неправдите се случуваат секојдневно во нашето опкружување. Иако луѓето ја сакаат правдата, сепак, неправди се случуваат.

Постои една приказна во која сите деца ја препознаваат неправдата. Да се сетиме на приказната за Девојчето со кибритчиња. Зошто беше онеправдено девојчето? Обидете се да размислувате за девојчето како за девојче во современото општество. Како завршува приказната за Девојчето со кибритчињата? Тажно! Сменете го крајот на приказната со некој друг алтернативен крај кој завршува среќно и размислете што е потребно за Девојчето да се здобие со правда и да ја постигне својата среќа. Како таа, денес, би требала да биде заштитена во една правна држава?

Да претпоставиме дека многу девојчиња и момчиња во светот денес се наоѓаат во слична ситуација како Девојчето. Како може да им се помогне? Што е потребно за да излезат од состојбата на неправда.

Најверојатно ќе помислите дека е потребно некој да ги слушне и да ги заштити од неправдата во која се наоѓаат. Кој е тој „некој“ што треба да ги заштити? Тоа се поединците и институциите кои имаат одговорност да ги спроведуваат законите во државата и треба да ја овозможат правдата.



Темида, божица на правдата

Во однос на спроведување на правдата, корисно е да знаеме дека постојат три начини за да се стигне до правдата.

- Првиот начин е со дитрибуција на правдата. Што значи тоа? Треба да ги земеме предвид сличностите и разликите помеѓу членовите кои се однесуваат на нивните потреби и способности. Дистрибутивна правда е, на пример, кога во еколошката акција во училиштето водиме грижа какви задолженија ќе добијат учениците, земајќи ги предвид нивната возраст или физичка сила. **Дистрибутивната правда** е праведна поделба на задачи и на ресурси внатре во некоја група или заедница.
- Постои и **корективна правда**, а тоа е правичен начин на постапување на некое погрешно однесување на поединци. На пример, се случува некое дете да земе нешто што не е негово без прашање и, доколку го увиди тоа и го врати тоа што го земал, или ако ја плати штетата или ако добие казна за стореното, во тој случај е спроведена корективна правда. Мошне е важно да се добие праведен одговор за сторен прекршок или лошо дело за да се спречи повторувањето на лошото дело. Истовремено и да им се даде до знаење на другите членови на заедницата дека таквите неприфатливи однесувања доведуваат до некаков вид казна.
- Постои и **процедурална правда**. За донесување на праведни одлуки важно е да се почитуваат законските процедури (низ на одредени постапки и дејства). Многу важно е да се воздржиме од секакви обвиненија за осомничените луѓе додека не се докаже дека извршиле лошо дело. Сомневањето дека некој сторил нешто што е казниво со закон, не значи истовремено и вина. Вината се докажува преку постапка на суд, врз основа на докази.



Дистрибутивната правда е праведна поделба

„Кое било општество, коешто во интерес на моменталната корист е подготвено да ги жртвува вистината и правдата, е осудено на пропаст“

Постои извесна разлика, но и нераскинлива врска помеѓу **правдата** и **правото**.

Луѓето во различно време на различен начин одредувале што е, а што не е праведно. Порано се сметало дека е праведно да се има робови – денес не. Се сметало дека е праведно жените да немаат глас – денес не. Се сметало дека е праведно децата физички да се казнуваат – денес не, итн.

Денес, праведно е нешто кое значи дека луѓето се еднакви (тоа не значи дека луѓето се исти, туку дека имаат исти права), можат слободно да кажат што мислат (без да го навредат другиот), ги почитуваат разликите (прифаќаат дека може да сакаме различни нешта, да се однесуваме различно, да веруваме во различни нешта), прифаќаат дека секој човек има еднакви права и слободи како нив самите (сè што смеам и можам јас, смее и може и другиот).

Правдата луѓето ја „пакуваат" во закони и така се обидуваат луѓето да почитуваат одредени правила кои ќе обезбедат праведност. Секој има право на чиста вода за пиење и државата мора да го обезбеди тоа; секое дете има право на семејство и грижа за него, право на обазование и друго. Но, се случува правдата многу пати да не е задоволена, бидејќи правото или законите не се во согласност со правдата.




Правдата и почитувањето на човековите права треба да е во основата на правото

На пример, правда е секој ученик да добие знаење и помош од наставниците. Се случува ученикот да мора да отсуствува подолго време од училиште заради болест. Во стариот закон за образование, оваа состојба не беше решена. Учениците кои беа во болница или на домашно лекување се снаоѓаа за новите наставни содржини преку другарчињата кои им пренесуваа што работеле во училиште. На тој начин, сепак, беа онеправдени да добијат соодветно објаснување и стручна помош од наставниците. За да се задоволи правдата, беше потребно да се смени законот. Навистина, законот се смени и во новиот закон се предвидува поправедно решение. Во член 15 од Законот за основно образование сега стои: „учениците што, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго од три недели, наставата се организира во домашни услови, односно во здравствена установа".

## ШТО ЗНАЧИ ПРАВО?

**Правото** е збир на правила со кои се уредуваат односите меѓу луѓето во општеството. Тие правила ги донесува државата и нивна главна карактеристика е што се пишани правила.

Најчеста форма во која се јавуваат правилата е законот, но можат да се јават и како устав, подзаконски

акти и меѓународни договори. Секој закон има точно определена цел, заштита на некоја вредност. Вредностите кои се заштититуваат преку законите можат да бидат од различни области, и тоа: економијата, социјалната заштита, политиката или моралот.

Во различни држави, во различно време, вредностите биле различно заштитени со закон. Во оптимални (најдобри можни) услови во општеството, правдата и правото треба да се совпаѓаат и во тој случај тие општества се нарекуваат праведни општества.

Големиот филозоф Сократ, во 399 г. пр. н.е. со своите јавни говори на плоштадот ѝ се замерил на тогашната власт која го осудила на смрт, со обвинение дека е безбожник и ја расипува атинската младина. Правдата била на негова страна, но правото не било во интерес на правдата. Му било понудено да го прекрши законот и да избега од државата или да го почитува законот и да умре со испивање на отров. Тој одлучил да го почитува законот. Но, низ целата историја останува моралната димензија на овој случај, дека му е нанесена неправда. Сократ е моралниот херој, кој поттикнал општествени промени за менување на законите во интерес на правдата. Со неговата неправедна смрт тој докажал дека ќе ги почитува законите на државата, дури и кога се лоши. Наместо да се спречи неговото влијание со неговата смрт каква што била идејата на власта, дошло до триумф на неговата доследност и етичност.



Сократ зборува на атинскиот плоштад „Секој закон е општо правило, но има многу индивидуални случаи коишто не можат да се третираат правично според таквите општи правила“

## ШТО ЗНАЧИ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО?

**Владеење на правото** се заснова врз слободата и правата на човекот и врз еднаквото важење на сите закони за сите членови на општеството.

Во Уставот на нашата држава како темелна вредност е усвоен концептот на владеење на правото. Суштината на овој концепт е ограничување на самоволието на носителите на државната власт, а тоа значи дека и оние коишто владеат треба да ги почитуваат правилата и нивната власт треба да се темели исклучиво врз правото.

Најодговорни институции во спроведувањето на правдата и законите во државата се судовите, полицијата, народниот правобранител, јавното обвинителство. Доколку голем дел од граѓаните се незадоволни од процедурите или од законите, тогаш треба да се залагаат за нивно менување, но без притоа да се прекршува законот. Граѓаните имаат можности преку граѓанските иницијативи да иницираат промени кои водат кон подобрување на положбата на граѓаните во општеството.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Прочитајте ја приказната и дискутирајте за положбата на Девојчето со кибритчињата. Потоа драматизирајте го текстот, со акцент на поинаков алтернативен крај во којшто девојчето успева да преживее и да има достоинствен живот. Забележете ги правата што ѝ биле ускратени на девојчето. Идентификувајте одредени делови на кои треба да посветите посебно внимание и кои можат да ве водат при утврдување на неправдата која ја трпела таа. Можете да додавате ликови, приспособени на вашите потреби и да создадете алтернативен крај или, можеби, ќе го оставите оригиналот. После работењето на текстот, изведете ги своите кратки драмски сцени. Една група треба да ги следи драматизациите и да го презентира својот критички став. Разговарајте за начините на кои може општеството, преку институциите, да ѝ помогне на девојчето. Поздравете го секој настап, но можете и да образложите која група била најуспешна и зошто.

**Приказна за девојчето со кибритчињата**

За време на Бадник, едно сиромашно мало девојче, смрзнувајќи се од студот на зимата, се обидувало да продаде кибритчиња на улица. Таа била исплашена да си оди дома затоа што знаела дека нејзиниот татко ќе ја истепа ако не ги продаде кибритчињата. По многу обиди да ги продаде овие кибритчиња, сепак, не успеала да ги продаде и тие ѝ останале во рацете, додека студот полека ѝ ја одземал силата.



Девојчето се предало и легнало во студената ноќ на улицата во близина на една продавница. Бидејќи било многу студено , таа почнала да ги пали кибритчињата за да се стопли. Секој пат кога ќе запалела кибритче, ќе здогледала нешто за што отсекогаш сонувала, храна, облека, но штом ќе посегнела да го дофати тоа, кибритчето ќе се изгаснело и волшепството ќе исчезнело. Последното кибритче што го запалила ѝ ја осветлило нејзината покојна и најсакана баба, која ја однела со себе на небото во таа студена ноќ. Со тоа исчезнале грижите на сиромашното девојче. Така, утрото се зазорило над малото, мртво тело, коешто останало склупчено на улицата.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Секој ученик може да се изјасни и да аргументира за исказите од табелата.

| | СЕ СОГЛАСУВАМ | НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ |
|---|---|---|
| Законите мора секогаш да се почитуваат, дури и кога тоа претставува проблем за тебе лично | | |
| Никогаш не би му помогнал/а на пријател/ка ако тоа значи да прекршам закон | | |
| Прекршувањето на правилата не е страшно ако ги олеснува и/или ги скратува вообичаените процедури | | |

Што мислите за следниов предлог на заклучоци и аргументации?

1) Законите мора да се почитуваат ако се добри и ако им служат на граѓаните. Но, доколку законот не наведува да направиме нешто лошо, треба да се ангажираме за да го подобриме. Пример: Доколку законот вели дека жените треба да бидат третирани полошо од мажите при вработување, тогаш тој закон е лош и треба да се потрудиме да го промениме; 2) Законот мора да се почитува, дури и кога станува збор за наш пријател или за роднина; 3) Правилата треба да се почитуваат онака како што се пропишани.

### Активност 2:

Напиши есеј на тема: „Активното учество на граѓанинот го прави движечка сила во општеството"

Пред да започнете со пишувањето на есејот, дискутирајте за следниве прашања:

- Кој е одговорен за положбата на граѓаните во општеството?
- Што е право, што е правда?
- Како можеме да влијаеме за да се подобрат некои закони?
- Како ќе препознаеме владеење на правото?
- Кои институции треба се грижат за спроведување на правдата во државата?

# ПРАВНА ДРЖАВА





Основен суд - Скопје




Знак за спречување на корупцијата во Царина

Што значи поимот „правна држава“?

**Правна држава** е онаа држава во која се почитува принципот на владеење на правото. Во правна држава, оние кои раководат со државата (носителите на власта) имаат граници и правила според кои треба да работат. Правилата според кои треба да работат и носителите на власта се запишани во Уставот, законите, подзаконските акти и меѓународните договори. Многу често правната држава не функционира поради една штетна појава, а тоа е корупцијата.

## КОРУПЦИЈАТА Е БОЛЕСТ НА ОПШТЕСТВОТО!

Дали знаете што е корупцијата?

Еден од најтешките облици на загрозување на правото и правната држава е **корупцијата** (поимот „корупција“ потекнува од латинскиот термин „corruption“, кој се преведува како „поткупување/подмитување, расипаност/расипување, трулење и распаѓање како процес“).

Корупцијата означува злоупотреба заради добивка, мито (давање поткуп), фалсификување. Корупцијата е опасна за основните човечки вредности, како што се љубовта, пријателството и семејството. За жал, корупцијата е присутна во сите делови на општеството.

Што мислите за пишувањето на домашна задача заради конкретни услуги, што е тоа? На пример, ќе ти ги решам задачите за тестот, но за возврат ќе ми купиш што ќе посакам. Дајте неколку други примери каде што ја идентификувавте корупцијата.

Прифаќањето на таквото однесување е штетно за развојот на децата. Го става во искушение нивното однесување подоцна, како полнолетни граѓани во општеството. Тие практики на однесување со уцена или очекувана незаслужена добивка заради некој ангажман, може да доведат до тоа децата да стекнат впечаток дека коруптивното однесување е правилно. За да се запре корупцијата, потребна е силна волја и решеност.



Корупцијата е забранета и нелегална дејност

## КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВАТА И АНТИКОРУПЦИЈА

Во општеството, граѓаните секојдневно се сретнуваат со одлуки кои ги спроведуваат одговорни лица  во државните органи, јавните претпријатија, службите, установите. Сите тие  располагаат со извесен степен на власт, односно овластувања.

Оние субјекти на коишто граѓаните им дале моќ да владеат во нивно име, треба таа моќ да ја користат во интерес на сите граѓани и да не ја злоупотребуваат својата положба. Тоа значи дека функцијата треба да ја вршат во согласност со Уставот и законите. Не секогаш во една демократска држава се обезбедува владеење на правото во целост.



Фалсификатот се смета за коруптивно дејство

**Корупција на власта подразбира злоупотреба на функцијата и службената положба за остварување на каква било лична корист или корист за друго лице.** Корупцијата има различни форми, но секогаш има цел да се придобие некоја незаконска корист за себе или за друго.

**Најчести форми на корупција се:** поткуп или мито, непотизам (фаворизирање на роднини или пријатели за функции или работни места, неводејќи сметка за стручноста), проневера на државни финансиски средства, злоупотреба на службена положба и други.

Акцијата против сите форми на корупција се нарекува **антикорупција**. Секое присвојување на некоја туѓа работа и прифаќање мито го уништува општеството, па затоа треба да се стремите да создадете чесно и праведно општество.

Во Република Северна Македонија постои Државна комисија за спречување на корупција. Таа треба да презема антикорупциски мерки во согласност со Законот за спречување на корупција и Законот за спречување на судир на интереси.




Уставниот суд ја штити уставноста и законитоста на државата




Најодговорна во борбата за спречување на корупцијата е Антикорупциска комисија

Владеење на правото ја ограничува секоја власт. Владеењето на правото се спротивставува на самоволието и ги прави одговорни и казниви постапките на сите, вклучително и на носителите на власта. Притоа најважен институционален орган за реализација на владеење на правото е независноста на судството .

## СОЦИЈАЛЕН ПРИТИСОК

Влијанието на средината врз поединецот се нарекува **социјален притисок**. Во државите каде што владее правото и правната држава, влијанието е позитивно. Доколку луѓето во опкружувањето се придржуваат до законите, развиваат етички и морални вредности. Со тоа поттикнуваат ред, хармонија и почитување на човековите права. Но, понекогаш, граѓаните имаат чувство дека владее безаконие или законите важат и се спроведуваат селективно, а не подеднакво за сите граѓани во општеството.

Кога во општеството постои корупција, непотизам, непочитување на човековите права, тогаш тоа е негативен социјален притисок, кој е штетен за поединецот и крајно негативно се одразува врз развојот на општеството и граѓаните. Негативниот социјален притисок ги става граѓаните во нерамноправна положба, ја поттикнува неправдата и може да има далекосежни последици, бидејќи ја поткопува правната држава.

За да се спречи негативниот социјален притисок, државните функционери и други службени лица треба да бидат пример за сите граѓани. Тие треба се придржуваат до законите и не треба да применуваат коруптивни дејства од која било форма. Исто така, истите треба да се придржуваат до одредени етички стандарди и принципи.

Тоа значи дека во своето работење треба да бидат професионални, пристојни, сервисно ориентирани кон граѓаните и да се однесуваат со почит кон вработените, кон граѓаните, кон компаниите и кон други страни. Затоа, на ниво на секоја институција, се носат етички кодекси кои треба да се почитуваат.

Прочитајте, размислете и разговарајте!

„Не напишав домашна задача, дај ми ја да ја препишам“, се слуша секој ден од ученици кои не ја завршуваат својата училишна работа, туку ги препишуваат задачите од другите. Што мислиш, дали е во ред да се препишува на контролна задача? Да стекнеме корист од нечија туѓа работа е кражба. Присвојувањето или копирањето на туѓото дело (писмено, уметничко, итн.), се нарекува плагијаторство (латински плагијат = украдено). Учениците кои редовно ја вршат својата домашна задача вложуваат многу напор и не е во ред другите да ги користат резултатите од нивната работа. Можеби ќе помислите: Но, треба да му помогнам на другарот/другарката. И, навистина треба да му помогнете на другарот/другарката, но не на овој начин. Со пишување домашна задача, секој ученик ги повторува наставните материјали, придонесувајќи на тој начин за неговиот или за нејзиниот успех. Обидете се да му помогнете додека ја пишувате домашната задача. Од мали треба да учиме да бидеме искрени и да прифатиме одговорност за нашите постапки.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Прочитајте ги примерите во продолжение и дискутирајте на дадените прашања:

1. Дали можеби сте забележале или сте слушнале за некој сличен случај?
2. Како вие би постапиле доколку се најдете во слична ситуација?
3. Што мислите, како постапуваат другите во вашата околина?
4. Наведете примери на коруптивно однесување во својата средина?
5. Во кои случаи не би пријавиле корупција?
6. Како може да има праведна разрешница за граѓаните кои се оставени на улица во една правна држава?

**Случај 1**

На преминувањето на граничниот премин, Горан немал уреден зелен картон (осигурување на автомобил во странство). Поради тоа, тој му дал 2000 денари на полицискиот службеник, кој по земените пари го пуштил да помине без проблем.

Дали ова е случај на корупција и доколу е, одговорете зошто. Ако сметате дека ова не е случај на корупција, кажете зошто не е и објаснете како вие би постапиле на местото на Горан. Како вие би постапиле на местото на полицискиот службеник?

**Случај 2**

Генерален директор на јавно претпријатие, дел од приходите остварени во работењето на претпријатието ги искористил за лекување на својата мајка за која било неопходно да се изврши операција во странство.

Дали ова е случај на корупција и зошто? Зошто не е ? Објаснете како вие би постапиле на местото на генералниот директор. Како би постапиле на местото на вработените?

**Случај 3**

Наставничката Сабина е добра пријателка со Маре. Синот на Маре е ученик во VI одделение и по предметот кој го предава наставничката Сабина има оценка 4. На крајот на учебната година наставничката ја поправа оценката на синот на својата блиска пријателка од 4 на 5, за да не си го расипе пријателството со својата пријателка.

Дали ова е случај на корупција и зошто? Зошто не е? Објаснете како вие би постапиле на местото на наставничката Сабина? Како би постапиле вие на местото на Маре?

**Случај 4**

Вработената во едно министерство за време на работното време зборува на својот мобилен телефон приватни разговори повеќе од 2 часа.

Дали ова е случај на корупција и зошто? Зошто не е ? Објаснете како вие би постапиле на местото на вработената.

**Случај 5**

Синот на Ина е многу болен. Докторот бара пари за да му обезбедат место во болницата, за да може да се лекува. Ина му дава пари на докторот и местото е обезбедено. Наскоро болницата започнува со терапија. Дали ова е случај на корупција и зошто? Зошто не е ? Објаснете како вие би постапиле на местото на Ина. Како вие би постапиле на местото на докторот?




# ИЗБОРИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ОПШТЕСТВОТО

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ДЕМОКРАТИЈАТА

Улогата на граѓанинот во демократијата е многу различна од улогата што би ја имал во другите форми на управување. Во диктатурата и другите недемократски системи, постои владетел и постојат негови послушници. Во едно демократско општество, граѓаните избираат поединци кои ќе управуваат со државата. Граѓаните и властите се соработници за општото добро и за промовирање на човековите права.

Доколку граѓаните не учествуваат активно во животот во заедницата, постои опасност тие да престанат да бидат учесници (активни субјекти) на демократскиот процес и да станат само набљудувачи (објекти). Кога тоа ќе се случи, владата ги донесува сите одлуки без нивно влијание.

Најочигледна форма на учество на граѓаните во **демократијата** се **изборите**, односно довербата што граѓаните ја изразуваат кон своите претставници. На овој начин, на избраните претставници им се дава **легитимитет**. Сепак, кога се избрани, граѓаните сè уште треба да следат какви одлуки донесуваат претставниците и како ги извршуваат своите должности.

Ако граѓаните не учествуваат во демократски процеси, премолчено сигнализираат дека не им е грижа што



Собранието е дом на претставниците на граѓаните



Отворен ден за граѓаните во Владата



Собрание на општина




Референдумот е јавно изјаснување на граѓаните

ќе се случи и како ќе се води државата. Моќта што не е контролирана и вреднувана од граѓаните на изборите, лесно може да се претвори во недемократска форма на владеење. Учеството на граѓаните во животот во заедницата има многу придобивки:

- осигурува дека нивните избрани претставници не ги злоупотребуваат своите овластувања;
- владата е подобро информирана за очекувањата и за потребите на граѓаните и може да донесе подобри одлуки од интерес за граѓаните;
- граѓаните се вклучени во управувањето.

Секоја држава има различни начини на организирање на учеството на своите граѓани. Тоа придонесува за реализација на нивните потреби и за унапредување на општото добро на пошироката заедница.

Граѓаните се најблиску до локалната заедница во која живеат и тука најлесно и најдиректно влијаат при донесувањето на одлуки значајни за нивните животи. На овој начин, граѓаните го остваруваат своето право да учествуваат во работите на локалната самоуправа. Тоа право можат да го искористат – директно или преку гласање на слободно избраните претставници. Граѓаните можат непосредно и директно да учествуваат на **референдум**, што значи јавно изјаснување во процесите на донесување одлуки.

Почетокот на демократизација на општеството или почетната фаза на развој на демократијата се изборните демократии во кои се утврдени некои првични предуслови и основни процедури:

- политички плурализам (повеќепартиски систем) претставува основна претпоставка за развој на современата демократија. Политичкиот плурализам се манифестира преку различни форми: политички партии; политички движења; здруженија на граѓани; други неформални групи на граѓани.
- слободни и фер избори - изборите претставуваат политички настан и форма на политички натпревар за освојување на власта. Избирачкото право на граѓаните претставува столб на секоја демократија.

За воспоставување на демократија потребни се:

- владеење на правото, уставноста и законитоста;
- раздвојување на власта;
- независни медиуми;

- пазарна економија;
- развиено граѓанско општество.

На овој начин се воспоставува и се развива **демократијата како општествено уредување, кое подразбира управување на народот.**

Придобивки на демократијата се:

- почитување на човекот и неговото достоинство;
- заштита на интегритетот, човековите права и слободи;
- промена на власта на мирен начин;
- еднакви можности за сите граѓани (секој граѓанин може да бира и да биде избран);
- зголемена одговорност на носителите на власта кои се избрани од мнозинството граѓани;
- поделба на власта заради ограничување на овластувањата на јавните власти и пристап до независно и правично судство.



Трибина на претставниците на граѓанските здруженија

## ШТО Е ДЕМОКРАТИЈА И ВИДОВИ ДЕМОКРАТИЈА

Во својата суштина, **демократијата е форма на владеење во која државната демократска власт треба да произлегува од граѓаните и се спроведува исклучиво за заедничките интереси на граѓаните.** Бидејќи владеењето на целиот народ, во буквална смисла на зборот е тешко изводливо, современото демократското владеење се реализира преку избирање на претставници на граѓаните во власта наречена претставничка демократија.

**Претставничката демократија** претставува извршување на власта преку претставници избрани од страна на граѓаните. Тие го изразуваат своето мислење и волја на демократски спроведени избори, при што избраните претставници во нивно име и во согласност со Уставот и законите ја извршуваат власта. Демократијата е облик на правилно или добро владеење, кој нуди еднаква слобода и еднакви можности за сите граѓани.

Покрај претставничката, постои и **непосредна демократија** (директна демократија), која се карактеризира со тоа што при извршување на власта нема избрани претставници, туку секој граѓанин директно одлучува за одредено прашање.

Денес, **највисока форма на непосредна демократија е референдумот.** Референдум може да се распише на целата територија на државата за прашања кои се од важен национален интерес или на дел од нејзината територија (општина).

Преку референдумот, граѓаните го даваат своето мислење за одредено прашање или донесуваат определена одлука. На референдум, граѓаните го изразуваат своето мислење, гласајќи „за“ или „против“ одредено прашање. Обично, одлука преку референдум се смета за донесена, ако мнозинството граѓани гласале „за“, под услов да гласале повеќе од половина од вкупниот број граѓани.

Во нашата држава, Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива или по предлог (собрани потписи) на најмалку 150.000 граѓани.



Пример за непосредна (директна) демократија.

Во античка Грција, Атињаните, ги воведе едни од првите форми на демократија. Директната демократија значела лично владеење од страна на луѓето. Сите значајни одлуки биле носени на гласање пред Народното собрание кое го сочинувале сите полнолетни мажи, слободни граѓани на Атина. Директната атинска демократија долго време се сметала за идеален вид демократија, бидејќи барала висок степен на учество на сите граѓани во власта.

Што мислите, што е добра страна на овој вид демократија? На какви критики би наишла оваа демократија доколку ја гледаме од денешна перспектива? Кој, всушност, ги донесувал одлуките? Кои граѓани биле исклучени?

Имајте предвид дека овој тип на демократија имал недостатоци кои се состоеле во неприфаќањето на жените, на робовите и на странците за еднакви граѓани на Атина и нивно невклучување во донесувањето на одлуките.




Фер избори се клучни за иднината на државата

## ДЕМОКРАТИЈАТА И ИЗБОРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Каква е врската помеѓу демократијата и изборите? Изборите претставуваат основна карактеристика на демократијата. Преку изборите, гласачите имаат можност да изберат свои претставници во власта и да ги сметаат за одговорни за нивното владеење.

Уставот на Северна Република Македонија, на граѓаните им гарантира слобода на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и интереси. На тој начин, гласачите се осигуруваат дека нивните интереси и потреби се почитуваат и се остваруваат преку претставниците кои ги избрале.

Една од темелните вредности во Уставот на Република Северна Македонија се слободните и демократски избори.

Изборите им овозможуваат на граѓаните да гласаат и да одлучуваат за својата иднина. Граѓаните гласаат за да изберат претставници во различните нивоа на

власта. Тие веруваат дека со изборот на одредена политичка партија или политичар ќе влијаат на правецот во кој се развива државата.

Секој граѓанин има право да гласа по свое слободно убедување на избори, при што избирачкото право треба да биде:

- **Непосредно** – секој граѓанин својот глас го дава директно, а не преку посредник, и правото на глас не може да се пренесе од еден на друг граѓанин.
- **Тајно** – се гарантира тајност при гласањето. Никој нема право да знае за кого сте гласале, ниту пак имате обврска да му кажете некому за изборот кој сте го направиле.
- **Еднакво** – гласот на секој граѓанин се вреднува еднакво.
- **Општо** – сите оние кои ги исполниле условите за добивање избирачко право, се здобиваат со него без разлика на полот, возраста, расата, националноста, вероисповедта, социјалниот и општествениот статус.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

### Активност 1:

Пополни ја следнава табела или нацртај ја во тетратка.

| Што ми остави впечаток | Што ми беше нејасно |
|---|---|
| | |

Секој ученик запишува во првото поле еден поим/содржина која му оставила впечаток за време на часот, а во второто поле поим/содржина која му била нејасна. Потоа разговара со уште четири ученици и ги замолува во останатите полиња да запишат по еден поим но тој да не се повторува со останатите.

Кога ученикот ќе ги комплетира сите шест полиња - извикува БИНГО и крева рака. Следи презентација на БИНГО-то од страна на 2-3 ученици

### Активност 2:

Дебата на тема: „Гласањето (не) треба да биде задолжително "

Формирајте два тима од ученици за дебата. Тимови во дебатата:
Тим „А" (Гласањето треба да биде задолжително);
Тим „Б" (Гласањето не треба да биде задолжително)

Во една демократија, гласањето може да се јави како граѓанска одговорност (граѓанинот е пожелно да гласа, но може и да не излезе на избори), но и како законска обврска (граѓанинот е законски обврзан да гласа, а ако не го стори тоа може да има санкции).

Во нашата држава, гласањето е граѓанска одговорност, но постојат и држави (Австралија, Белгија, Грција, Луксембург) каде гласањето претставува законска обврска на секој граѓанин.

Првата група (Тим „А“) има за задача да ја брани идејата дека гласањето треба да биде задолжително (т.е. законска обврска). Имате 10 минути да размислите за аргументи за одбрана на вашата теза.

Втората група (Тим „Б“) има за задача да ја брани идејата дека гласањето не треба да е задолжително, туку само граѓанска одговорност која не треба да биде обврзувачка.

Размислувајте и за потенцијалните аргументи кои би ги дале оние што дебатирале од другата група, за да може да развиете соодветни контрааргументи. Аргументи: Изберете тројца претставници од вашата група кои ќе треба да ја одбранат вашата теза и договорете се кој кои аргументи ќе ги презентира. Притоа, имајте го предвид следниот формат за текот на дебатата и временската рамка: Формат за дебата: Временско ограничување за тимовите за дебатирање - дебатата треба да трае вкупно 16 минути, со следниот редослед:

- Тим А ја брани тезата поткрепено со аргументи (1 минута)
- Тим Б ја брани својата теза поткрепено со аргументи (1 минута)
- Тим А презентира нови аргументи и реплицира на претходните аргументи на тим Б (2 минути)
- Тим Б презентира нови аргументи и реплицира на претходните аргументи на тим А (2 минути)
- Тим А врши сумирање на целокупната дебата и ја извлекува главната поента на тезата (2 минута)
- Тим Б исто ја сумира целокупната дебата и ја извлекува главната поента на тезата (2 минути)



# ДРЖАВНАТА И ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

## ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА Е СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

Во секојдневниот живот граѓаните имаат различни потреби, за кои државата треба да им овозможи да ги реализираат преку нејзините институции.

На пример, сите граѓани имаат потреба од лична карта и други документи за идентификација, кои се издаваат преку органите на Министерството за внатрешни работи. Секој човек кога се раѓа добива единствен матичен број и извод од матичната книга на родените. Тоа се документи за кои државата е обврзана да ги издава на своите граѓани. Исто така, државните институции треба да им овозможат на граѓаните: здравствени картони, евиденција за здравствени услуги, вработување, социјална грижа, податоци за должината на работниот стаж и многу други услуги.

За да можат луѓето да функционираат во општеството, потребно е да има јавни службеници и даватели на услуги кои ќе ги вршат овие работи, со цел побрзо и навремено да се опслужат граѓаните.

**Јавната служба претставува збир на дејности кои се од заедничко, општо значење за сите луѓе и за нивните организации на одредено подрачје.** Вршењето на јавната служба е гарантирано и заштитено со различни правни прописи.

ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
www.javnaadministracija.mk



Јавнате служби треба да се во интерес на граѓаните




Државна институција одговорна за јавната администрација



Јавната администрација им помага на граѓаните полесно и навремено да бидат услужени



Едношалтерски систем

Јавните служби постојат за задоволување на бројните потреби од јавен карактер во општеството, односно задоволување на јавниот интерес на граѓаните.

Доколку сите вработени во јавната служба се вистински професионалци и располагаат со современа техника и со современи методи во својата работа, ќе постигнат поголем ефект и ефикасност како сервис на граѓаните. Поради тоа, многу е важно во јавната администрација да се вработуваат луѓе кои се компетентни и кои се мотивирани.

Јавната администрација, во современа смисла на зборот, е составена од професионалци, лица кои се вработуваат заради кариера, а за надомест добиваат плата.

## КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО НАШАТА ДРЖАВА

Во Република Северна Македонија вработените во јавната администрација се нарекуваат административни службеници. Административните службеници се вработените во **државната администрација** и **јавната администрација** и вршат административни работи.

- **Државните службеници** (по правило) се вработени во органите на државната и локалната власт и другите државни органи: министерствата, органите во состав на министерствата како инспекторатите, бироата, управите и сл; во стручните служби на Владата, Собранието, на Претседателот на државата, Народниот правобранител; управните организации, како Државниот завод за статистика и Државниот архив на Република Македонија и во стручните служби на единиците на локалната самоуправа.
- **Јавните службеници** се административни службеници вработени во институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон. Истите се организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините.

Со развојот на цивилизацијата се зголемува и обемот, односно бројот на потребите од јавен карактер, а како последица на тоа се зголемува и бројот на јавните служби. Три главни принципи се од особено значење во функционирањето на јавните служби, и тоа: принципот на еднаквост, принципот на адаптација (приспособување) и принципот на континуитет.



Државните и јавните службеници се клучни за функционирање на правната држава

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Во далечното минато, државата главно се занимавала со внатрешната и надворешната безбедност, со собирање даноци и со трговијата, па оттука, и бројот на институциите и вработените потребни за опслужување на државата бил помал. По Индустриската револуција и со развојот на меѓународната трговија, од државата се очекува да обезбеди услови за удобен живот, економски просперитет и други бројни права за своите граѓани, како што се: образование, здравство, пристап до енергенси, до вода за пиење, модерни патишта, здрава животна средина, телекомуникации итн. Со зголемувањето на улогата на модерната држава во секојдневниот живот на граѓаните, се зголемувал и опсегот на јавната администрација. Таа претставува збир на институции кои ги извршуваат јавните политики на владата и преку кои граѓаните ги остваруваат своите права. Во зависност од тоа дали јавната администрација се јавува исклучиво како сервис на државните власти или, пак, е сервис на јавноста, на државите можеме да гледаме како на поавторитарни или подемократски.



Службите на државата се меѓусебно поврзани



Лекарите се јавни службеници

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Работете во парови. Секој пар треба да ја реши задачата од работниот лист т.е. да ги поврзе институциите во следната табела со соодветната услуга којашто ја даваат. Потоа, можете да дадете примери и за други институции со чиишто услуги сте имале искуство.

| ИНСТИТУЦИЈА | УСЛУГА |
|---|---|
| • Училиште | • Проверка на квалитетот на воздухот |
| • Болница | • Изнајмување книга |
| • Полиција | • Ставање вакцина |
| • Театар | • Учење на дропки |
| • Завод за статистика | • Вадење пасош |
| • Библиотека | • Попис на население |
| • Инспекторат за животна средина | • Поднесување жалба за прекршени права |
| • Народен правобранител | • Гледање претстава |

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

Размислете и дискутирајте зошто е важно за граѓаните да живеат во држава која е уредена според следниве начела:

1. „Владеење на правото" подразбира две состојби, каде мораат да бидат обезбедени:
   - сите акти и активности на државните органи мораат да бидат засновани на прописите, содржани во највисокиот правен акт на државата, т.е. во Уставот;
   - законитост - подведување на сите органи на власта и сите поединци под Уставот и законот, потчинетост на сите на правниот поредок.
2. Државата мора да се држи до законите, но законите мораат да бидат во согласност со човековите права и слободи.
3. Државата во своите активности мора да го има предвид ставот, дека правата и слободите на луѓето се нивни природни права. Улогата на државата не е да ги дава или одзема тие права, туку да ги гарантира и да создава услови тие природни права луѓето да ги уживаат.
4. „Правна држава" ги означува:

- степенот на поврзаност на државата и правото (сфатено како збир од сите закони и други прописи), во кој државата со помош на правото ги уредува правните односи меѓу поединците;
- правните односи внатре во својата организација;
- правните односи меѓу државата и државјаните, кои на тој начин стануваат граѓани;

Законите мора да се почитуваат и применуваат подеднакво за сите граѓани.

5. За правната држава, важи и тоа дека Уставот, законите и другите прописи, еднакво ги третираат сите субјекти во државата (како физичките лица така и правните лица). Значи државата е должна да постапува законито и праведно кон сите во државата.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Што означува поимот правна држава?
- Каква појава е корупцијата?
- Кои дејства се препознаваат како коруптивни?
- Како може да се спречи корупцијата?
- Како може да влијае социјалниот притисок на поединецот?
- Зошто е важно владеењето на правото?
- Каква треба да биде јавната администрација во државата?
- Зошто е важно државната администрација да биде професионална, одговорна и навремена?

## ПОИМИ

**Правна држава:** Државата мора да се држи до законите, но законите мора да бидат во согласност со човековите права и слободи.

**Корупција:** Поткупливост.

**Антикорупција:** Низа на мерки кои се преземаат против поткупливоста.

**Неетичност:** Што не е во согласност со етиката, неморално.

**Социјален притисок:** Влијанието на средината врз поединецот.

**Демократија:** Општествено уредување каде што врховната моќ му е дадена на народот и се извршува непосредно преку него, или преку негови избрани претставници, во услови на слободен изборен систем.

**Избори:** Постапка со која се остварува и се обезбедува организирано учество на граѓаните, односно на избирачите во изборот на политички претставници.

**Референдум:** Гласање на граѓаните за решавање на некое особено важно прашање.

**Политички плурализам:** Принцип на општествено уредување врз основа на слободна дејност на повеќе политички партии; слободно, јавно изразување и застапување на различни мислења и ставови.

**Легитимитет на власта:** Власт одобрена од народот, законски одобрена власт.

# ГРАЃАНИНОТ И ЕВРОПА

- ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ЕУ)
- РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА



## ПРЕГЛЕД НА ТЕМАТА

По завршувањето на оваа тема ќе се оспособиш да:

- го опишеш создавањето, развојот на ЕУ;
- го објасниш функционирањето на ЕУ преку анализа на институциите на ЕУ и нивните надлежности;
- ги издвојуваш обврските и придобивките за економскиот и социјалниот развој на земјите – членки на ЕУ;
- ја опишуваш соработката меѓу РМ и ЕУ;
- идентификуваш дел од условите кои треба да се исполнуваат за прием во ЕУ;
- демонстрираш конкретни иницијативи на соработка меѓу младите од Македонија со младите од државите членки на ЕУ.

# TEMA 6





# ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Пред да разгледаме како работи Европската Унија, ајде да погледнеме кога и зошто е создадена.

## СОЗДАВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Идејата за обединета Европа била само сон на некои филозофи и визионери.

Пред да стане реалност, идејата за обединета Европа била само сон на некои филозофи и визионери. На пример, Виктор Иго сонувал за мирно соединување на европските држави. „Ќе дојде ден кога сите нации на овој континент ќе се здружат со повисок степен на единство и ќе создадат европско братство, без да ги загубат своите особености и својата славна индивидуалност. Ќе дојде ден кога умовите ќе ги бијат единствените битки на отворени пазари на идеи. Ќе дојде ден кога гласачките ливчиња ќе ги заменат куршумите и бомбите." Тој негов сон бил уништен од две ужасни војни коишто го уништија континентот во првата половина на дваесеттиот век.

Но, една нова надеж ќе се појави од урнатините на Втората светска војна. Војната завршила во 1945 година, Европа била во урнатини и околу 50 милиони луѓе загинале. Од 1945 до 1950 година, неколку храбри државници, меѓу кои Конрад Аденауер, Винстон Черчил, Алцид де Гаспери и Роберт Шуман, ја презеле задачата да ги убедат своите народи да влезат во нова ера. Нови структури, засновани врз заеднички интереси и договори коишто гарантираат владеење на правото и еднаквоста на сите земји, ќе бидат основани во Западна Европа. Роберт Шуман (министер за надворешни работи на Франција), ја презел идејата која

првично била изнесена од Жан Моне и ја предложил на 9 мај 1950 година. Бидејќи предлогот бил прифатен на **9 мај 1950 година**, овој ден се смета за роденден на Европската Унија, и секоја година се прославува како **„Ден на Европа"**.

Набргу по војната, во 1951 година, меѓусебно се поврзале шест држави, Франција, Западна Германија, Италија, Белгија, Холандија и Луксембург. Отпрвин оваа поврзаност била само економска. Така, на практичен и крајно симболичен начин, суровините за војна се претвориле во инструменти за помирување и мир. Овие земји го потпишале договорот со кој се основала **Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ)**. Ова било направено преку Договорот од Париз, кој е потпишан во април 1951 година.

Во минатото, во Европа започнале многу војни заради зголемување на своето богатство на штета на другите земји. Се дошло до идеја дека ова би се избегнало доколку земјите се договорат мирно околу економијата. Затоа, шесте земји членки одлучиле да изградат **Европска економска заедница (ЕЕЗ)**. Таа била основана со Договорот од Рим, 1957 година. Таа претставувала заеднички пазар на шест земји на кој се отстранети царините на голем број стоки и услуги.

Сепак, тоа било вовед во посилна интеграција, што подоцна довело до појава на Европската Унија. Европејците сфатиле дека економската соработка не е доволна и дека би било добро ако земјите се договорат и за други работи, за образование, за заедничко научно истражување, за заштита на животната средина и за многу други работи. Имено, државите сфатиле дека можат да постигнат повеќе ако се обединети заедно, отколку ако тие работат само за себе. Затоа, група од 12 држави ја создале **Европската Унија**. Во Мастрихт, во декември 1991 година, Европскиот совет, составен од претседатели и премиери, го усвоил Договорот, а во ноември 1993 година тој стапил на сила. Овој договор ја создадал Европската Унија.



На 9 мај 1950 година, францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман првпат јавно ги разоткри идеите што доведоа до Европската Унија.

Земјите членки добиваат пари од касата на ЕУ, но мора да ги почитуваат одлуките донесени од политичките институции на Унијата. На пример, ако Унијата утврди дека сите нови згради ќе треба да бидат изградени на таков начин што ќе користат многу малку енергија за греење, во сите земји-членки градителите ќе треба да го почитуваат ова. Членките веќе не може да одлучуваат за такви работи самостојно, не може, на пример, да одлучат дека зградите ќе продолжат да се градат како што било порано.

## СИМБОЛИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Симболите на Европската Унија се знамето, химната, Денот на Европа на 9 Мај и мотото „Обединети во различноста". Мотото е со цел да се потенцира интеграцијата на европските култури, традиции и еднаквоста на сите нејзини јазици. Основата за химната на ЕУ е Деветтата симфонија на Бетовен. Европското знаме има круг од дванаесет златни ѕвезди на сина позадина. Кругот, меѓу другото, е симбол на единство. Членовите на Унијата, исто така, треба да бидат обединети. Има дванаесет ѕвезди затоа што бројот 12 е број на хармонија.

Европската химна, европското знаме, европскиот модел на пасош, европскиот модел на возачки дозволи, претставуваат симболи за поддршка на заедничкиот европски идентитет, односно за заедничко чувство на припадност.

## ИНСТИТУЦИИ НА ЕУ

Што мислиш, дали ЕУ има свои институции?

Институциите на Унијата ги претставуваат сите земји. Многу од одлуките донесени од овие институции се корисни за сите земји-членки. Повеќето од политичарите кои ја водат Унијата работат во Брисел, кој е главен град на Белгија. Затоа, главните политички институции на Унијата се токму таму.

За да се биде европски граѓанин, не значи само да се прифатат вредностите врз коишто почива Унијата, туку и да се познава начинот на работа на истата, особено во поглед на донесувањето на одлуките. Во Европската Унија постојат најразлични институции и тела. Меѓутоа, само пет се дефинирани како институции и се сметаат за најважни. Тие се: Европскиот совет, Европскиот парламент, Советот на ЕУ (Советот на министри), Европската комисија и Европскиот суд на правдата. Секоја институција врши свои посебни функции, кои служат за меѓусебна соработка, но и за контрола и проверка на меѓусебното функционирање.

**1. Европски совет, највисокото тело на Европската Унија**

Европскиот совет е тело кое го сочинуваат претседатели на земјите и владите (претседатели или премиери) од сите земји-членки на ЕУ, како и претседателот на Европската комисија. Ова тело се состанува четири пати годишно, заради постигнување договор за глобалната политика на ЕУ и за разгледување на остварениот напредок. Советот е највисокото тело за донесување одлуки во Европската Унија, поради што неговите состаноци се нарекуваат „самити“.

**2. Европскиот парламент, гласот на луѓето**

Европскиот парламент е тело за кое гласаат граѓаните на Европската Унија и кое ги претставува интересите на граѓаните на Европската Унија. Тој ги надгледува активностите на ЕУ, и заедно со Советот, ги усвојува законите на ЕУ. Изборите за Европскиот парлемент се одр-




Откриј на кој начин Бетовен е поврзан со ЕУ



Стоките произведени во една земја на Унијата можат слободно да се продаваат во други земји во Европската Унија, а притоа да не се плаќа царина.

Создавањето на заедничкиот европски пазар ја наметна потребата од воведување на единствени пари, валутата евро.

Земјите-членки се согласиле дека во Унијата нови земји ќе бидат прифатени, доколку бидат демократски, добро регулирани и во кои ќе нема кршење на човековите права. Денес ЕУ има 27 земји-членки.

жуваат на секои пет години, а право да гласа има секој граѓанин на ЕУ којшто е регистриран како гласач.

Европскиот парламент има три седишта: Брисел, Луксембург и Стразбур.

Луксембург е дом на административните канцеларии, а состаноците на целиот парламент се одржуваат во Стразбур и во Брисел.

Европскиот парламент донесува правила што ги уредуваат животите на граѓаните на ЕУ. Овие правила се прописи, закони, регулативи. Покрај европратениците, тие мора да бидат прифатени и од министрите од земјите кои се членки на Унијата.

На пример: регулатива што е важна за европските земјоделци е донесена од европратениците, заедно со министрите кои се одговорни за земјоделството во одделни земји.



Европски парламент - овде може да се слушне гласот на европските граѓани

### 3. Советот на Европска унија, глас на земјите членки

Советот на Европската Унија, заедно со Европскиот парламент, е клучна институција при донесувањето одлуки во ЕУ. Претходно беше познат како Совет на министри, а кратко и едноставно се нарекува и Советот. Како што асоцира и името, во рамките на Советот, секоја земја-членка учествува со еден министер. Кој министер ќе учествува во работата и од која држава-членка, зависи од прашањата што се дискутираат на состанокот на министри (на пример, ако се дискутираат прашања за земјоделство, тогаш присуствуваат министрите за земјоделство).

Претседателството на Советот се менува на секои шест месеци, врз основа на ротација, односно секоја земја членка има можност шест месеци да биде претседавач.

Дали ЕУ има влада? Иако Унијата нема реална влада, некои од нејзините институции делуваат како влада.



Европски совет

Прочитајте, размислете и разговарајте!

Словенија има 8 европратеници, а Германија има 41 пати поголема популација и 99 европратеници. Од што зависи бројот на пратеници кој доаѓаат од одредена земја во Европскиот парламент?



ЕУ е лидер во борбата против климатските промени и во промовирање на одржлив развој



Со слободна конкуренција на телекомуникацискиот пазар, ЕУ дозволи драстичен пад на трошоците.

Кој е сегашниот претседател на Европската комисија?

### 4. Европската комисија, промотор на заедничкиот интерес

Комисијата е политички независна институција која ги застапува и ги промовира интересите на ЕУ како целина. Таа е водечка сила во институционалниот систем на ЕУ: дава предлози за европски регулативи, за кои потоа се расправа и се гласа во Парламентот. Откако ќе бидат усвоени, Комисијата гарантира дека тие ќе се спроведуваат.

Со Комисијата претседава нејзиниот претседател. Владите на земјите од Унијата прво се согласуваат за тоа кој ќе биде кандидат за претседател. Тој се избира за петгодишен мандат, што го потврдуваат мнозинството европратеници во Европскиот парламент. Секоја земја членка номинира еден член на Комисијата, еден комесар. Претседателот одлучува кои задачи ќе ги извршуваат комесарите. Еден комесар треба да се грижи за земјоделството, друг за науката, трет за индустријата и за бизнисот итн.

Европската комисија предлага законска регулатива, политики и програми за дејствување и е одговорна за спроведување на одлуките на Парламентот и на Советот. Европските правила регулираат многу работи коишто се важни за секојдневниот живот на европските граѓани. Ова вклучува, меѓу другото: со кои материи земјоделците не треба да ги оплодуваат и да ги прскаат полињата (бидејќи тие се штетни за здравјето); какви права имаат патниците на железницата и на авионите; какви информации треба да има на обвивките на храната што ја купуваме во продавниците; во кои случаи државјанин на една земја може да се лекува во болница од друга земја.

### 5. Европски суд на правдата: спроведување на законот

Судот на правдата на Европската Унија, со седиште во Луксембург, е составен од 28 судии (по еден судија од секоја земја членка). Судиите ги именуваат владите на земјите членки, но сите судии се независни и секој од нив има мандат од шест години. Главна задача на Судот на правдата е да обезбеди почитување на правото на ЕУ и праведно толкување и примена на договорите на Унијата. Овој суд не суди за лица кои ги кршат законите на територијата на една земја. Неговата работа е различна - може да се суди земја, политичар, институција или бизнис, кои ги прекршиле европските регулативи. Исто така, тој донесува пресуда и кога ќе се појави спор помеѓу две или повеќе земји членки.

**Еврото, заедничка валута**

Туристите и патниците од земјите од еврозоната немаат потешкотии при посетата на земјите коишто го користат еврото, бидејќи не мора да менуваат пари и да ги конвертираат цените во свои пари.

Еврото, исто така, се користи како службено средство за плаќање во некои земји коишто не се членки на ЕУ, имено Монако, Сан Марино, Андора и Ватикан, како и Косово и Црна Гора.

Судот на правдата гарантира дека се почитуваат европските закони. Судот, на пример, потврди дека е забранета дискриминација против хендикепирани работници. Судот на ЕУ решава и спорови помеѓу државите. Во отсуство на такво решение, споровите би можеле да станат опасни. Зошто?



## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Истражувајте за една од 5-те клучни институции на ЕУ и направете графички приказ на институцијата, нејзината функција и сл. Може да користите шеми, мисловни мапи, цртежи и сл.



# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Да се работи заедно значи и подобри резултати.

**Дали сте слушнале за фразата „Обидинети во различностите“?**

Ова е мотото на Европската Унија и ги претставува дел од вредностите на Унијата. Една основна вредност која ги обединува сите земји-членки е демократијата. Ова значи дека само демократски земји можат да бидат членки на Европската Унија. Другите вредности на Евроската Унија кои се заеднички за сите земји членки се: човековото достоинство, слободата, еднаквоста, владеењето на правото и почитување на човековите права, вклучувајќи ги и правата на луѓето кои припаѓаат на малцински групи.

Република Северна Македонија е земја-кандидат за членство во Европската Унија. Процесот на преговарање е инструмент што треба во нашата земја да донесе вистинска промена на општеството и земјата и со тоа да ги исполни потребите на граѓаните. За една земја да може да пристапи кон Унијата треба да исполнува одредени услови. За да помогне во постигнувањето на оваа цел, ЕУ обезбедува постојана поддршка и финансиска помош, така што земјата ќе може да ги преземе сите потребни реформи.

Вратите на Европската Унија се отворени за сите европски држави коишто ги исполнуваат демократските, политичките и економските критериуми за членство. Договорите за пристапување на нова земја-членка мора да бидат едногласно одобрени од страна на сите

земји-членки. Пред секое ново проширување ЕУ мора да го оцени својот капацитет за примање на нови членки, како и за способноста на нејзините институции да продолжат успешно да функционираат. Проширувањето на ЕУ ги зајакнува и ги стабилизира демократијата и безбедноста во Европа, особено во новите земји членки и значајно ги зголемува потенцијалите на континентот за економски раст и трговија.

**Критериуми за членство во ЕУ:**

Секоја европска земја може да аплицира во Европската Унија доколку ги почитува принципите на слобода, демократија, човековите права и основните слободи и владеењето на правото.

- Државата која претендира да стане членка треба да има стабилни институции кои ќе ги гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата;
- Да има функционална пазарна економија и капацитет за справување со притисок на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата;
- Способност за преземање на обврските коишто ги носи членството во ЕУ, вклучувајќи и поддршка за целите на Унијата;
- Јавна администрација која ќе биде способна да ги спроведува законите на ЕУ.

**Чекори на зачленување во ЕУ (со осврт на РС Македонија)**

- Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ;
- Апликација за членство и добивање на статус земја кандидат
- Р.С. Македонија во 2005 година се стекана со статус на земја кандидат за членство во Европската Унија
- Добивање на препорака за почеток на преговорите за членство во ЕУ
- Р.С. Македонија има добиено повеќе препораки за почеток на преговорите
- Преговори
- Поддршка од Европскиот парламент со апсолутно мнозинство;
- Партнерство во процесот на пристапување: помош од ЕУ за земјите кандидатки за да го достигнат економскиот развој на ЕУ
- Усвојување на предлог – преговарачката рамка од ЕК за нашата земја (јуни, 2020 година)



Секоја година, повеќе од 400.000 млади учат или вршат личен развој во други европски земји со поддршка на програмата „Еразмус +“ на ЕУ, програма за образование, обука, млади и спорт на ЕУ. Покрај тоа, „Еразмус +“ ги поддржува Европскиот корпус на солидарноста и Европскиот доброволен сервис.




ЕУ се грижи за животната средина.




Реновираниот поранешен ЕУ-инфо центар има цел да ги собере на едно место младите, да им помогне да разменуваат идеи и да ги поврзе со други луѓе за да создаваат нови можности за себе и за земјата.

Доколку РСМ стане членка на ЕУ, тогаш македонскиот турист, кој во земја членка на Унијата купува стока и ја транспортира до РСМ, на граница ќе нема царински давачки.

На младите им се овозможува полесен пристап до студии и до најразлични работни позиции низ Европа.

„Хоризонт 2020" помага добрите идеи да влезат на пазарот и да се отворат нови работни места.

**Какви предности имаме со влез во Европската Унија?**

Членството во Европската Унија е добро за нашата држава од многу причини. Добро е, на пример, за македонските компании. Ајде да го разгледаме ова. На пример, една македонска компанија, заради малата големина на РСМ има малку купувачи. Доколку оваа компанија би сакала да продава во Германија и се обиде, нејзиниот производ во германските продавници би бил прескап за купувачите. Цената поставена од македонската компанија би се зголемила за поголема сума, бидејќи има царина наплатена од германската држава за продажба на странски производ. Доколку Република Северна Македонија е во Унијата, ќе се избегне царината од продажбата на македонски производи во тамошните продавници. Македонија ќе може да извезува повеќе од своите стоки, а и странските компании, исто така, ќе бидат слободни да продаваат во Република Северна Македонија.

Секој македонски граѓанин ќе биде граѓанин на Европската Унија. Граѓаните на Македонија ќе можат да живеат и да бидат вработени во која било земја членка. Младите ќе можат да се едуцираат на универзитети во сите други земји на Унијата (секако, тие прво мора да го научат странскиот јазик). Без пасош или граничен премин, ќе можеме да патуваме во многу земји, како што се Италија, Австрија, Словенија, Унгарија и другите земји членки. Ако некој, на пример, завршил училиште во Германија, неговата диплома ќе важи и во Македонија, во Германија или во друга земја членка на Унијата. Бидејќи многу членки ги користат истите пари (еврото), не мора да се менуваат пари при посета на друга земја.

Ова се само дел од придобивките од влезот на нашата држава во ЕУ. ЕУ и Република Северна Македонија постојано соработуваат во одредени области како што се политичките и економските односи, трговијата и граѓанското општество. На патот кон нејзиното членство, Европската Унија обезбедува континуирана поддршка и финансиска помош за да ѝ помогне на земјата во неопходните реформи. РСМ има обрска за усогласување на законодавството со правото на ЕУ.

**Придобивки од членувањето во ЕУ**

- Мир и обединување на Европа;
- Слобода, безбедност и владеење на правото;
- Економска и социјална солидарност;

- Европски идентитет и прифаќање на различностите;
- Политика на добрососедски односи;
- Стабилни институции со интегритет во донесувањето на одлуки;
- Политики за иновации, развој и единствен европски пазар;
- Зачувување на животната средина и одржлив развој;
- Регионална помош, заедничка земјоделска политика, социјална димензија за исправање на нееднаквоста во европското општество;
- Економска и монетарна унија;
- Поквалитетно образование и здравствен систем и културен развој;
- Заедничка безбедносна и надворешна политика.

**Препораките на ЕУ помогнаа за да се дојде до:**

- почиста вода за пиење;
- многу помалку кисел дожд;
- бензин без олово;
- лесно и безбедно отстранување на старата електронска опрема;
- строги правила за безбедност на храна „од фарма до виљушка";
- повеќе органско и квалитетно земјоделство;
- поефективни здравствени предупредувања за цигарите;
- регистрација и контрола на сите хемикалии.




Со симболично предавање на клучот од објектот на студентите, претседателот на Европскиот парламент, Давид Сасоли, официјално го отвори „Euprope House", место, коешто, пред сѐ, е наменето за младите.

Македонија има пристап до милиони евра преку ИПА-фондовите или инструментот на ЕУ за претпристапна помош.

Парите ни се на располагање, со цел да ги подобриме, на пример, патиштата и да го намалиме отпадот или да ја развиеме економијата.

## ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ

**Активност 1:**

Дебатирај на темата - „ЗА“ влез во ЕУ или „ПРОТИВ“

- Наведете причини, аргументи и брани ја твојата заземена страна. Наведете зошто сте „ЗА“ или „ПРОТИВ“.
- Изберете еден од групата којшто ќе ги изнесе вашите заеднички ставови.

**Активност 1:**

Поврзи ја дадената надлежност со соодветната институција на ЕУ.

| | | |
|---|---|---|
| • Дава предлози за закони на ЕУ<br>• Ги одобрува законите на ЕУ<br>• Се состои од (само) еден претставник / член по земја на ЕУ<br>• Го избираат граѓаните на ЕУ | • Ги претставува интересите од граѓаните<br>• Ги претставува интересите од земјите на ЕУ /нивните влади<br>• Одлучува за толкување на законите на ЕУ<br>• Дефинира општа политичка насока на ЕУ<br>• Обезбедува почитување на правото на ЕУ | • Европскиот совет<br>• Европскиот парламнт<br>• Совет на ЕУ<br>• Европската комисија<br>• Европскиот суд за правда |

## АКТИВНОСТИ ЗА КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

**Активност 1:**

Напиши есеј на тема ЕУ и Р. С. Македонија врз основа на овие прашања:

- Каков би бил животот на македонските граѓани во РСМ кога би станала членка на Унијата?
- Кои би биле придобивките на младите од членството на РСМ во Унијата?

**Активност 2:**

Посете го европскиот портал за млади на дадениот линк **https://europa.eu/youth/EU_mk!** Откријте како Европската Унија ги поддржува младите, погледнете ги различните можности што ви се достапни на порталот. Истражете за новата иницијатива на ЕУ- „Европскиот солидарен корпус”.

Дали можеш подетално да објасниш какви можности отвара оваа иницијатива?

Кога можеш да се зачлениш во „Европскиот солидарен корпус”?

На кој начин е поврзан овој портал со социјалната одговорност за која зборувавме во претходните теми?

## ПОИМИ:

**Совет на Европа -** водечка организација за човекови права на континентот.

**Европскиот суд за човекови права** - највисокиот суд на ЕУ.

**Комитет на министри -** законско тело за одлучување на Советот на Европа.

**Европски парламент (Europarl или ЕП)** - парламентарно тело на Европската Унија.

**Интеграција -** спојување, составување, соединување.

## ПРАШАЊА ОД ТЕМАТА:

- Зошто развојот на заеднички идентитет на ЕУ е предизвик за Европа?
- Пронајди колкав процент на ученици во основно образование учат англиски, француски, германски како странски јазик.
- Опиши го создавањето на Унијата по хронолошки редослед .
- Напиши есеј на тема: Придобивките и обврските на РСМ од членството во ЕУ.
- Што треба да направи РСМ за да стане членка на ЕУ?
- Кој е твојот придонес за да може РСМ да пристапи во европското семејство?
- Кои се симболите на ЕУ?
- Објасни го процесот на пристапување за членство во Унијата.
- Какви можности и привилегии за студирање имаат студентите на универзитетите во рамките на Унијата?
- Кои надлежности ги имаат трите најважни институции на Унијата?
- Како се определува бројот на пратенците во Европскиот парламент?
- Зошто за Европската комисија се вели дека е „чувар на договорите"?

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Атанасов, П., Мултикултурализмот како теорија, политика и пракса, Скопје: Евро Балкан Пресс, 2003.
- A Handbook for Teachers, Cultural Heritage and Cultural Diversity Lessons, 2012.
- Бајалџиев, Д., Вовед во правото, Скопје: Академски печат, 2007.
- Божовиќ, С., Анастасовска. И., Учиме право, учебник за граѓански и политички слободи и права, Скопје: Младински образовен форум, 2015.
- Gomien, D., Краток водич низ Европската конвенција за човекови права (Short Guide To The European Convention Of Human Rights)", Македонска верзија, Совет на Европа, Стразбург, (1991).
- Граѓанско образование за IX одделение: прирачник за наставници, Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, 2019.
- Грир, С., Европска конвенција за човекови права, Скопје: Просветно дело, 2009.
- Додовски, И., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје: Фондација Институт Отворено Општество, 2005.
- EU institutions and other bodies, Достапно на: http://europa.eu/institutions/index_en.htm;3.
- Клековски, С., Кржаловски, А., Јаковлевска, А. Г., Општествена одговорност на Граѓаните, Македонски центар за меѓународна соработка, 2008.
- Lončarić-Jelačić, N., Ogrinšak, T., Основи на демократијата. Загреб,2010.
- Mary Gannon., Aoife Ruane-Kelly., Equality & diversity, The CDVEC Curriculum Development Unit, 2012.
- Петроска-Бешка, В., Најчевска, М., Николина, К., и др., Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ, 2009.
- Организација на обединетите нации (ООН). Универзалната декларација за човекови права, 1948, Достапно на: http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/.
- Information all eaflet for the citizens of the European Union. Достапно на: ed.www.europaforum.lu.
- Пачек-Баља, С.,Рогинек, Н., Стојичевич, и др.., Теорија на праведност, Скопје: Слово, 2002.

• Петрески, Владимир., Митревска, Тања., Маглешов, Васко., Ѓонеска, Билјана., Со критичко мислењедо разобличување на дезинформации: прирачник за неформално образование за медиумска писменост, Скопје: Фондација Метаморфозис, 2019.

• Стојановски, С., Граѓанско општество, Штип, 2018.

• Трајансовски, Ж., Чаусидис, Т., Беличанец, Р., Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници, Скопје,2013.

• Темков, К., Поповска, Б., Етика Учебник за II година, 2013.

• The European Union On-Line, Достапно на: http://europa.eu/index.htm.

• UN International Convention on the Elimination of All of Racial Discrimination, 1966.

• Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, 52/1991.

• Шопар, В., Теменугова, А., Аксентиевска, М., Медиумската писменост во Македонија, Скопје: Македонски институт за медиуми, 2010.

• Štefan, J., Priručnik aktivnih metoda za građanski odgoj i obrazovanje s primjerima dobre prakse, Zagreb: Hrvatski centar za dramski odgoj, 2017.

• Retrieved 2nd August 2012 from Collins Dictionary.com website: http://www.collinsdictionary.com/dictionary/english/civil-society.

• Човековите права како демократска вредност - Te drejtat e njeriut si vlere Demokratike, Фондација Фридрих Еберт, 2003.

• Џордан, Г., Ведон, К., Културна политика, Скопје: Темплум, 1999.

• Шкариќ, С., Силјановска–Давкова, Г., Уставно право, Скопје: Култура, 2009.

• Шопар, В., Теменугова, А., Аксентиевска, М., Медиумската писменост во Македонија, Скопје: Македонски институт за медиуми, 2010.

• Štefan, J., Priručnik aktivnih metoda za građanski odgoj i obrazovanje s primjerima dobre prakse, Zagreb: Hrvatski centar za dramski odgoj, 2017.






